БИБЛИОТЕКА
Инв. бр. ____________
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА
СО АРХЕОЛОГИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**ТЕМА:**

# СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ТВРДИНИ И ПАТНАТА МРЕЖА ВО СТРУМИЧКО (11 – 14.ВЕК)

**Ментор:**

**Проф. д-р Елица Манева**

**Изработил:**

**Душко Цветанов, број на досие 3650/09**

**Скопје, април 2012**

# Содржина

**Вовед :**......................................................................................................1

**I. Прва глава :** ***Струмица од 11 до 14. век***

1.1. Струмица за време на владеењето на Комнените во Византија (1081-1185)......................................................................................................8

1.2. Струмица во бурниот период на Балканот (1185-1261)......................13

1.3. Струмица за време владеењето на Палеолоите во Византија (1261-1331)......................................................................................................20

1.4. Струмица за време владеењето на српските и самосталните владетели до падот под османска власт (1332-1383)..............................................26

**II. Втора глава:** ***Духовната култура на Струмица од 11 до 14.век***......................................................................................................36

**III Третта глава:** ***Тврдини во Струмичко***

3.1. Основни обележија на тврдините од 11 до 14.век ..............................41

3.2. „Цареви Кули"- Струмица ......................................................................52

3.3. „Термица" – с.Банско............................................................................ 67

3.4. „Василица"- с.Костурино.........................................................................71

3.5. „Мацукион" – с.Мокриево.......................................................................74

3.6. „Палеокастро" – с.Велјуса.......................................................................78

## IV. Четврта глава: *Патна мрежа во струмичко*

4.1. Основни обележија средновековните патишта ..... 81

4.2. Патна траса Струмица – Сер ..... 87

4.3. Патна траса Струмица – Солун ..... 97

4.4. Патна траса Струмица - Штип – Скопје ..... 102

**V. Заклучок:** ..... 112

**VI. Литература :** ..... 119

**VII. Илустрации:** ..... 123

- Фотограгии
- Мапи

# *Вовед*

Многувековното опстојување на луѓето на просторот на градот Струмица и Струмичкиот регион оставило неизбришливи траги за бурното минато, за богатата култура, за долгата традиција и воопшто за идентитетот за населението кое живеело во питомата котлина меѓу планините Огражден, Беласица и Еленица. Токму тоа минато, таа култура и таа традиција во градот и регионот, што се лоцирани на природните премини кој ги поврзуваат северот и југот и истокот и западот од Балканскиот полуостров ќе бидат дел од овој труд. Едни од најзначајните патишта во средниот век ја пресекувале струмичката котлина, неодминлива попатна станица на патниците од Серез за Скопје, од Солун за Штип, не случајно низ Струмица поминува и „Царскиот Пат" од Константинопол за Скопје и цел централен и западен Балкан. Самата поставеност на Струмица, во центарот помеѓу триаголникот што го прават главните Централно балкански градови Солун, Серез и Скопје, воедно Струмица како најзначаен град во овој триаголник и овозможувале во полниот среден век да го изживее своето златно време, како регионален воено-адмистративен центар и седиште на доста значајна по ранг епископија. Историското и културното наследство на Струмичката епархија е драгоцен материјал на сеопштата Македонска културна историја како неодделен дел од Охридската архиепископија.

Питомата котлина богата со вода и бујна вегетација е неисцрплив извор на живот, плодните полиња и бројните пасишта по околните планини и овозможувале на Струмица по ништо да не заостанува од околните регионални центри. За населеноста, поволната клима и богатството на Струмичкото Поле, еден автор во 1921 година го запишал и следното: „Струмичката Котлина,

несомнено, е најпитомата, најплодната и, ако се земе во предвид релативно малиот простор, таа е, веројатно, и најгусто населената област во Македонија".

Струмичани неслучајно се гордееле со историјата на својот град и го нарекувале "Градот под Царевите Кули". Оваа знаменито и бележито место, заедно со Светите Петнаесет Тивериополски маченици, со Банско, со верските христијански комплекси Водоча и Вељуса го привлекуваат вниманието на разноразни домашни и странски истражувачи. Со големиот број на старини и врзаните за нив значајни историски настани, струмичкиот крај почнал уште од средината на 19.век да ги привлекува одделните истражувачи (историчари, слависти, географи и др.), меѓу таквите кои главно попатно се позабавиле со одделни прашања и од средновековната историја на градот Струмица и неговата област, биле Григорович, Рачки, Стојанов-Бурмов, Дринов, Соколов, Иречек и архимандритот Герасим. Почнувајќи пак од почетокот на 20.век бројот на интересантите за историското минато на струмичкиот крај уште повеќе се зголемил. Оттогаш со одделни прашања од средновековната историја почнале да се бават: Петит, Станоевиќ, Иванов, Милетич, Златарски, Андриевиќ, Ристиќ, Бонис, како и голем број историчари на уметноста. Како и научници и истражувачи од втората половина на 20.век како Д. Коцо, П Милковиќ Пепек, Б. Алексова, Ј. Ананиев, Е. Манева и др.

Освен монографијата на Манол Пандевски и Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, како и малата брошура за Струмица издадена од Константин Бонис, се единствени дела од кој добиваме само оскудни информации за Струмица во средниот век, односто поточно периодот кој треба да биде опфатен во овој магистерски труд, односно полниот среден век 11-14.век.

Струмица е доста слабо ахеолошки истражена и тоа неколку локалитети кој го опфаќат и периодот 11-14.век, меѓу кој локалитетите: „Орта Џамија"(Струмица); „св.Петнаеесет тивериополски маченици"(Струмица); „некрополата од комплексот Водочки цркви-св.Леонтиј" (с.Водоча); „Керамидарка" (с.Мокино); „св. Четириесет севастиски маченици" (с.Банско). Во кој што истражувања се сведени на некрополи и на сакрални објекти од средновековието, додека за населбинското живеење скоро и да немаме никакви податоци.

Со неодамнешните ископувања на локалитетот „Цареви Кули“ предводен од археологот м-р Зоран Рујак, постепено ја избиструваме сликата за Струмица низ историјата не само во средниот век туку и за постарите хоризонти на живеење на овој простор, имајќи ги во предвид податоците кој ги добивме со овие систематски истражувања како и достата движни наоди: почнувајќи од накит, оружје, орудија, луксузна византиска садова ќерамика, неколкуте остави на византиски и венециски монети, укажуваат на моќта и високиот степен на развиток на Струмица и како вистински беспрекорен лидер во Југоисточниот дел на Македонија во средновековието, која и до ден денешен го задржува овој примат.

Овој магистерски труд ќе биде едно надоврзување на она што е истражено досега на просторот што го зафаќа Струмица со околината, воедно една синтеза на историските извори кој ни се достапни за Струмичко, со резултатите од минималните археолошки ископување на овој доста голем простор и рекогносцирањата кој ги извршив во минативе години.

Насловот на темата „Средновековните тврдини и патната мрежа во Стррумичко (11-14.век)“, е голем предизвик за мене како млад археолог, тема која во себе ќе собере голем број на податоци кој порано помалку или повеќе биле ставени во конкретни ситуации, односно клучни настани кој биле поврзани со оваа поднебје. Опширноста на оваа тема како и бројните локалитети од овој период, како и долгиот временски период кој го спомнав, ме наведува да ги обработам само клучните патни артерии кој го пресекувале струмичкиот регион како и главните тврдини кој ги контролирале самите премини, иако во полниот среден век тие биле сведен на помал број во однос на тврдините кој опстојувале на овој простор во доцната антика. Главна цел на оваа мое истражување се самите археолошки локалитети од средниот век (11-14.век) во струмичко, дали се однесува на тврдини или остатоци од стари патни траси да ги внесам односно поврзам со конкретни историски збиднувања од тој период и на крај да ја воочам нивната функција која ја обавувале и нивното значање за самиот регион.

Брзиот развој на Струмица во полниот среден век е придонес за самата положба на котлината како неодминлива патна траса, богата со вода и плодното струмичко поле. Во овој вовед накратко ќе ги наведеме и основните податоци за географските особености на Струмичката околија.

Во средниот тек на реката Струмица, денешна притока на големата и добро позната река Стримон (Струма), се наоѓа расположена струмичката котлина. Основното јадро на денешната струмичка околија ја сочинуваат струмичката котлина која се простира помеѓу 22° 30' и 23° 00' источна географска должина и 41° 21' и 41° 40' северна географска широчина, таа се протега во општа насока запад, северозапад кон исток и југоисток. По средината на котлината тече р.Струмица ( во горниот тек - Стара река) чија должина од изворот до незјиното устие во р.Струма (денес на бугарска територија) изнесува околу 94км. Долината на реката Струмица всушност е составена од три меѓусебно поврани базени: радовишки, струмички и петрички. Според некој картографски податоци Струмичката котлина лежи на 239м над.-вис и зафаќа површина од 259км квадратни. Струмичката котлина е заградена од југ со планината Беласица чиј западен крај се надоврзува за планината Еленица а уште по на запад за Плауш Планина. На северозапад над радовишкиот базен се издига планината Плачковица а на север Огражден, чија насока е од северозапад кон југоисток. Конфигурацијата на сите овие планински венци е таква што на Струмичката котлина тие и даваат форма на огромен неправилен триаголник, благо наведнат кон исток, во која насока тече и самата река.

Струмичката Котлина на исток завршува под селото Кључ, Петричко, каде што планините Беласица и Огражден меѓу себе до толку се приближиле што формираат вистинска речна теснина. Токму тука се наоѓа и историскиот локалитет, Самоиловата тврдина, местото на познатата Беласичка битка од 1014 година. На северо-запад пак, расклоненијата од планините Огражден и Смрдеш, кај селото Покрајчево одвај забележливо ги раздвојуваат Струмичкото од Радовишкото Поле. Во Струмичката Котлина јасно се забележува нејзиното дно, кое изгледа сосема рамно, но тоа всушност е благо наведено кон исток. Дел од ова дно е зафатен од Моноспитовското блато, чија површина денес, е околу 400ха, просечната надморска височина на блатото е 210м.н.в., при што најниската точка се наоѓа на 202м.н.в., а највисоката на 240м.н.в. со извршените мелиоративни работи во втората половина на 20.век, блатото денес е во фаза на исчезнување. Котлинското дно е заградено од околните тераси (полиња) кои, тргнувајќи од подножјата на Беласица и Огражден, благо се спуштаат кон средишното котлинско дно. Кон исток ова дно постепено се стеснува и кај селото Ново Село, сосема исчезнува, ограничувајќи се, речиси, на

самото речно корито. Котлинското дно на Струмичката Котлина е составено од алувиални (наносни) и многу плодни почви, со плитки подземни води, додека околните тераси се од полесни и посуви почви.

Затворена од високите околни планински венци. Струмичката Котлина има доста влажна клима, со долги и жешки лета. Во климатски поглед таа во многу нешто е слична на котлините во Егејска Македонија (денес во границите на Грција), т.е. има одделни својства на изменета медитеранска клима. Егејското климатско влијание навлегува овде по долините на Струма и Струмица. Струмичката област претставува proродна, климатско-географска целина, еден микро регион во срцето на Македонија, со сите особини на медитеранска оаза во склоп на големите и високи планински области. Климата е влажна со долги и жешки лета со богата и бујна вегетација, единствено приограјденскиот појас, силно изложен на сончевата топлина, е сув, и особено во лето, личи на степски предел. Струмичката котлина од југ е заштитена со планината Беласица, која спречува дирекни температурни влијанија од Егејското Море, на исток е отворена по долините на реките Струмица и Струма, од каде во одредена мера се чувствуваат влијаниата од Медитеранот. Преку Радовишкото поле е отворена кон северозапад и од тука директно продираат континенталните воздушни струи, кои во зимата условуваат ниски  а во летата воскоки температури. Поради тоа Струмичката котлина ја вклучуваме во континентално-субмедитеранско подрачје на Македонија. Сепак овие податоци се базирани на современите климатски услови во ово регион, не можеме целосно да ги пресликаме во средновековието, имајќи ги во предвид големите климатски промени кој настануваат во целиот 20.век, како резултат најмногу на појавата на индустриското општество можеме со сигурност да тврдиме дека има драстични промени на климата од средновековието со денешните услови.

Струмичката котлина како питом и плоден регион богат со вода уште од најстари времиња овозможувала на нејзините жители поволни услови да се занимаваат примарно со земјоделство, сточарство, дрварство како и со одредени видови на занаети.

Струмичката котлина иако претставува зокружена целина, во неа сепак се издвојуваат неколку одредени региони со свои карактеристики, ова го нагласуваме бидејќи овие локални специфики природно влијаеле врз социо-економската, демографска и веројатно етничка структура на населението.

Струмичката област можеме да ја поделиме во четири региони кој се одликуваат со свои специфични особености.

Првиот, економски најбогат и најзначаен реон го зафаќа котлинското дно, струмичката рамница, испресечена со речните корита на Стара Река, Турија и Водочката Река. Овој реон е познат под името Полето. Големината на оваа рамница е таква што овозможила во неа да се формираат бројни, големи и богати селски населби. Полето е густо населено. Заедничка особина на сите нив им е, што тие се типично рамничарски села. Од интерес е да споменеме дека повеќето од овие села, особено помалите, во време на турското владеење, биле чифлички или мешани села чијашто земја била сопственост на одделни турски бегови или на богати струмички чорбации.

Втор реон, по населеност, економски потенцијал и по важност е таканаречениот Подгор (Подгорија). Него го сочинува една долга низа од села, сместени по самото подножје на Беласица, т. е. „под гората". Тие се наредени во насока од запад кон исток. Нивните обработливи површини, составени од ниви, градини и лозја се амфитеатрално расположени и се шират од подножјето на Беласица во насока на север врз крајпланинскиот појас, стигнувајќи сѐ до котлинското дно. Овој предел е богат со планински изворни води, со костенови и ореови шуми, и воопшто со богата вегетација. Овде се наоѓа и термалните извори кај селото Банско, овие извори биле познати уште од Антиката и биле користени во подолг период, за тоа сведочат римстата и турската терма. Селата се исто така близу едно до друго, што значи дека и Подгорот е густо населен. Со мали исклучоци, во турско време тие биле повеќе раетски (слободни) и получифлички, отколку чифлички села.

Селата, наредени во подножјето на Огражден, по своите природни и економски можности, малку им отстапуваат на подгорските села. Овој предел, кој го носи општото име К'рот (к'рски села), претставува трет реон од струмичкиот базен. Но, за разлика од Подгорот тој е далеку посув и безводен, и без она подгорско богатство на вегетацијата. Овој подограђденски појас постепено се спушта од подножјето кон котлинското дно, и е свртен кон Беласица. За одбележување е дека повеќето од оваа група села, сѐ до крајот на турското владеење во Македонија, биле турски села што го посведочуваат и самите имиња на некои од нив. Денес нивниот етнички лик е сосема изменет

поради тоа што турското население, главно, се иселило во Турција, а нивното место го зазеле Македонците.

Населението од сите села од спомнативе три струмички реони, живее главно од земјоделие, а помалку и од сточарство. Тоа е нивна општа карактеристика во поглед на занимањето и поминокот. Сите тие се плодородни села, со најразновидни селско-стопански производи.

Одделен реон претставува теренот на југ и запад од градот Струмица. Тој е, главно (околу Костурино и Попчево), испресечен со длабоки суводолини, но со доста богати шуми и пасишта. Целиот овој крај е пасивен, основни занимања, особено во минатото, биле сточарството и дрварството, а помалку и земјоделието. Населението овде се занимава и со производство на вар и дрвен ќумур. Со овој краток вовед добиваме една слика за географските особености како и за економскиот потенцијал кој го нуди овој микро регион сместен во југоисточниот дел на денешна Р.Македонија.

# Прва глава: *Струмица од 11 до 14. век*

## 1.1. Струмица за време на владеењето на Комнените во Византија (1081-1185)

Поголем дел на 11.век во политичка и стопанска смисла, Византија спровела темелна феудализација на овие простори, од друга страна црквата станала господар на бројните земјишни имоти. На сметка на тоа зајакнало ситното воено племство, пронијарите. Териториите што ги освоил Василиј од Владислав ги вклопил во новата голема тема (од рангот на Катепанат) наречена „Бугарија". Нов центар станал Скопје а Охрид црковен центар. Управникот на Скопје (стратег и автократор) бил воедно и управник на целата тема.[1] Поаѓајки од вестите на Теофилакт Охридски, доаѓаме до заклучок дека во воено-адмистративен поглед некој области од Катепанатот Бугарија биле разделени на повеќе помали теми, такви биле: Охридска, Солунска, Струмичка и др. Со тоа се укажува дека овој простор не се управувал од еден центар туку од повеќе. Таквите промени во воено-адмистративното уредување биле резултат од развитокот на феудализмот, чија последица било распаѓањето на дотогашниот тематски систем, како резултат на тоа старите теми го изгубиле своето значање.[2]

По конечниот слом на Самуиловата држава, за да се спречи да не дојде до повторно востание имераторот Василиј II решил на овој простор да ги урне тврдините како можни нови упоришта на востаниците. Во таа смисла имал

---

[1] И.Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија,* Скопје 1996, 47-48.
[2] Б.Панов, *Средновековна Македонија том 2,* Скопје1985, 409.

оставено само неколку клучни кастрони во кој биле разместени византиски воени посади, од историските извори дознаваме дек биле урнати тврдините во Охрид, Штип, Прилеп, Просек а голема е веројатноста и во Струмица.[3]

Византиската власт во рамките на Струмичката тема исто така била зацврстена и преку црквата, која сега била претворена во орудие на византиската држава. Струмичката епископија и во оваа време на византиско владеење продолжила да егзистира во рамкте на Охридската архиепископија. Струмичката епископија била удостоена со големи привилегии, имоти и зависно население (парици и клирици). Тоа се дознава од првата грамота на Василиј II за Охридската архиепископија во 1019 година со која тој ги загарантирал правата. Во тој период и епископ на Струмица бил удостоен да располага со самата Струмица, Радовиш и Конче, со 12 парици и 12 клирици а што самото по себе значи и со одреден број имоти.[4] На тој начин уште во почетокот на византиското владеење и во струмичкиот крај бил забрзан и процесот на растежот на црковно-манастирскиот крупен феудален земјопосед.

По смртта на Василиј II силата на Византија почнала нагло да паѓа, имало постојано дворски превртите и промена на императорите, како што ги наведовме и постојаните напади на Византија. Долгогодишниот мир и јакнењето на Византија бил привремено нарушуван со некои настани:

- Востанието на Петар Делјан во 1040 година син на Гаврило Радомир.
- Провалите на номадскиот народ Печенези од степите на Јужна Русија некаде во 1035 година, ја ограбиле цела Мезија до Солун на југ, Византииската војска успеела да ги порази и да ги расели околу Сердика (Софија,) Ниш и во Овче Поле, нови напади имало и во 1048 год.

- Хордите на Уздите во 1064 год. Предизвикале нови пустошења на Балканот.

- Во 1072 год егзархот Ѓорги Војтех со група првенци од Скопје кренал востание против византиската централна власт.

- За време на Алексиј I Комнин, норманскиот војвода Роберт Гуискард и ја одзел на Византија цела Јужна Италија и Сицилија и почнал да го освојува источниот брег на Јадранот. Во 1081 година го зазел градот Драч, поминува низ Епир и Македонија, а во1082 година Роберт ја предава командата на својот син

---

[3] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,47.
[4] Б.Панов, *Средновековна...*,492-493.

Бојемунд (кој што ги освојува градовите Охрид, Полозите и Скопје, Скопје го држел до 1088 а повторно ќе го освои во 1097 година).[5]

Во 1081 година во Констатинопол дошло до пресврт и на власт дошол имераторот Алексиј I Комнен(1081-1118), тој воедно ќе направи реорганизација на власта и повторно Византија ќе ја воведе по старите патеки. Фамилијата на Комнините била воена фамилија која што се издигнал во Византиските провинции кон крајот 10 и почетокот 11.век. Потеклото им бил од Кастамон во Северна Витанија во Мала Азија. Еден од нивните претставители на нивната фамилија веќе бил и крунисуван и пред самиот основач на династијата (Алексиј I Комнин) тоа е Исак Комнин. Тој период е доста тежок за самата Византија, таа од сите страни е под притисок и постојани напади и тоа: во Мала Азија Турците Сеџуци достигнале до родното место на Комнин во Витанија. Норманите во Јужна Италија и Сицилија се готвеле за истоваравуње на Албанското крајбрежје. Исто така ситуацијата не била нешто подобра кај Јадранот, во тој период почнала да се издигнува Венеција како и другите италијански градови Џенова и Пиза со што тие на голема врата почнале да ја навестуваат нивната голема трговкска и воена моќ. На север од Дунав биле Печенезите и Куманите кои освен што го напаѓале северниот лимес на Византија почнале да влегуваат и во антивизантиски сојуз. На Балканот укрепувала независноста на Зетското кралство и автономијата на Рашка.[6]

Положбата на имеријата била во толко лоша ситуација со што никој не верувал дека по доаѓањето на Алекси Комнин ќе се променат нештата кон подобро, но тој откако ќе ги направи првите чекори на консолидација на државата, постепено ќе почне да ги разбива обрачите околу империјата. Со Комнините империјата ќе ги изживее и последините векови на величието и славата на империјата со голема традиција.

Во сите овие немири во Византија, Струмица не останала надвор од овие случувања. Знаеме дека во 1096 година за време на владеењето на Алексиј I Комнин, крстоносците (норманските) вршат ограбувања во западниот дел на Македонија. Најверојатно тоа било и причина за никнување на цела мрежа тврдини низ Македонија.[7] Кон крајот на 11 и почетокот на 12.век се издигнала и

---

[5] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,49.
[6] Х.Матанов, *Средновековните Балкани – Исторически очерци*, София 2002, стр:155-169
[7] Б.Панов, *Средновековна Македонија том 3*, Скопје 1985, стр:497

средновоековна тврдина во Струмица и тоа за време на Комненовските цареви кој вршат реорганизицаја на војската и обнова на фортификационата мрежа во царството. Тогаш се појавуваат првите контури на денешните „Цареви Кули“. Се гради тврдината со сите свои придружни елементи: бедемите кои кружаат непрекинато околу целото плато, одбранбени кули, цистерни за вода, кули, објекти за живеење, конјушници, ковачниции, средновековна црква и др.[8]

Главните податоци за историјата на Струмица и Струмичко во дадениов период воглавно црпиме преку изворите поврани со „царскиот“ манастир св.Богородица Милостива, особено важни моменти од историјата на манастирот, како и за социјалната историја на Струмичко т.е. за имотите со кој се здобил светогорскиот манастир Ивирон во струмичкиот крај.

За тоа зборува еден обемен грчки текст од 1152 година, тоа е „Практикот“ на Велушкиот манастир, во кој освен што не запознава со сите манастирски земјишни поседи, ни дава податоци за некој личности од струмичката властела, како и самиот кесар на Струмичката тема, кого со право во историската наука го идентификуваат со јужноиталјанскиот (нормански) феудалец од втората половина на 12.век Јован Рогериј.[9] Најверојатно околу областа на Струмица во Источна Македонија му била доделена од византискиот император како апанажен посед, и во него кесарот имал свои луѓе (во вазален однос кој вршеле одговорни и важни задачи), тоа не било само по западните феудални принципи, поради норманското потекло на кесарот, туку најмногу според природните резултати од напредокот во самиот процес на феудализација во византиското царство.[10] Во тој ист практик се спомнува и Михаил Цанкицаки како државен службеник.

---

[8] З.Рујак, *На патот на предците*, Струмица 2008, стр:16-17

[9] За личноста на кесар Јован Рогериј постојат и извесни изворни податоци од византискиот историчар Јован Кинам, историчарите денес подетално го проучуваат неговиот живот и тој денес е добро позната личност на царскиот двор и со достапни податоци за неговата политичка кариера. Имено, византискиот историчар Ј.Кинам соопштува дека Ј.Рогериј дошол во Византија од Јужна Италија како нормански феудалец и дека се оженил со Марија, најстарата ќерка на Јован II Комнен поради што ја добил и титулата на кесарското достоинство. По смрта на императорот Јован (1143г.) него го наследил Мануил, Ј.Рогериј организирал заговор против него со 400 негови приврзаници-нормани, заговорот го открила неговата жена Марија и тој бил привремено затворен во предградието на Цариград, поминал кратко во затвор па потоа стекнал голем доверба кај новиот император Мануил. Се смета дека тој управувал не само со областа Струмица туку веројатно и над поголема територија во овој крај на Македонија., П.Милковиќ-Пепек, *Велјуса*......, стр:16

[10] П.Милковиќ-Пепек, *Велјуса*......, стр:55

Составувачот на практикот М. Цанкицаки[11] тука се спомнува ту како кесаров 'ανθροπος, ту како δούλος, што денес во историската наука представува јасни термини со кои се означува вазалниот однос, тоа значи дека Цанкицаки бил вазал во служба кај една угледна личност врзана со царската фамилија Комнени. Оваа личност навистина не се спомнува поименично во велјушкиот практик туку само како „кесар и сакан зет" на царот Мануил I, најверојатно се однесува на Ј. Рогериј кој единствено помеѓу зетовците на императорот бил титулиран со достоинството кесар.[12]

За време владеењето на Мануил I Комни (1143-1180) Византија повторно ќе го врати својот сјај и ќе биде главен и најмоќен фактор на Балканот. Со Мануил се прави последниот обид да се воздигне империјата и да се врати на старите патеки, тоа воедно се должи и на интензивната дипломатија со Западна Европа. Тој со задоволство ќе прими на служба западни рицари и земал учество на рицарски турнири, вакви турнири за првпат биле организирани во негово време во Константинопол. И двете му жени му биле западни принцези по потекло од видни аристократски фамилии. На еден начин се правел обид за зближување на византискиот имераторски двор кон западниот општествен модел. Имал планови за обединување на Византија и Унгарија под еден скиптар по смртта на Унгарскиот крал Гезер II во 1162 год. Тој се вовлекол во борбата за власт во Унгарија, својот план го оправдувал со роднинската врска со династијата Арпади (неговата мајка била ќерка на унгарскиот крал Ласло I (1074-1095). Добрата политика и воените успеси на Мануил Комнин ќе бидат помрачени по големиот пораз од страна на турците Сауџуци во Мала Азија во 1176 година кај Микриокефалон.[13]

Така еден сплет на внатрешни фактори, на преминот помеѓу двете столетија, довело до побрзо созревање и воспоставување на феудалниот поредок во византиските земји во 13.век. историјата на Струмичкиот регион извонредно се вклопува во сликата и всушност ги рефлектира првите видливи чекори на византискиот феудализам токму низ положбата со црковните имоти, со

[11] Иако тоа го сторил Јован Спанопул кој бил номик на Струмица, П.Милковиќ-Пепек, Велјуса..,54.
[12] П.Милковиќ-Пепек, *Велјуса*......, стр54
[13] Х.Матанов, *Средновековни*.....,160-167

селанството и секако со многу важниот податок за институциите апанажа и вазалитет во социјално-економските односи во царството.[14]

## 1.2. Струмица во бурниот период на Балканот (1185-1261)

Во периодот од 1185 до 1204 година Византија поминал низ патот на целосен слом. Дошло до одделување на периферните области населени со неромејско население и се создале нови држави Рашка (Србија), Бугарија, Босна а во планинските области „Алванон“ возникнало месно албанско кнежество.

По отстранувањето на Андроник I Кромни (1183-1185), последнијот владетел од Комнените, на власт дошла династијата на Ангели. Во тој бурен и динамичен период на Балканот покрај создавањето на нови држави во сржта на самата Византија, низ Балканот во тој период ќе поминат и крстоносците од третиот поход (1189-1190), кој што поход започнал поради големите успеси на египедскиод владател Салах-ад Дин (Саладин). Во овој поход учествуваат: англискиод крал Ричард III Лавовско срце, Францускиот крал Филип II Огујуст и германскиод крал Фридрих I Барбароса, тие упатувајки се кон Блискиот Исток поминуваа низ Балканот.[15] Движејки се по дијагоналниот пат Белград-Ниш-Софија-Пловдив-Одрин-Цариград, дел од трупите поради различни причини скршнувале од патот, таков е примерод со еден дел од германскиот рицарски крстоносен одред кој барајки храна за себе и за добитокот, се одделиле од главниот пат и навлегле во Македонија. Во Градец крстоносците убиле мнозина луѓе и запалиле неколку згради, меѓу кој и тамошната црква. Потоа претходницата на одредот тргнала напред и се спуштила во Влахија ( можеби во Струмската област) “богат предел што не бил многу оддалечен од Солун“. Патем минувајки преку една висока планина крстоносците биле нападнати од тамошните жители. Здружениот одред пред да ја напушти оваа територија, ги

[14] И.Стефоска, *Струмица и Струмичко во средниот век (6-14.век)*, Скопје 2007,стр: 120
[15] Х.Матанов, *Средновековни.....*,стр:184-185

уредила односите со тамошниот управник (жупан или сатрап) кој побарал мир за себе и а својата територија. Најверојатно во преговорите како партнер на германските рицарите се појавил лично Добромир Хрис, само Хрс имал власт во близина на Солун и единствено тој можел да се спогодува со крстоносците без да има согласност од цариградскиот двор.[16]

Кон крајот на 12.век власта во Тесалија, Атика, Пелопонез преминала во рацете на месните магнати (наречени во византиските извори Архонти), тие биле типични примери на земјина воена аристократија. Сепаратизмот се распространил уште и во Јужна и Централна Македонија како и во Родопската област. Редица велможи од грчко или бугарско потекло ги искористиле немирните времиња падот на императорската власт, и на тој начин изградиле сопствени територијални кнежества. Таков пример е со византискиот протостратор Мануел Камица, којшто дејствувал во сојуз со друг областен владател и негов роднина Добромир Хрис.[17]

Во времето кога Иван Асен I и Теодор Петар креваат востание во Трново 1185, истата година норманите преку албанското крајбрежје навлегуваат на Балканот и го освојуваат Солун.[18] Во тој динамичен и бурен период на Балканот во Македонија се појавува болјарод Добромир Хрис. За надворешноста и природата на Хриз, имаме само во забелешките на Хонијат. Тој споменува дека Хриз бил низок по раст и груб во манири, а во својот говор го нарекува "лесно променлив" и "камелеон",[19] поради неговата променливост и постојаната промена на страните де на бугарска де на византиска страна.

Првиод конкретен изворен податок во кој се спомнува Добромир Хрс се однесува за периодот 1197-1198 година. Никита Хонијат известува дека тогаш царот Алексиј III Ангел (1195-1203) се кренал да војува против овој одметник. Походот бил неуспешен и виантијските војски се вратила назад во Цариград.[20] Хонијат во оваа свое излагање тој не дава акцент на самиот поход туку краток вовед со кој ги наведува причините поради кој императорот Алексиј го

---

[16] Б.Панов, “Самостојни феудални владетели на Просек“: *Историја на македонскиод народ том I*, Скопје 1969, 179-180
[17] Х.Матанов, *Средновековни.....*,стр:166-168
[18] В.Златарски,*История ..., Том II*.,430-431
[19] В.Зларски, *История на българската държава през средните векове. Том III*, София 1940, стр:124
[20] ВИИНЈ,IV...,158.

превзема овој поход а тоа се постојаните упади и пустошења на Хрс врз селата во Серез.[21]

Според сведоштвата на Нихита Хонијад, Хрис се одметнал заедно со своите 500 луѓе и ја присвојува Струмица од каде подоцна го преместил средиштето на своето управување во Просек. Имаме податоци дека на тврдината во Просек во Демир Капија се вршени одредени интервенции со цел таа да се зацврсти, а најверојатно слични интервенции се вршени и на тврдината Цареви Кули. Хрис створил моќно самостојо кнежество кое се протегало до Пелагонија и Прилеп на запад. Во 1201 година Хрс заедно со својот роднина Мануил Камица чија ќерка ја добил за жена, ги прошириле своите територии на сметка на Византија стасувајќи се до Тесалија, таму Камица направил беуспешен обид да воспостави своја власт и да формира свое кнежество.[22] Ваквата ситуација на овој дел од Балканот не одела во полза ниту на Византија ниту пак на обновената Бугарска држава, од тие причини најверојатно дошло до приближување на Цариград и Трново т.е. склучување на еден вид мировен договор, со одредбите на во овој договор Византија требало да ја добие Струмица, а пак Бугарија Просек.[23] Земајќи ја во предвид положбата на која се простирало самостојното "кнежество" на Хрис во централниот дел на Балканскиот полуостров тој контролирал дел од важните патни комуникации, значи ја контролирал и трговијата што се одвивала преку него.[24] Со тоа најверојатно земал и добри приходи кој ја полнеле неговата каса.

Набргу потоа императорот Алексиј III презел воена операција против Камица и го принудил да се повлечи од Тесалија за да на враќање од овој поход во 1201 година според Никита Хонијад Струмица била заземена со измама од страна на Алексиј III и од тогаш целосно се губат трагите на Добромир Хрс едноставно исчезнува од историската сцена.[25] По владеењето на Хрис чии траги како што рековме се губат околу 1201 година на овие простори повторно била воспоставена византиска власт. Во исто време и бугарските воени сили се

[21] ВИИНЈ,IV...,233.
[22] Х.Матанов, *Средновековни*.....,стр:166; [22] В.Зларски, *История ...,. Том III*, 122-123
[23] ВИИНЈ,IV...,241.
[24] ВИИНЈ,IV...,167.
[25] В.Зларски, *История ...,. Том III*, стр:144; Б.Панов, "Самостојните .....,182

раздвижиле во пределите на оваа страна на византиската граница, за да во 1203 година во Просек била воспоставена бугарска власт.[26]

По освојувањето на Цариград од страна на крстоносците во 1204 година, со четвртиот крстоносен поход ќе дојде до создавање на повеќе држави на Балканот, кој меѓу себе ќе војуваат за прибирање на византиското наседедство. По падот на Цариград голем број на видни аристократски личност ќе се префрлат во Никеја и ќе го содадат Никејското царство на чело со Теодор Ласкарис (1204-1222), кое што ќе се бори за враќање на старите византиски територии одземани од латините. Во ист период ќе се создаде и Епирското десподство на чело со Михаил Комнен Дука (1205-1214), кое што деспoдство на еден начин исто така ќе ја има легитимноста и правото на византиското наследство исто како и Никејското Царство.[27]

По овие збиднувања Струмица најпрвин подпаднала под владеење на Бугарското Царство предводено од моќниот бугарски цар Калојан (1197-1207). Тоа најверојатно се случило во 1204 година по падот на Царирад, знаејќи дека по оваа збиднување сите локални владетели од опкружувањето на Византија како и ново дојдените западно европски рицари (латините) приграбувале од териториите на дезорганизираната и распарчена Византија. Како што спомнавме предходно дека со сигурност Калојан го освоил Просек во 1203 година, имајќи предвид дека оваа тврдина се наоѓа во непосредна близина на Струмица и гравитира околу неа, најверојатно Калојан во тој налет ја освојува и самата Струмица од страна на дезорганизираните византици.

По ови збиднувања Калојан превзема голема офанзива како што пишува и самиот Никифор Грегора „македонските и тракиските градови беа разорени до крај", самиот Калојан учествува и во опсадата на Солун, каде во необјасливи прилика умира.[28] Во 1207 година по смртта на бугарскиот цар Калојан т.е по неговото убиство од страна на незадоволните бољари, во борба за Трновскиод престол се појавиле повеќе претенденти, ќе дојде до реорганизација во Бугарија и до борби за превласт.

Во тој период на овие простори ќе се одметне просечкиот господар Стрес (1207-1214). Стрес е бугарски благородник, севастократор во периодот на 1211-

---

[26] Б.Панов, "Самостојните .....„ 182

[27] Ѓ.Острогорски, *Историја Византије*, Београд 1998, стр:396-407

[28] В.Зларски, *История ...,. Том III*, 268-269

1214 година по потекло е од династијата на асеновци роднина на царевите Иван, Петар и Калојан. Се смета дека е брат на Борил. Првите сведоштва за Стрес се поврзани со смртта на Калојан во 1207 година и качувањето на тронот на Борил. Стрес бега во Србија и бара политичко прибежиште во дворот на крал Стефан Немања. Се смета дека тој стравувал да не биде убиен од Борил како евентуален конкурент за тронот или навистина бил таков. Српскиот крал го прима на дворот и му дава војска со кој тој ќе завледее со делови од Македонија. Се укрепува во непристапната тврдина Просек крај реката Вардар. Неговите земји се простирале од реката Струма до Охрид а според некој мислења ги опфакале областите Девол и Костур.[29] За да опстане на политичката сцена Стрез имал превртлива политика тој постојано ги менувал своите привrзаници и сојузниц, тој се помирил со бугарскиод цар Борил, за да подоцна започнал да се подготвува за напад на Србија. Меѓутоа во текот на подготовките, во 1214 година бил убиен од заговорници, се претпоставува дека бил убиен од братот на српскиот жупан Сава, којшто пред самата смрт го посетил на Стрез со цел да го одвлече од престојниот напад на Србија, по неуспешниот обид тој најверојатно го отрул.[30]

Во тој период и Струмица била под власта на Добромир Стрес, имајќи предвид дека градот од 1204 година го зазема Калојан, кој овде сигурно воспоставил воено-адмистративни ограни. По смрта на Калојан и незаконското качување на тронот на Борил, Стрез му откажува послушност и се осамостојува во Просек и Струмица, знаејќи колку би можела да биде силата на Стрез да ги заземе овие речиси неосвоиливи тврдини, можеме да претпоставуваме дека Стрез ги придобил симпатиите на веќе поставените бугарски управители од страна на Калојан, и така се осамостоил бидејки излишно е да веруваме дека тој ги освоил овие тврдини. Струмица ќе биде под негова власт се до неговата смрт во 1214 година.

По смрта на Стрез поголем дел од неговите територии биле освоени од Латините од Солунското Кралство, кои во летото 1215 година се зацврстиле во Просек.[31] Голема е веројатноста дека и делови од Струмичката област влегле во составот на Солунското кралство или пак под власта на мелничкиот деспот

---

[29] В.Зларски, *История ...,. Том III,* стр:270-291

[30] П. Мутафчиев, Владетелите на Просек, „*Изток и Запад в европейското Средновековие Избрано*„ София 1993, стр 262-263

[31] П. Мутафчиев, Владетелите на Просек....,269; К.Аџиевски, Пелагонија....,132-133;

Алексиј Слав, знаејќи дека неговите територии претходно граничеле со оние на севастократот Стрез, а исто така земајќи ја во предвид и поврзаноста на Алексиј Слав со латинскиод цар Хенри I , односно како негов сојузник речиси цели осум години се до неговата смрт во 1216 година.

Алексиј Слав (1215-1230) бил по потекло од династијата асеновци внук на царевите Асен, Петар и Калојан. Братучед на Цар Борил и Севастократор Стрес. Првата негова резиденција била кај крепоста Цепина, денес кај селото Дорково во Родипите денешна Бугарија а после 1212 година ја преместил во крепоста Мелник. Тој владеел многу кратко и со Струмица, која подоца ќе биде заземана од Латинското Солунско Кралство. По смрта на Хенрик I моќта на неговото царство нагло ќе почне да опаѓа, за сметка на тоа ќе расте моќта на Епирското десподство кое со доаѓањето на Теодое I Анѓел (1214-1230) станало едно од најмоќните фактори на Балканот и во тој период еден од најголемите претенденти за обновување на Виантија. Теодор завладеал со делови од Македонија и го освоил Солун во 1224 година, со што му ставил формален крај на Солунското карлство.[32] Струмица најверојатно била освоена нешто порано пред освојувањето на Солун, имајќи го во предвид и освојувањето на Серез во 1221 година, кој заедно со Струмица во еден бран биле освоени. По проширувањето на Епирското десподство на Источниод дел на Македонија, биле освоени и териториите на Алексиј Слав, кој што потоа станал вазал на Теодор Анѓел.[33]

Епирското десподство ќе владее со Струмица се до 1230, т.е со битката кај Клокотница којашто се случува во истата година, со која Бугарија ги победила Епирските војски и на еден начин ја навестила нејзината хегамонија и апетите за проширување на својата територија на Балканот. По оваа битка голем дел од владенијата на Теодор вклучувајќи ги Просек и Струмица подпаднале под владеење на Иван Асен II (1218-1241).[34]

По смртта на Иван Асен доаѓа до нагол пад на Бугарија, неговите наследници ќе се покажат како слаби владетели и тоа Калиман и Михаил II Асен за време на нивното владеење територијата на Бугарија ќе биде десеткувана ќе изгубат големи територии. Како најмоќен фактор по смрта на

---

[32] Х.Матанов, *Средновековни.....*,228.
[33] А. Данчева-Василева, *България и латинската империя (1204-1261),* София 1985, 120-121.
[34] И.Божилов, Асеневци (1186-1460), София 1985, 77-92

Иван Асен на Балканот ќе се наметне Никејското царство на чело со Јован Дука Ватац (1222-1254), моќта на бугарската држава значително опаднала, за сметка на тоа Јован Ватац успеал значително да ги прошири своите владенија по долниот тек на реката Марица, во Родопското крајбрежје и во делови од Македонија, а под своја власт во 1246 година ја става и бившата престолнина на епирските владетели, градот Солун.[35]

Во летото 1246 одина искористувајќи ја смрта на бугарскиод цар Калиман Асен (1241-1246), никејците навлегле од југ по долината на реката Струма со што ги освоуваат Серез и Мелник, за околу три месеци тие успеале да освојат речиси се што освоиле бугарите по битката кај Клокотница. Под никејска власт паднале опширни територии во Тракија и областа меѓу Скопје, Прилеп и Пелагонија. Во ноември 1246 година новиот бугарски владетел Михаил II Асен (1246-1256) ги признал со договор никејските новоосвоени територии,[36] меѓу кои и градот Струмица која подпаднал под Никејска власт во истата 1246 година.

По смрта на Јован Ватац во 1254 година, Епир и Бугарија се обиделе да ги прошират своите територии на сметка на Никејското царство. Бугарите успеале да освојат делови од Тракија, Родопите и во Македонија источно од реката Вардар. Наследникот на Ватац, Теодор II Ласкарис (1254-1258) успеал за кратко време да ги поврати изгубените територии по смрта на Ватац. Во еден негов поход што го превзел за ослободување на Велес од страна на бугарите, Георги Акрополит ја спомнува и Струмица: по ослободувањето на Велес на враќање тој поминал низ Невстапол па низ струмичката тврдина, ги пресекол земјите на Мелник и одново се вратил во Серез.[37]

Во август 1258 година починал Теодор Ласкарис и на негово место дошол истакнатиот војсководец и аристократ Михаил VIII Палеолог (1259-1282). Тој и неговиод брат Јован Палеолог стоеле на чело на никејската војска во големата битка против антиникејската коалиција во летото 1259 година во Пелагонија. Битката се водела помеѓу Никеја и Епирската Држава која била подржана од латинските контингенти од Сицилија и Мореја. Битката завршила со голема победа на Никеја, со што влијаела на конечниот исход за наследникот на

---

[35] [35] Х.Матанов, *Средновековни...,252-253.*

[36] Х.Матанов, *Средновековни...,-253.*

[37] *Гръцки извори за Българската история VIII*, София 1972, 189

Византија.[38] Само две години по Пелагоноската битка, во месец јули 1261 година, Никејскиод војсководец Алексиј Стратигопул со минимални воени напори го освоил Цариград од Латините. Еден месец подоцна Михаил Палеолог свечено влегол во градот.[39] Струмица и Струмичко уште еднаш стануваат дел од адмистративно-управниот апарат, овој пат на реставрираната Византија.

## 1.3. Струмица за време владеењето на Палеолоите во Византија (1261-1331)

Се до конечната реставрација на Византиската империја во 1261 година од страна на императорот Михаил Палеолог, одтогаш Струмица ќе биде под византиска власт се до нејзиното превемање од српска страна во 1334 година, со што засекогаш завршуваат допирните точки на Византиската централна власт со Струмица.

Со обновата на византиското империја, Срумица не останала настрана во идните збиднувања на Балаканот, таа одигрува важна улога во идните српско византиски судири кон крајот на 13.век и почетокот на 14.век кога тврдината Цареви Кули заедно со тврдините во Просек и Мелник ја чинеле одбранбената линија кон Солун и Сер во Византија.

Имено по освојувањата на Србија насочени кон југ, Византија ќе биде потиснета до Велес односно на некоја средна линија која би ја пресечувала денешна Р.Македонија. Опасноста од север, навестена уште од нападите на Урош II Милутин (1281-1321) ги потикнала византијците да го зајакнат системот на одбрана за да го спречат српското напредување према југ кон Солун и Сер. Навлегувањето на српските војски било толку ненадејно и брзо со што византиците биле затечени неподготвени. Во 1282 година биле освоени Скопје и повеќе важни области во Македонија: Овче Поле, Горен и Долен

---

[38] ВИИНЈ, VI...,161.

[39] Ѓ.Острогорски, *Историја...*,421-422;

Полог, Злетово и Пијанец во Брегалничката област.[40] Кралот Милутин по втор пат од стапувањето на престолот, во зимата 1283 година превзел уште еден голем поход против Византијците, со намера да навлезе длабоко во византиската територија. Одкако Стримонската и Серската област биле опустошени, тие во почетокот на 1284 година стасале до границите на Света Гора и Егејското крајбрежје на Кавала.[41]

После големите освојувања и пљачкашки акции на Милутин, тој со војската се вратил на север, и во истата година ги запоседнал Поречието, Кичево и Дебар. Како реултат на походот на Милутин во 1284 година, српско-виантиската граница била повлечена многу појужно и се движела северно од Кроја-Охрид-Прилеп-Просек-Струмица..[42] Со тоа Србија постепено се наметнувала како првостепен фактор на Балканот, воедно уништувајќи ја хегемонијата која предходно ја имала Византија.

По овие големите загуби на Византија, таа решила да превземе голем поход против Србија. На чело на византиската војска застанал војсководецот Михаил Глава Тархонид, кој во песната на Мануил Фил „За подвизите на познатиот легендарен протостратор„ е опишан неговиот судир со Котаниц, од кој, тој успеал привремено да ги освои: Овче Поле, Моровизд, Скопје, Славица (Славиште), Пијанец, околноста на Стримон и плодородното место околу Струмица.[43]

Поради неуспешноста на походот на Глава во целина, Византија почнала да се подготвува за преговори со српскиот крал Милутин. Преговорите од страна на Византија ги водел познатиот политичар Теодор Метохит, кој што бил доста успешен преговарач. Тој во периодот помеѓу 1298-1299 година дури пет пати одел за Србија се додека не бил постигнат конечниот договор.[44] После речиси 15 години дошло до склучување на мир, фактички целиот овој период на српско-византиската граница во Македонија се водела „мала војна“ со постојани четнички напади околу Струмица и со повремени плачки до Кавала и Солун.[45]

Мирот бил постигнат во 1299 година, покрај неколкуте меѓусебни договори за размена на заробеници, бил склучен и брак помеѓу Милутин и

[40] *Историја Српског народа I*, Београд 1981, 439
[41] *Историја Српског...*,441
[42] ВИИНЈ VI...,106; Х.Матанов, *Средновековни...*,299.
[43] ВИИНЈ VI...,593-594; *Гръцки извори за Българската история X*, София 1980, 147.
[44] ВИИНЈ VI...,593-594.
[45] А.Атанасовски, *Македонија во XIV век*, Тетово 2009, 25.

шестогодишната ќерка на Андроник II Палеолог (1282-1322) Симонида, како мираз Андроник II на Милутин му ги признал претходно освоените територии. Правецот на движење на српско-виантиската границата која претходно ја наведовме не се променила се до 1327 година а Милутин останал верен на својот дедо Андроник се до неовата смрт во 1321 година.[46] По сите овие превирања во преодниот период помеѓу овие две столетија Струмица и понатаму останала дел од Византија.

По смрта на Милутин започнале династички борби за српскиот престол, битката ја идвојувал неговиот најстар син Стефан Дечански (1321-1331). Првите шест години од владеењето на Стефан дечански се совпаднале со времето на „војната помеѓу двајцата Андроници" во Византија. Борбата за тронот била водена помеѓу Андроник II и неговиот внук Андроник III (1325-1341). Пред почетокот на граѓанската војна треба да се истакне фактот дека Тракија и деловите од Македонија биле единствените провинции од каде парите директно се слевале во државната каса. Населението било воведено во очајна состојба поради зголемувањето на даноците што ги вовел Андроник II. Поради тие причини тамошното население не му било наклонето на стариот цар, тоа воглавно му одело во полза на младиот Андроник III.[47] Српскиот крал бил приврзаник со стариот Андроник и застанал на негова страна за време на конфликтот. Нивните врски посебно се засилиле кога по смртта на сопругата на Стефан Дечански тој повторно се оженил со внуката на царевиот советник Теодор Метохит, византиската принцеза Марија.

Во овој период значајно е да се спомни и обидот на паниперсевасот Јован Палеолог намесник на Солун кој се обидел да ја искористи граѓанската војна и да се осамостои и одметне од стариот цар. Тој ги уништил областите дури до Сримон и Серез.[48] Интересно е да се наведе дека Јован Палеолог бил зет на Теодор Метохит, бил оженет со неговата ќерка Ирина, а додека принцезата Марија била нивна ќерка. Во овој обид тој бил подржан од двајцата синови на Теодор Метохит, односно браќата на Ирина и тоа Димитрија Анѓел кој што бил гувернер на Струмица и Михаил Ласкарис кој бил гувернер на Мелник.[49]

---

[46] А.Атанасовски, *Македонија...,26; Ѓ.Острогорски ,Историја...,457; Историја српског народа I...,*447
[47] Ѓ.Острогорски., *Историја...*,466
[48] Историја Српског...,502;
[49] А.Атанасовски, *Македонија...*38-39*;*

За да ги прекине непријателските акции на Јован Палеолог, Андроник II му испратил пратенииштво кој му ги носеле знаците за кесарско достоинство. Јован се согласил но набргу починал, а неговата вдовица Ирина останала во Скопје. Андроник II бил принуден пролета 1326 година да испрати пратенишво во Србија на чело со Никифор Грегора, кое успеало да ја врати кесарицата Ирина во Цариград. Опширниот извештај од оваа мисија на Никифор Грегора е сочуван во форма на писмо упатено до неговиот пријател Андроник Зарида. Во оваа мисија Грегора поминал низ Струмица и дал добри описи за самата, кој за нас се од исклучиво значање и ни даваат слика за секодневниот живот во гратчето Струмица како го нарекува и самиот Грегора. Тој дошол преку Серез односно преку реката Струма и поминале по источниот главен пат на Струмица кој уште бил и наречен “Серски пат“, за тоа ќе се задржиме во наредната тема кога ќе стане збор за струмичкаа патна мрежа.

Откако Грегора стигнал во Струмица, за која вели: *Следното утро по цел ден одење стигнавме во едно градче* (πολιχνιον) , *над облаците, што се вели, Струмица (*Στρουμιτζαν*), така некако наречено од месното население, сместено на една откината и ѓаволски висока планина. Така што тие што седеа на тврдината, гледани од долината, прилегаа на птици...*[50] Освен податоците што Грегора ги дава за градчето Струмица, тој воопшто не го спомнува гувернерот на самото градче Димитрија Анѓел, од што можеме да претпоставуваме дека тој меѓувремено бил сменет од таа функција.

Во Струмица Грегора го прославил и Велигден, меѓудругото тој со потсмев зборува за месното население т.е. за словенското население што живеело во самото гратче, за кое вели: *„секое образование било бесмислено како што било и ритамот и мелодијата на музиката на светата богослужба“.*[51] По завршувањето на официјалната црковна свеченост и литургија, Григора од бедемите на тврдината (денес Цареви Кули) го набљудувал, она што се случувало на празникот како и најразновидните игри на младите и на оние кој веќе не биле млади. Покај другото тој зборува дека нивниот јазик кој е варварски, а нивните обичаи одговарале на луѓе што се служат со мотики.

Во самата граѓанска војна во Византија помеѓу двајцата Андроници, зеле учество и србите кој воедно го подржувале стариот Андроник II, му била

[50] ВИИНЈ VI...,621;
[51] ВИИНЈ VI...,624;

испратена српска војска на помош на чело со извесниот господар Хреља. Неговото учество не влјаела многу на конечниот изход од војната. Во 1327 година младиот Андроник III успеал да влезе во Солун и да завладее со градот.

Андроник III за кратко време успеал да освои поголема територија од Тракија и Македонија, но исто така некој градови од Македонија пристапиле доброволно на негова страна, меѓу кој биле: Воден, Костур и Охрид. Додека српските војски со дел од војската на стариот цар останале опколени во Серез,[52] немајќи излез десетици аристократи приврзаници на стариот цар побарале прибежиште на српскиот двор, додека српскиот крал Стефан Дечански им понудил неколку можности, тие избрале да останат распоредени во градовите Прилеп, Просек и Струмица, имајќи предвид дека овие градови биле доста добро утврдени и таму можеле безбедно да го сочекат крајот од војната.[53]

После сите овие успеси на младиот цар Андроник III, се вратил во Солун, од каде се упатил со војска да ја освои Струмица, имајќи ги во предвит и претходните негови освојувања на Просек и Прилеп. Во март 1328 година се појавил пред ѕидините на Струмица, поради нејзината добра утврденост и непристапност тој неуспеал да ја освои. Меѓу другото сакал да го убеди населението на самиот град да му се предаде, но неуспеал во таа намера. Граѓаните тврделе дека ќе го држат градот додека не заврши меѓусебната војна на царевите.[54] Од Струмица по неуспешниот обид за освојување на градот тој се упатил во Мелник па за Солун, истата година во месец мај успева да влезе во Цариград, со што младиот Андроник ја превзема целата власт во Византија.

На повидок била експанзијата на српската држава, имајќи го во предвид сето тоа Андроник III со бугарскиот цар Михаил III Шишман (1323-1330) склучиле сојуз за заеднички акции проти Србија, со цел да застанат на патот на нејзината експанзиј. Било договорено во летот 1330 година да превземат заедничка акција против Србија, Византија да нападне од југ а додека Бугарија од исток. Стефан Дечански крај Велбужд 1330 година најпрвин се судрил со бугарскиот цар Михаил и катастрофално го поразил.[55] Византискиот цар одкако ја слушнал таа вест поставил гарнизони во неколку новоосвоени територии и се погрижил за одбраната на другите погранични градови помеѓу Србија и Византија, меѓу кој

[52] ВИИНЈ VI...,328-329;
[53] ВИИНЈ VI...,323-333;
[54] ВИИНЈ VI...,333-334;
[55] ВИИНЈ VI...,207-213;

бил и градот Струмица како пограничен град, во кој тој најверојатно престојувал во тој период, по таа вест тој ги повлекол своите војски од Струмица и се упатил кон Тракија.[56] По овие големи подвизи на Србија, се навестувала нејзината хегемонија на Балканот како првостепена сила.

Во 1331 година во Србија дошло до внатрешни превирти, кралот Стефан Дечански бил симната од тронот од страна на својот син Стефан Душан (1331-1355) кој бил доста амбициозен и имал намери за ширење на српската држава на југ за сметка на Византиската територија. По доаѓањето на власт на Стефан Душан, тој го насочил вниманието кон византиските владеења на југоисток, во 1332 година српските војски ја опустошиле Источна и Југоисточна Македонија до течанието на р.Струма и ја освоил без војна важната тврдина Струмица и некој помали околни тврдини.[57] Српската инвазија била доста подпомогната од византискиот военоначалник со куанско потекло Сиргиан, кој застанал на нивна страна, тој меѓу другото добро го познавал византискиот систем од тврдини во Македонија, како и дел од нивните управители.[58] Пред освојувањето на Струмица од страна на србите, таа била во еден вид опсадна состојба за тоа укажува и фактот дека имотите на српскиот војсководец Хреља се наоѓале во планините Беласица и Огражден, така што и Струмичкото поле било под негова контрола. Најверојатно постоел еден коридор по долниот тек на Вардар кој го сврзувал градот со останатите византиски територии. Овој коридор во 1330 година во времето на офанзивата на Андроник III бил уништен.[59] Најверојатно голема улога во овој освојувачки поход на Душан имал и Хреља, кој доста помагал во освојувањето на градовите.

Во овие бурни години во почетокот на 14.век, можеме со сигурност да кажеме дека и Струмица одиграла важна улога како во граѓанската војна помеѓу Андрониците, така и во српско-византиските војни. Струмица во 14.век како досто добро утврдена тврдина, како и нејзината значајна положба имајќи ја во предвид дека низ неа поминуват коридорни патишта кој ги спојуват јужните со Средно Балканските предели, можеме да претпоставуваме за нејзиното значење на овој дел од Балканот. Во почетокот на 14.век Струмица била и еден период,

---

[56] Х.Матанов, *Средновековните....*,305;

[57] А.Атанасовски, *Македонија...*,45-46 ; Историја српског народа I…,513; Х.Матанов, *Югозападните български земи през XIV век,* София 1986, 14.

[58] Х.Матанов, *Средновековните...*,355;

[59] Н.Овчаров, *История археология на Вардарска Македония през XIV в.*, София 1996, 96.

како што рековме претходно дел од византиско-српската граница, формирајќи го лимесот кој водел од Кроја-Охрид-Прилеп-Просек-Струмица-Мелник, знаејќи дека помеѓу овие централни тврдини постоеле помали тврдини или набљудувачки кули.

Поширокиот систем на одбрана покрај тврдината Струмица (Цареви Кули) ја сочинувале и неколку тврдини и попатни набљудителни кули во соседството. Покрај тврдината Цареви Кули во системот на одбраната во овој дел се наоѓала и тврдината Просек во Демир Капија на запад и Мелник на исток. Едната го бранела правецот кој водел долж долината на реката Вардар а другата долж долината на реката Струма. Помеѓу овие две значајни тврдини се наоѓала тврдината Цареви Кули а измеѓу нив тврдините во Петрич и набљудителните кули во Коларево, Мокриево (Пирг кула) на исток и Валандово (Марково куле) на запад.[60]

1.4. Струмица за време владеењето на српските и самосталните владетели до падот под османска власт (1332-1383.г)

По оваа прва успешна офанзива на Стефан Душан на југ, византиско-српската граница во 1334 одина била спуштена јужно од Леш-Пилот-Охрид-Струмица-Мелник и излегува на р.Струма. Мирот помеѓу Византија и Србија бил скучен близу Солун 26 август 1334 година.[61]

Неколку години по паѓањето на Струмица под српска власт, при крајот на триесетите години на 14.век, во Струмица ќе се осамостои, односно оваа област ќе биде управувана од самостојниот феудалец протосевастот Хрељо познат во српската епска поезија како “Рељა Крилатица” . Во историските извори Хреља се посочува како прв предзнак за распаѓањето на Душановото кралство.

Првпат се споменува во 1328 година го споменуват Н. Грегора и Ј. Катакузин, како војсководач на српската војска која што требала да му помогне

---

[60] З.Рујак, *На патот на предците*, Струмица 2008, стр:18-19
[61] А.Атанасовски, *Македонија...*,47;

на Андроник II во борбата против внукот Андроник III, тој управувал со одред од 12 тагми испратена од српскиот цар Стефан Дечански, но војската не зела воена акција. Настојувал да се зближе со Византија и учествувал на византиско-српскиот договор во Сер во 1328 година, додека бил во служба на кралот Стефан Душан, исто така учествувал и на состанокот во Радовиште (Радовиш) во 1336 година помеѓу Андроник III и Душан.[62] Ова се дел од сознанијата што ги имаме за него пред да се одметне од српскиот крал.

Тој поседувал огромна територија околу Штип и на исток од градот, ова се најверојатно неговите најстари поседи кои ги имал уште од времето на Стефан Дечански, кон кој во почетокот на триесетите години на 14.век биле присоединети и области до Струмица. Во 1334-1335 година ја обновува црквата на Рилскиот манастир и со сопсвени средства ја изградил кулата на која пишува дека до средината на триесетите години сеуште ја признавал српската власт. Во духот на тогашната епоха тој богато го дарувал светогорскиот манастир Хиландат со имоти од струмичкото поле. Тој имал голема самосталност и слобода. Не е познато неговото потекло или бил Србин или некој локалец од Македонија. Неговото владеење ги опфакало градовите Штип, Струмица, Мелник и Стоб на тромеѓието помеѓу Византија, Србија и Бугарија, на овие простори тој го изградил Рилскиот и манастирот св. Архангел во Штип.

Според Христо Матанов кој смета дека во самиот крај на триесетите години, веројатно одушевен од успешните походи на Андроник III во Тесалија, Албанија, Хрељa ги раскинал врските со српскиот крал и започнал самостојно да управува со престолнина во Струмица. Но со сигурност се знае дека тој се одметнал од Душан пред 1341 година. Тој имал превртлива политика и постојано ја менувал страната, де на византиска де на српска страна. Хрељо ги раскинал своите врски со српскиот крал и почнува самостојно да управува со своето кнежевство како што рековме предходно со резиденција во Струмица, најверојатно формално ја признава врховната власт на Византија.

Во почетокот на 40-те години експлодирала граѓанска војна во империјата, тогаш уште повеќе зголемил угледот и значањето на феудалецот од Источна Македонија, бидејќи му овозможува да лавира меѓу ривалските групи. Во потрага по сојузници групата на Јован Кантакузин (1347-1354), и групата на

---

[62] А.Атанасовски, *Македонија...*,105:

Алекс Апокавк и Ана Савојска се свртуваат кон Хрељо. Последниот сметал за профитабилно да се приклучи на Кантакузин. Во замена за тоа го добил како награда град Мелник и титулата "протосеваст".[63]

Економската самостојност на овој феудалец, која му дозволуваат да има сопствени воени сили, пограничната положба на неговата област која на југ, југоисток и североисток граничи византиските и границите на бугарската држава, кој создаваат поволни можности за неговата политичка самостојност. Потребни биле само соодветните услови за да можат тие да се претворат во реалност.

Според Христо Матанов кој смета дека бил убиен од луѓе на Стефан Душан, откако малко пред тоа се замонашил под името Харитон и бил погребан во изградената црква од него на Рилскиот манастир. Годината на смртта е забележена 1342 година 12 декември , пред да се замонаши ја добил титулата „кесар“, најверојатно од Јован Кантакузин. По смртта на Хреља, Србија ги зазема неговите градови, што значи дека не ги предал на Душан.[64] По превземањето на поседите на Хреља околу средниот тек на Стримон заедно со Струмица и Мелник, истата година пролетта 1343 година Стефан Душан токму во Струмица го примал Јован Кантакузин, според Григора логорите на Душан тогаш се наоѓале во краевите зад Струмица, во која доаѓајќи од исток стасал Кантакузин. Во овој опис на Грегора Струмица ја означува со терминот град, велејќи дека Кантакузин одел се до градот Струмица,[65] тој најверојатно одел по „Серскиот Пат“ кој од Серез преку Струмица, Радовиш и Штип одел за Скопје. Веројатно тогаш во тој период настанала и Душановата повелба за манастирот Хиландар, во која се наведува дека имотите на властелинот Рудл се подаруваат на манастирот. Секако, овој Рудл, по покалуѓерувањето на Хреља чиј крупен феудалец и бил, управувал за кратко време со градот Струмица, се до доаѓањето на Душана. По конечното вклучување на Струмица и нејзината околија во српската држава, како нејзин царски намесник (управник) се споменува српскиот феудалец „кефалија Дабижив", кој веројатно на оваа должност бил поставен од самиот Душан.[66] Што станало со него подоцна, не е

[63] Х.Матанов, *Югозападните...*,32.
[64] Х.Матанов, *Югозападните...*,33; А.Атанасовски, *Македонија...*,110-111;

[65] ВИИНЈ VI...,224.
[66] Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица...*,76.

познато, по овие превирања Струмица ќе продолжи да биде дел од Српска власт се до смртта на Цар Душан во 1355 година.

По оваа година односно по распаѓањето на српската држава доаѓа до реорганизација и до отцепување на поголем број на феудалци кој претходно биле потчинети на српската круна, меѓу кој ќе бидат и браќата Волкашин и Углеша кој управувале со делови од Македонија. По смртта на цар Душан, неговата жена царицата Елена се отцепила од централната власт и почнала самостојно да владее, царицата во познатиот пасус за распадот на српското царство, Јован Кантакузин ивестува дека вдовицата на Стефан Душан и сестра на бугарскиот цар Иван-Александар - Елена, по 1355 година потчинела под нејзина власта многу земји и градови и не земала активно учество во борбата за српскиот престол помеѓу цар Урош и крал Симеон Урош. Други современи извори делумно потврдуваат делумно ги демантираа овие информации. Царицата Елена се замонашила веднаш по смртта на Стефан Душан и од причини кои не се целосно јасни, се повлекува во Сер, додека задржува владетелски права на познати имот во Зета.[67] Таа во Сер управувала близу 10 години. Околу 1360-1361 година Серската држава целосно се отцепува од Србија и е самостојна. Елена во внатрешното уредување ги следи византиските институции, по примерот на Цариград бил воведен и сенат.[68] Најверојатно и Струмица подоцна станала дел од Серската држава на Елена, знаејќи со сигурнос дека Струмица била северната граница на Серската држава за време на наследникот на Елена деспотот Јован Углеша.

Серската држава на чело со царицата Елена ќе постои до 1365 година, кога самата царица ќе биде отстранета од кралот Волкашин и деспотот Јован Углеша. Есента 1365 година како владетел на Серската држава се издига деспотот Јован Углеша.[69] Границите на територијата, која од есента 1365 година потпаѓа под власта на новиот серски владетел деспот Јован Углеша, можат релативно прецизно да се одредат. Северната граница може со сигурност да се повлече по линијата Струмица - Мелник, но најверојатно деспот Углеша владее и на север по течението на реката Струма и на северозапад по течението на реката Струмица. На североисток владениата му се потпира до границите на

---

[67] Х.Матанов, *Югозападните...*,63.
[68] А.Атанасовски, *Македонија...*,150-154.
[69] Ѓ. Острогорски . *Серска област после Душанове смрти*, Београд 1965, 84

бугарската држава, а на северозапад до земјите на севастократор Владко Паскачич.[70] Деспот Јован Углеша всушност е помладиот брат на Волкашин, првите дирекни податоци за неговото присуство во пределите на Југоисточна Македонија е неговата „простагма“ од октомври 1358 година. Во крајот на 50те и почетокот на 60те години бил намесник во областа Прунеа на југ од Пангеј (Кушница), тој бил зет на драмскиот кефалија кесарот Војхна.

Првата половина на 14.век била исполнета со постојани судири помеѓу Бугарија, Србија и Византија. Во тие судири, а најмногу во граѓанските војни во Византија биле користени помошни одреди од Мала Азија, пред се турци-османлии. Во 1352 година турците ја завземат тврдината Цимпе на Галиополскиот полуостров, на тој начин тие создале мост за европскиот континент, од каде во иднина ќе ги превземат плачкашките походи кон Македонија и Тракија. Во 1365 година во Одрин била пренесана и престолнината на османлиските султани.[71]

Деспотството на Јован Углеша речиси граничело со турските поседи и било честа мета на нивните упади. Воочувајќи ја големата опасност од Турците, браќата Волкашин и Углеша превземаат поход против нив. Главната битка се одиграла на реката Марица близу до селото Черномен (денес Орменио во Грција) на 26. септември 1371 година помеѓу Отоманската војска предводена од Лала Шахин Паша и војската на Волкашин Мрњавчевиќ и неговиот брат деспотот Јован Углеша. Во оваа битка турците ќе издвојуваат голема победа, а двајцата браќа ќе бидат убиени.

По Маричката битка и конечниот колапс на владеението на Углеша, Мануел Палеолог тогашниот управителот на Солун од 1369 година и син на императоротот Јован V Палеолог (1341-1391) го зазел градот Сер на 10 ноември 1371 година, престолнината на Углеша и проникнал до р.Струмица,[72] ја освоил и самата Струмица, но незнаеме дали тоа се случило во тој негов прв налет или нешто подоцна

Овие нови раздвижувања и промени на нови владетели придонело да се појави и Кнежевството на феудалниот род Драгаши (Дејанови), во источна и североисточна Македонија, тие се појавуваат во почетокот на 70-тите години

---

[70] Х.Матанов, *Југозападните...*,85.
[71] А.Атанасовски, *Македонија...*,185-189.
[72] А.Атанасовски, *Македонија...*,190-191.

на 14.век. Во изворите од периодот 1355-1371 година нема ниту една сигурен извештај дека тие постоеле пред битката кај Черномен. Дури по смртта на деспот Углеша и кралот Волкашин, доаѓат на историската сцена синовите на деспот Дејан, деспот Јован Драгаш и "господин" Константин Драгаш.

Деспот Дејан во име на централната власт на Волкашин најпрвин управувал со жупите Жеглиново и Прешево.[73] Черноменската битка воедно претставува и пресвртница во нивното издигнување во рангот на едни од најмоќните владетелски куќи кон крајот на 14.век на Балканот, период во кој тие успеале да формират голема феудална држава достојна за почит. По овие збиднувања на Балканот за кратко време тие најверојатно почнале да владеат самостојно и да ги прошируваат своите територии на сметка на своите соседи. Фактички Кнежевството на Драгаши завзема земји, каде што теоретски власт по септември 1371 година би требало да има кралот Марко

Кога Струмица паѓа под нивна власт не може со точна дата да се определи, но еве еден податок кој може да придонесе во тој поглед, во јуни 1374 година византискиот аристократ Константин Ласкарис со согласност на своите браќа донирал на манастирот "Пантелејмон" наследна сопственост - исчезнатото денес село Брезница, кое се наоѓало на околу 10-15 километри североисточно од Струмица. Константин Ласкарис и неговите браќа потписници на оваа грамота како "слуги" на византискиот император. со други зборови, во јуни 1374 година земјите на североисток од Струмица, кои подоцна Драгашите ги подариле на "Пантелејмон", се уште не биле во нивна сопственост. Инаку е невозможно да се објасни како Константин Ласкарис ќе можел да донира имот на тие територии, без да бара согласност од двајцата браќа.[74] И така првиот документ во кој деспот Јован Драгаш и Константин Драгаш се споменуваат заедно, треба да се однесе по јуни 1374 година во исто време тој одразува веќе една нова реалност: формирање на нивното кнежевство и пристапувањето на земјиштето околу Струмица, на југ од градот и истоимената река.

Првата грамота на браќа Драгаши за манастирот "Пантелејмон" покажува дека меѓу летото 1374 и 1375-1376 година тие биле веќе господари на Струмичко и на земјиштето на север, северозапад и исток од градот Струмица . Интересен е сепак следниов факт: донации со грамотата селата се поделени на

[73] М.Рајичиќ, „Севастократор Дејан“, *Историски гласник,* 3-4 1953, 11-28
[74] Х.Матанов, *Југозападните...,*118

два дела. Дел од нив се на исток од градот Струмица и на југ од истоимената река и се донирани во име на двајцата браќа. Друг дел се наоѓаат на исток до Петрич и во Тиквешко долж реката Црна. Тие се донирани само од името на Константин Драгаш. Тоа на еден начин говори за постоењето на некој територијален дуализм. Впрочем судската одлука од 1375-1376 година и некои блиски во тоа време грамоти го потврдуваат овој заклучок. Судската одлука од Струмица го разгледува прашањето за спорот помеѓу светогорските манастири "Хилендар" и "Пантелејмон" за имотите во Струмичко. Двата манастирот се обратиле за помош на "благочестивиот наш господар Константин", кој наредил на епископите Данаил и Григориј, и на струмичкиот ќефалија Дабижив Станко да извршат истрага на место. Со други зборови, во Струмица и Струмичко вистински владетел бил Константин Драгаш. За деспот Јован Драгаш се споменува само на крајот на документот, при што се создава впечаток дека тој ја извршувал во струмичко врховоната, но не и практична власт.[75] Всушност пределот околу Струмица се вклучува во нивно владеение, откако за многу кратко време (од крајот на 1371 до летото на 1374 година) била под византиската власт.

Релативно полесно за објаснување се политичките околности во кои Драгашите ги приклучуваат дел од византиските територии околу Струмица. За времето од 1371 до 1374 година Византија очигледно не успева да ја зајакне својата власт таму. Кога есента 1376 година на византискиот престол доаѓа преку узурпација Андроник IV Палеолог (1376-1379), и апанажот на Мануел Палеолог бил уништен, за Драгаши веќе не претставува никаква тешкотија да се зајакнат цврсто во Струмичко и на југ и исток од областа.[76]

Според некој претпоставки се смета дека престолнина на Дејанови можно е да бил градот Струмица а не како што се смета Велбушт денешен Ќустендил, бидејки поголем број од грамотите што ги издаваат Дејановики како и судските решенија за споровите помеѓу светогорските манастири Хеландар и Пантелемон се донесувани во градот Струмица, па можно е Струмица во најмал случај да бил како главен административен град, иако во суштина бил еден од неколкуте.

Дури на крајот на 70-тите години од грамотите на Константин Драгаш, станува јасно дека Велбужд бил во рамките на неговото кнежевството. Но ако се

[75] Х.Матанов, *Югозападните...*,118-119
[76] Х.Матанов, *Югозападните...*,120

свртиме кон грамотите на Драгаши од средината на 70-тите години до 1393 година, ќе видиме дека ниту една од нив не била издадена во Велбужд. Поголем дел од нив биле издадени во Струмица (три изданија), други во Штип и Кочани. Тоа наведнува на мислата дека ако Драгаши воопшто имале точно утврдена резиденција, таа не била во Велбужд, а на друго место најверојатно во Струмица. Поврзувањето на Велбужд со кнежевството на Драгаши може да се објасни со фактот дека дури по 1393 година, односно за околу две години, градот станал главен град на Константин Драгаш и тоа е поврзано со просторно проширување на североисток или се должи на некоја административна реконструкција, спроведено во периодот на османлиската власт, при што Велбужд стана административен центар на Ќустендилскиот санџак.[77]

Во пракса неговиот максимален волумен е посведочил од границите на Ќустендилскиот санџак, формиран врз територијата му по 1395 година Тој ги вклучувал вилаетите Врање, Тиквеш, Штип, Петрич, Кратово, Малешевиата, Нагоричино, Ќустендил, Славиште, Куманово, Горно Краиште, Пијанец, Кочани, Дупница, Сириштник, Радомир, Струмица, Конче.

Струмица ќе биде освоена во првата етапа на османлиските освојувања на Македонија кој се одвивале до 1383 година, кога поголем дел од Југоисточна Македонија се нашла под Султанска власт. Во границите на турските освојувачи влегла целата поранешна држава на Углеша, тоа се случило по паѓањето на Сер на 19 септември 1383 година, и со тоа завршила првата етапа во која најверојатно била освоена и Струмица.[78] Во 1386 година султанот Мурат I (1362-1389) лично се ангажирал на Балканот и тогаш нему му се потчинил Константин Драгаш.

Покрај големите Османлиски освојувања на Балканот во последните децении на 14.век, државата на Константин Драгаш продолжила да постои се до битката кај Ровин во 1395 година каде самиот Константин го губи животот заедно со крал Марко, под какви и да биле услови вазални - подчинети под самиот Султан.

По освојувањето на Струмица од страна на османлиите положбата и значењето на градот Струмица значајно се менува, затоа што тој останал длабоко во територијата на османското царство и ја изгубила претходната

[77] Х.Матанов, *Югозападните...*,126;
[78] А.Атанасовски, *Македонија....*,225-227.

функција т.е. нејзиното одбранбено значење, имајќи ја во предвид предходната нејзина улога како пограничен град како и центар во неколку наврати на феудалните владетели кој ја избрале Струмица за нивно главно седиште како што биле: Добромир Хрис, Хреља а можеби и Константин Драгаш.

Податоци за Струмица по отоманските освојувања, односно за Струмичката нахија како дел од Кустендилскиод санџак добиваме како од опширните турски пописни дефтери така и од патеписците. За градот под Царевите Кулит турскиот патеписец Евлија Челеби вели дека бил „многу богат, добро населен и изграден", врз терен што бил испресечен со брегови и суводолици. „Тоа е голема населба со лозја, градини и бавчи, кои како да се рајските бавчи". Куќите биле „убави, градени од тврд материјал, нанижани една над друга и покриени со црвени ќерамиди". Градот се делел на четиринаесет муслимански, една христијанска и една еврејска маала. Во него имало две цркви, по неколку џамии, медреси, бањи, дванаесет јавни чешми и други турски верски, културни и општествени установи. Трговијата и занаетчиството исто така биле добро застапени. Во Струмица тогаш имало петстотини дуќани, но немало безистен, и по неколку трговски и карван-сараи, во кои ноќевале трговците и патниците. „Сето население, вели Челебија, се занимава со ткаење и производство на бело сукно, што го носи на доljанскиот пазар,[79] Сокаците биле чисти, со понекое високо израснато дрво, климата — пријатна а „младичите и девојките.... убави,

[79] Меѓу најважните панаѓури уште во 16.век се споменува и панаѓурот во Долјан кај Струмица. Каде точно се одржувал овој панаѓур во науката не е расчистено. Можност за неговото сигурно лоцирање ни даваат, пред сè самите турски патеписци Хаџи Калфа и Евлија Челебија кои и го опишуваат овој панаѓур. Првиот, притоа, само приближно го лоцира местото Долјан, додека Евлија Челебија за тоа ништо не зборува. Постои мнение дека овој панаѓур се одржувал кај петричкото село Долене, сместено доста длабоко во Огражден, што е доста неприфатливо. Нашето мнение е дека овој панаѓур се одржувал на теренот околу селото Банско и тоа, можеби, околу самата бања. На тоа нè наведува, во прв ред. следниот опис од Хаџи Калфа: „Близу (до Струмица) се шири едно широко поле низ кое тече река со многубројни воденици. Во август овде се одржува славниот панаѓур, кој се вика Тујан и на кој доаѓа многуброен свет од сите страни. Топлата бања Тулјан, исто така е во Струмичкиот кадилук, близу до самата Струмица и до градот. Еднаш годишно (т. е. во август б. н. ) овде се собираат жителите од околните предели и во текот на две седмици вршат значителни трговски работи. Под брегот извираат многубројни врели, а понекаде и ладни извори. Во бањата, под камениот свод, тече вода од три чешмурки во една бања. Оваа вода е толку врела што во неа, за миг може јајце да се свари. Затоа, за капење, таа мора да се меша со ладна вода". Овој опис, несомнено и скоро потполно соодветствува на топлите минерални извори и на бањата кај селото Банско што постојат и до денес и се користат од населението. Потоа, некои места од описот на Евлија Челебија исто така како да укажуваат на селото Банско. Тој, имено, тврди дека панаѓурот бил „сместен во едно излетничко и шумовито место, богато со пространи и цветни пасишта, на рамен и плоден терен, богат со птици". Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица* ...,114-115.

бодри и здрави".[80] Иако положбата на Струмица длабоко сместена во внатрешноста на Отоманската империја ќе изгуби на воено и стратегиско значање, сепак низ целиод турски период примарното значање на овој град ќе биде трговијата заблагодарувајќи се пред се на непосредната близина на Струмица до вториод по значање град на Балканот во тоа време Солун, како и од значајните патни правци кој поминувале низ Струмичката котлина.

---

[80] Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица* ...117.

# Втора глава: ***Духовната традиција на Струмица од 11 до 14.век***

Несомнено е дека црквата имала посебно место и улога во начинот на функционирање на средновековните градови. Таа се грижела не само за духовните работи на населението туку и за проблемите што го допирале и нивното секојдневие. Согласно податоците што ги имаме од изворите ќе ја прикажеме улогата и положбата на струмичката епископија и нејзините епископи во периодот од 11 до 14 век. Оваа подглавие ќе биде само еден краток осврт на територијата и значењето на струмичката епархија, како и спомнување на сакралните објекти во Струмица и струмичко кој биле изградени во овој период или веќе опстојувале на овие простори.

Струмичката епископија за првпат конкретно се споменува во повелбите на Василиј II за охридската архиепископија. Имено во 1018 год струмичкиот епископ располагал со најмалата по територија епархија која се наоѓала во рамките на охридската архиепископија. Во надлежност на епископијата потпаѓале две населни места со вкупно 24 клирици и парици кој му биле дадени на епископот. Таа истотака е заведена на деветото место и во тринаесета нотиција која го опфака периодот од третата деценија на 11 век (околу 1020-1030) се до првите децении на 12 век. Во подоцнежните редакции на ракописот на нотицијата таа е запишана кон крајот на списокот кој што биле под јурисдикција на охридската архиепископија. Определени промени во функционирањето на епископијата и веројатно нејзиното територијално проширување можат да се забележат кон крајот на 11 и почетокот на 12 век кога веќе била основана и струмичката тема, чиј радиус веројатно бил поширок од териториите на самата епископија.

По правило во рамките на темата влегувале нејзиното седиште, градот Струмица и селата кој биле зависни од неа. Фактот дека епископиите биле постари од темите односно дека контуинитетот на црковната мрежа, согласно византиските традиции, ретко претрпувал промени и покрај промените на политичкиот контекст се потврдува и во случајот со епископијата на Струмица. Во границите на струмичката епископија се наоѓал и манастирот св. Богородица Милостива со неговите имоти и секако Водочките катедрални цркви кој веројатно биле и седиште на струмичкиот епископ (сл. 2), инаку основачот на манастирот св. Богородица Милостива, монахот Мануил бил и поранашен епископ на Струмица (сл. 2).

Од Типикот на манастирот разбираме дека струмичкиот епископ имал ограничени права врз овој манастир односно, имајки го во предвид неговиот независен статус, струмичкиот епископ само го потврдувал избраниот игумен. Во првата повелба на царот Алексиј I Комни (1081-1118) од 1085 год. Читаме дека манастирот Света Богородица и покрај тоа што се наоѓал во струмичката епархија не бил условуван да му се потчинуваниту на охридскиот архиепископ ниту пак на епископите на Струмица.

Во богатата архива во манастирот Богородица милостива, поточно во Практикот на манастирот ( средина на 12 век ) попознат уште и како Практик на Михаил Цангицаки се среќаваат податоци и за струмичкиот епископ. Имено игуменот на манастирот Дионисиј го молел тогашниот византиски цар Мануел I Комни (1143-1180) да му нареди на епископот струмички да не ги нарушува правилата на незавиност на манастирот запишани како во неговиот типик така и во царските повелби.

Епископијата на Струмица се споменува и во писмата на митрополитот солунски Евтасиј, една од најзанимливите личности на византискиот културен живот во 12.век. Со интервенцијата на царот Мануил I Комнин, Евтасиј во 1174-1175 год бил избран за митрополит на Солун. Струмичката епископија во неговите писма е набележена заедно со Мегленската, Костурската и др. Во контекст најтешката ситуација на словенското население во тие делови на охридкста архиепископија. Заслужува да се спомене и податокот дека од редовите на струмичките епископии произлегува и подоцнежниот охридски архиепископ Константин Кавасила. Тој бил епископ на Струмица во времето кога на охрдискиот трон се наоѓал Димитри Хоматијан. Веројатно е дека

Кавасила раководел со Струмица околу 1220 година. Исто така не знаеме до кога точно Кавасила бил на чело на струмичката епископија. Но многу е веројатно дека токму за време на епископувањето во Струмица тој го сочинил и канонот за тивериополските маченици, со што уште еднаш го потврдил и одбележал култот на овие светители во струмичкиот крај.

Во времето на српските освојувања, кога границите на српската држава биле поместени длабоко на југ, под српска власт се нашле и другите територии на охридската архиепископија. Кон крајот на 13.век под јурисдикција на охридската архиепископија се наоѓале единаесент епископиии меѓу кој и струмичката. Се чини дека струмичката епископија всушност била и најзаштитена од политичките и црковните турбуленции за време на српската власт, бидејќи изворите сведочат дека таа во контуинитет останува диоцеза на охридската архиепископија. Веројатно е исто така дека бројт на епископиите на охрдиската архиепископија останува непроменет во Душановите освојувања на Македонија и Охрид. Охридската архиепископија го задржала својот автокефален статус и своите привилегии и во времето на царот Душан и на царот Урош.

Во периодот кога Струмица и струмичко се наоѓаат во границите на државата на драгашите со сигурност знаеме дека функционирале две епископии: Велбушката (Бајнската) и Струмичката (Водочката) која и понатаму му била потчинета на Охрид, но и една митрополија, Мелничката под јурисдикција на цариградската патријаршија. Двете наведени епископии во смисла ги покривале северните и централните области во државата на Драгашите. Недеостатокот од изворни податоци не дозволува да се прецизираат границите помеѓу двете епископии. Меѓутоа од повелбата на Стефан Душан од мај 1349 година за црквата св Богородица во Габрово сместена во подножјето на Беласица, инаку побарана од епископот на Велбужд Калиник, разбираме дека подножјето на Беласица влегувало во рамките Велбушката епископија која изгледа во тој период била под јурисдикција на Пеќската патријаршија.

За тоа дека Струмичката (Водочката) и Велбушката епископија, се допирале сведочат и т.н. судски одлуки од Струмица од 1375-76 во кој се споменува епископијата на Струмица. По налог на Констанин Драгаш и неговата властела Струмичкиот епископ Данаил и Велбушкиот Григориј заедно со приставот на Струмичкиот кефалија Станко и бољарите од Струмица требало да разграничат

некој спорни имоти. Во два од опишаните случаи учествуале и двајцата епископи заедно, додека во третиот само епископот на Струмица.

Ако хронолошки ја разгледаме Струмичката епархија доаѓаме до сознание дека Охридската архиепископија имала триесет и две епархии меѓу кој била и Струмичката. За време на Српското владеење имала единаесет епархии, меѓу кој била и Струмичката. По распадот на Српското царство, Охридската архиепископија потпаднала под шест државички ( околу 1366 год). Струмичката епархија потпаднала под Велбуршкото деспотство. Во историјата е познато дека Јован Драгаш и Константин владееле во дел од политички разделената Македонија во 14.век. Во: Струмица, Штип, Жеглиново, Кратово и Велбушт (Ќустендил).

Во прилог на ова, посебно историографско значање имаат резултатите при истражувањето во старото градско јадро на Струмица, каде што под темелите на т.н. Орта Џамија, се откриени материјални и архитектонски остатоци на објекти од римско и ранохристијанско време (2.век пр.н.е – 4, односно 5-6.век), како и темели од опожарена средновековна црква (11-12.век) и повеќеслојна некропола (11-17.век). Опожарената градба од камен и кал го најавуваат постоењето на трокорабна црква од крајот на 11 и почетокот на 12.век. Си дозволуваме да тврдиме дека оваа црква е посветена на св.Богородица, пред се имајќи предвид дека култот кон Богородица Милостива е многу рашири во овој крај.[81]

Земајќи ја во предвид локацијата на овој локалитет во старото централни јадро на градот Струмица, укажува на важноста и значањето на Струмица во полниот среден век, како главен духовен центар во југоисточниот дел на Македонија. На овој локалитет се откриени и доста средновековни монети (византиски и венециски), имајќи ја во предвид нивната осетливост на датирање, добиваме доста значајни податоци за опстанокот на оваа црква во периодот од 12 до 14.век, почнувајќи од Мануил I Комнен, Латинските имитации, Михаил VIII Палеолог, Андроник II Палеолог, Јован V и Јован VI како и поединечен наод од венециски матапан од Лоренцо Тиепало (1268-1275).[82]

---

[81] М.Атанасова. „Духовната традиција на Тивериопол“, *Завод за заштита на спомениците на културата у музај Струмица,* Струмица 2003.
[82] М.Атанасова. „Духовната традиција на Тивериопол...,46-52.

Дтруги цркви кој биле подигнати или веќе опстојувале во овој период во Струмица и струмичко се „св.Петнаеесет тиверополски маченици"(Струмица) и св. Четириесет севастиски маченици" (с.Банско), овде не смееме а да не ги спомнеме и црквите кој биле подигнати во 14.век од страна на српските владетели и локалните велможди, тоа се црквите св.Стефан подигната во 1345 година во Струмица, црквата св.Стефан во Конче подигната во 1366 година од страна на војводата Никола, како и црквите во селото Габрово струмичко, и тоа Богородица која била подигната во 1350 година од анагностот Драгоје, во втората половина на 14.век над оваа село била подигната уште една црквата посветена св.Архангел Михаил и Гавраил. За дел од овие цркви имаме само пишани податоци не се знае нивната точна локација. Ниту една од овие цркви не е археолошки истражена.

# Трета глава: *Тврдини во Струмичко*

## 3.1. Основни обележија на тврдините од 11 до 14.век

Градовите во 11-14.век претставувале главни упоришта на власта во овие краишта. Во 11,12 и 13.век градовите имаат сеуште доминантен воен карактер. Тие се пред се големи тврдини со воени гарнизони во нив, а дури во доцниот 13 и 14.век се здобиле со карактер на цивилни градови, обично не биле само одбранбените ѕидови на тврдината односно под нив се развивала населба (подградие), со пазаришта, занаетчиски квартови и др. Како пример за тоа се Струмица и Просек, во кои кон крајот на 12.век Добромир Хриз сместил 500 војници и со нив успешно ги бранел двата кастрона, дури и од нападите на самиот византиски император Алексиј III Анѓел.[83] Имало и претежно воени градови, градови кој ги чувале премините и комуникациите, кој немале потреба да имаат некакви населени подградија Во градовите управувала поединечна властела односно „Кефалија“ (главар), овие луѓе управувале со целиот регион и со самиот град и подградие, а исто така го представувале и судењето во градот, тие биле одговорни за безбедноста на патиштата како и во целиот регион.

Средновековниот „град“ всушност представува ѕидана заштита неопходна за бурниот среден век, таа ги заштитувала и домот на властелинот, го заштитувала со еден збор центарот на еден регион, ги заштитувала периферните области на земјата патиштата како и целата држава, како и важните патишта, клисури, подградија, тргови, рудници и најпосле на крај и самите големи вароши. Се што се градило со функција за заштита, заедно со местото кое било заштитено

[83] И.Микулчиќ, *Средновековни градови.56;* А.Дероко. *Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији*, Београд 1950, 14.

представувало град.[84] Тврдините биле одвоени од делот за живеење на цивилното население, во доста случаеви постоел уште еден ѕид околу целото предградије (таков е примерот со градот Струмица). Во книгата „Стара српска трговија и индустрија“ на Н. Костич, тој вака опишува еден средновековен град: Под самата акропола чија посада ја штитела целата населба, се наоѓале куќите на жителите на тоа место, често во подградието властелата имала свои куќи и дуќани. На просторот помеѓу тврдината и подградието се собирал народ од областа на пазар, справедливост, состаноци, празници, судења и средби. Тоа место на латински се нарекува (forum sub castro).[85]

За да се надоврзиме на седновековните градови-тврдини, неопходно е да го спомнеме развитокот и промените што ги претрпеле утврдените места во Балканот низ предходните епохи. Знаеме дека римјаните изградиле читав низ на утврдувања со цел да ја осигураат северната граница на своите балкански поседи од постојаниот продор на варварските племиња кој преку север почнале да навлегуваат. Тоа всушност представува познатиот „Limes“ (граница) од 2. и 3.век н.е. од кој има сеуште остатоци на јужната страна на Дунав. Таквите утвдувања ги нарекуваме „каструми“, кој обично не биле на некој возвишенија, нивната функција била да ги браната одредените точки и појасни терени, и во нив биле концентрирани моќни легии. Во најголем број случаеви биле градени со правилна основа (најчесто со правоаголен облик), на благи возвишенија или во самата рамница. Тоа всушност биле ѕидови од камења и тули, појачани со кули и опколени со длабоки ровови. Но покрај овие утврдени логори римјаните граделе и „кастели“, кој всушност представувале утврдени воени станици или стражи на клучни места, поради тоа тие имаат извесни сличности со средновековните тврдини.

„Источното римско царство“ – Византија, морала под силниот притисок на варварите од север да го напушти кордонскиот систем на утврдувања „Limes“ наследен од Рим, и да настапи кон обѕидување на своите градови (пр: Стоби во Македонија), како и помали утврдувања кој биле подигнувани покрај градските центри, комуникации како и клучните премини во земјата. Сепак и овиие утврдувања кој настанале во подоцнежните 5. и 6.век не останале имуни на постојаните разурнувачки напади на словените и аварите. Како од историските

[84] А.Дероко. *Средњевековни....*, 17.
[85] А.Дероко. *Средњевековни*....18.

извои така и од археолошките истражувања со сигурност можеме да кажеме дека речиси сите градови и утврдувања го завршиле својот живот по овие разорнувачки походи, а со сигурност знаеме дека Константинопло и Солун го задржиле својот континуитет и во понатамошните периоди, тие всушност еден подолг период ќе представуваат единствени градови на Балканот.

Самите варварски племиња имале свои примитивни утврдувања, со бедеми од земја и огради од дрвени палисади и со ровови околу. Основите на овие утврдување најчесто биле кружни, кој уште се познати и како рингови, забележани се уште и дрвени кули.[86] По консолидирањето на варварските племиња, во натамошните периоди ќе почната да се појавуваат контурите на новите не ромејски држави во сржта на самата Византија. Таквите нови творевини создадени во најголем процент од словенското население најчесто не ги користеле нивните традиционални принципи на градење, туку на еден начин нивното традиционално искуство го накалемиле на веќе доста усовршеното градителско наследство на Византија. (На пример: првата престолнина на бугарите во Плиска-Абоба, за свое јадро искористила еден доцноантички воен кастрон со цврсто камено обѕидие и со ѕврсти градби во центарот, во тие градби ханот Омуртаг го кренал својот дворец, елитните единици на ханот биле исто така сместени внатре во обѕидијата на доцноантичкиот кастрон, надвор околу него на еден поголем простор се населиле владеачките родови, а пак целиот овој посто бил опфатен со земјен ров ).[87]

Спомнатата добра сочуваност на тврдините од 6. век придонесла, во следните 5-6 векови да не се градат нови фортификации. Потребата од укрепени места во раниот среден век била мала и ограничена на одделни куси воени акции. Дури во полниот и доцен среден век оваа потреба силно ќе се зголеми. Поради тоа, се до 12.-13.век биле користени ромејските (предсловенски) крепости за одделни инцидентни потреби, евентуално обновувани и адаптирани за нови воени посади или стражи.[88]

На многу места спомнавме дека во периодот на раното средновековие (7.— 10. век) кај нас, без исклучок, биле користени доцноантичките крепости. Меѓу нив најсилни и најдобро запазени биле оние од 6.век. При повторното

---

[86] А.Дероко. *Средњевековни...*,21-22.
[87] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,68-72.
[88] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,55-56.

користење на некоја од овие тврдини, тие требале главно да се расчистат од шут и од дивата вегетација и да им се обноват дрвените порти. Оштетените места на обѕидот (пробиените места — бреши) можеле со едноставна техника на сувоѕид во кусо време и со минимален труд да бидат закрпени.[89] Таков е случајот и со доцноантичките тврдини во струмичката околија, кој ги имаме доста на овој простор, според податоците од археолошката карта како и моето лично посетување на дел од нив, односно локалитети кој до денес го имаат задржено топонимското име „градиште“, кое во повеќето случаи се однесува на тврдина, можеме да констатираме дека нивниот број е околу 20 тврдини, кој се распоредени по околните ридови. Добар дел од ови тврдини биле користени со некој си делумни поправки и во крајот на 10 и почетокот на 11..век, од страна на цар Самуил.

Податок за тоа добиваме и од Скилица кој претставува главен извор за тоа време. Од податоците на Јован Скилица дознаваме дека Струмица ја управувал Драгомуж и дека во нејзината тврдина бил концентриран голем број војници. Од истиот извор дознаваме дека тој стоел на чело и на повеќе тврдини во областа Струмица коишто во 1018 година ги предал на Василиј II и добил чин патриција. За некој од тврдините со кој управувал Драгомуж во струмичката област зборува Скилица, тој наведува дека во близина на Струмица се наоѓаат тврдините Мацукион и Термица (мапа бр.1),[90] којшто тврдини најверојатно лежеле покрај главниот пат кој од Серез доаѓал за Струмица, првата била освоена во 1014 а втората во 1016 година од страна на Василиј II и најверојатно биле разрушени, ја споделиле истата судбина како голем број на Балкански тврдини кој предходно припаѓале на Самуиловата држава.

За тој систем од тврдини за кој зборува и самиот Скилица, тешко е да се верува дека после 1018 година овие тврдини продолжиле да постојат, најверојатно биле разрушени како и самата Струмица, со една цел да се уништат сите идни упоришта на востаниците на Самуил. Потребата за повторно обновување на тврдините во овој дел на Балканот ќе ја навести императорот Алексиј I Комнен (1081-1118), кога вистински ќе се соочи со норманската опасност од запад, ќе биде причината да се појавата контурите на новите тврдини, во најголем дел изграден на основите на доцноантичките

---

[89] И.Микулчиќ, *Средновековни градови* ...,:68.
[90] Б.Панов, *Средновековна III*....,427-430; В.Зларски, *История I*...,: 698-717.

твдини. Таков е примерот со твдината „Цареви Кули“- Струмица, којшто изглед делумно е видлив и денес на самиот локалитет. Поставувајќи си го прашањето дали во тој бран на обнови на твдини којшто ги превзел Алексиј била опфатена и некоја друга тврдина во Струмичко, којшто одговор сигуно не го добиваме од историските извори, како и слабата ахеолошка истраженост на тврдините во струмичко, тешко да можеме тоа да го докажеме само со рекогнисцирањата на околните тврдини.

Освен користењето на доцноантичките тврдини, односно со нивното реконструирање или со деломни поправки, во средновековието сепак се градело но не со тој интензитет и квалитет, сепак самиот период си носи свои обележија во начинот на градење, дали автохтони или под влијание на соседните региони. За обемот на градителските потфати доста причини одиграле свој пресуден фактор, знаејќи дека главната работничка сила биле војниците, можеме само да претпоставуваме колку голема ќе биде разликата во бројноста на подигнување на нови тврдини или обновување на старите, во рановизантискиот период 5-6.век и во полниод среден век 11-14.век, знаејќи дека во 5-6.век опстојувала моќната Византија која имала стотина илјади активна војска, а во 11-14.век на Балканот се појавуваат поголем број на помали царства, кралства или кнежества кој по обем и моќ доста ќе заостануваат, а нивните војски биле далеку помалобројни од византиската.

Покрај хронолошкиот развој на тврдините, во оваа точка ќе ги спомнеме карактеристичните градителски обележија кој се појавуваат на тврдините во периодот од 11 до 14.век. Повторното појавување на пиластри со аркада во доцното средновековие се врзува за Западна Европа (Италија, Франција, Рајнската област). Од Италија, чии што јужни делови Комнините уште ги држат, овој градежен елемент несомнено бил пренесен и во некој византиски град, Ѕидањето од времето на Комнините има и свои особености. На низа места се констатира употреба на многу квалитетен хидростатен малтер (го одбележавме како тн. црвена фаза). Тулите и ќерамидите собрани од постарите урнатини биле толчени и мешани со одлежана вар; на тој начин добиениот малтер („хоросан”) бил користен, пред сѐ, за површинските поправки. Со него се пломбирани и закрпени оштетувањата на постарите ѕидови, поправени се ѕидните фасади и украсени со дерс (пластично врамување на секој камен).

Ваков начин на ѕидање со многу тули и црвен малтер, упатува на 12.век, односно на „златното" време на Комнените.[91].

Кулите имаат масивен сутерен (без просторија) со што е зголемена нивната статичност. Ѕидарскиот слог е емплектон, а во фасадите се уфрлуваат и редици од тули. Тоа е одраз на манирот на „клоазонирање", запазен главно на фасадите од црквите во тоа време. Времето на Комнините било политички и економски стабилно и силно, а тоа е одразено и на ѕидањето од тоа време. Тука спаѓа големата северозападна кула на акрополата на Струмичкиот Горен град (Цареви Кули), а веројатно и североисточната кула која подоцна била урната, односно кулите кој ја формирале главната влезната партија на тврдината. Станува збор за масивен емплектон, а камењата на лицата се убаво изделкани. Кулите кој го фланкират бедемот не смеале да имат една од друра растојание поголемо од дометот на стрелата и разни справи за фрлање на камења од самите кули.[92]

Средновековните кули во основа најчесто се полигонални, во внатрешноста биле шупливи, со исклучок на некој кули кој го фланкират влезот на тврдината или кули кој се наоѓаат на полесно ранлив дел на самта тврдина. Понекогаш цела страна одозгора до долу, према внатрешноста на твдината биле отвоени или делумно затворени. Кулите исто така биле поделени на спратови, дрвени меѓуспратни конструкции. Спратовите биле доста ниски, скалилата во кулата исто така биле дрвени многу ретко од камен. Кулите можеле да имат и кров, кој поради органскиот материјал од кој бил направен ја немаме можноста да ги видеме зачувани денес. Крововите биле високи шиласти и четеросливни. Постои мислење дека крововите кој служеле како атмосферска заштита на кулата во време на мир, а во време на војна можеле да бидата демонтирани за да се спречи можно избовнување на пожар, како и да се ослободи горниот платформа на кулата со што би се отворила можноста да се постават справи за фрлање на камења.[93]

Ѕидањето од 13. век е многу поскромно во однос на претходното. Тоа е и разбирливо кога ќе се проследат историските настани од крајот на 12. до доцниот 13. век. Времето било исполнето со бројни освојувања и преземања на нашите градови во ривалството на Латините и Епирците, локалните кнезови,

---

[91] И.Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 73; И,Милулчиќ, *Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982, 124.
[92] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,:73-74; А.Дероко. *Средњевековни...*,49.
[93] А.Дероко. *Средњевековни...*,50-51.

Бугарите, Србите и Никејците. Никој од новите господари немал доволно време, а уште помалку пари за да ги потроши на солидно и цврсто ѕидање. Она што е сочувано на теренот зборува за брзо градење кое честопати се граничи со импровизирање. Струмица наоѓајќи се на речиси подеднаква одалеченост од тогашните балкански центри-престолнини (Цариград, Трново и Рас), секогаш се наогала речиси во периферииите од балканските држави, неретко и како гранична линија или пак седиште на локалните кнезови кој се одметнувале. Од крајот на 12.век до обновата на Византија во 1261 година, во овој бурен период Струмица подпаѓа односно со неа владеат над 10 владетели, речиси сите од различни држави и кнежества.[94] Во тој период на превирања и постојаната промена на управителите на Струмица, градот бил на постојани удари на непријателските војски, делови од тврдината биле уништувани и повторно закрпувани, најчесто со самиот материјал кој бил шут. Никој од новите господари немал доволно време за солидно и цврсто ѕидање, како што рековме претходно тоа градење често се граничело со импровизирање. Самите ѕидови биле градени со доста посен малтер, со недобро изделкани камења и слабо оформени лица, во доста случаеви ѕидовите имале само надворешни лица а внатрешниот дел од ѕидот бил потпрен до самите земјени профили. Ваквите одбранбени ѕидови имале слаба еластичност и доста лесно биле ранливи на нападите на опсадните машини.

Ширината на ѕидот е силно редуцирана, изнесува 1,4, 1,3. 1,1 метри па и помалку. Во споредба со ѕидините од 6. век кои биле широки просечно 1,7—1,8 м, а во некои случаи и преку 3 до 4,30 м, обѕидијата од 13. век изгледаат како импровизација. Според ширината била намалена и висината на ѕидовите. Градежниот слог на обѕидијата е исто така маркантен. Наместо византискиот емплектон со многу малтер налиен во јадрото, сега се појавува изразито плочест слог, а во пресекот на ѕидот јадрото и лицата се градени на ист начин. Камењата се кршени, односно цепкани плочесто и врзани со мошне слаб, посен малтер. Овој слог има свое потекло во профаното селско градителство кое впрочем живее и денес на балканско-анадолските простори, непрекинато од дамнини. Бидејќи за ефтините селски градби не е трошена скапа вар, камењата се ѕидани

---

[94] Се мисли на лоикалните кнежества на: Добромир Хриз, севастократор Стрез, деспот Алексеј Слав; како и тогашните балкански држави: Бугарија, Солунското Кралство, Епирското Деспотство, Никејското царство и на крај обновента Византиска империја. (види прва глава од овој труд. „*Струмица од 11 до 14.век*“)

со кал; јасно е дека подобро се врзуваат меѓу себе плочести парчиња, дури и во сува техника (без кал).[95]

Обѕидијата со плочест слог во 13. век се ѕидани со малтер. Но градителите како да не му верувале сосем на ова византиско врзивно средство и ѕидовите ги зајакнувале со бројни дрвени греди. И овој елемент живее до денес во селското градителство на споменатиот простор, и тоа поврзан со плочестиот слог. Во определни растојанија во висина се поставени дрвени греди водорамно долж двете лица на ѕидот, а поврзани се меѓусебно со куси попречни гредички (клепи). Овој систем денес го викаме скара, а по турски - сантрач. Доцносредновековните ѕидови градени на тој начин а кои останале запазени на теренот до денес, полни се со низи дупки и жлебови што преостанале откако гредите скапале. Редовно се појавуваат кај позначајните детали: кулите, портите, аголните прекршувања на обѕидието, меѓутоа и на внатрешните градби. Овие обѕидија, сепак, не можеле да издржат поголеми непријателски напади. Затоа градовите во 13. век толку често преминувале од едни раце во други. Плочестиот градежен слог армиран со дрвени греди потекнувал несомнено од претходните векови, а бил користен за ефтини помали градби, претежно по селата со словенско население.[96]

Од крајот на 12. и низ 13. век словенските држави (локалните кнежевства на Хрс и на Стрез, потоа на Бугарите и Србите) ја потиснуваат Византија не само политички туку и во културните содржини. Тука спаѓаат и градителските традиции. Обединетата Византија во доцниот 13. век успеала да го поврати поголемиот дел на територијата на денешна Република Македонија, но не за долго време. Од 1282 до 1334 година Србите ќе ги истиснат од ова подрачје. Словенското градителско искуство кое се развивало во скромен селски амбиент, на крајот се наметнало и во фортификациите.

Во 14.век на територија на денешна Р.Македонија се осамостоиле поголем број на локални владетели, причината за тоа е распаѓањето на средновековното српско царство на Цар Душан, и подоцнежното отфрлање на централната српска власт од страна на дотогашните управители на одделни региони кој биле дел од тоа царство. Во сите овие региони локалните моќници изградиле безбедни засолништа за себе и за својот двор. Тврдините над Струмица, Штип, Прилеп и

[95] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,74.
[96] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,74-75.

Охрид се всушност големи феудални замоци, укажуваат на некои аналогии со замоците од ова време во Западна Европа. Западно европските влијанија почнале да навлегуваат во повеќе сегменти од животот на населението во Балканот, кое што влијане подоцна ќе биде пресечено со освојувањата на овие територии од страна на турците.

На ова место треба да кажеме нешто за новите форми кои се појавуваат на спомнатите тврдини. Најизразити се оние во Охрид. Како најблизок од нашите градови до Јадранскиот брег, Охрид бил изложен во сите историски епохи на силни влијанија од Италија. Тоа го забележуваме и на крепоста Горни Сарај, изградена (обновена) во ова време, а сочувана до денес. Главната (јужна) порта на Горни Сарај е фланкирана со 2 издадени кули кои имаат карактеристична потковичеста ("U") основа. Оваа форма не била употребувана во Византија. Настанала во западноримските провинции во 3.—4. век, а била оживеана во доцниот среден век во истите земји (Италија, Франција, Рајнската област). Во внатрешноста на Балканот оваа форма продрела дури на крајот од 14. или почетокот на 15.век, кога се повикуваат мајсторите од Приморјето да ги градат последните упоришта против Турците. Кулите со заоблено чело се градат во Западна Европа во 14.век и подоцна поради новото опсадно средство, артилеријата. Со топови се напаѓаат пред си кулите. Во доцниот 14. век артилеријата се шири и на Балканскиот полуостров — во Приморските градови, потоа во Византија и во Србија, а ја користат и Турците. И поради тоа се практикувале кули со заоблени чела за рикоширање на ѓулињата.[97]

Следниот елемент што дошол од Запад кај нас можеби уште во доцниот 13, а главно во 14.век е *главната кула, донжон (donjon) во фрацуската* терминологија или бергфрид (Berchfrist) во германската. Донжоните се јавуваат на подрачјето на Франција во 12.век. Оттука се шират кон Англија, Рајнската област, во Алпските земји, Северна Италија и тн. Донжонот во Запад на почетокот (скоро до половината на 12.век) бил неретко единствен и главен дел на феудалните замоци за подоцна целиот постор заедно со донжонот и припратните објекти не биде опколен и заштитен со ѕид и доста јаки

---

[97] И.Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 77-78.

одбранбени кули, така да оградениот просто ќе стане град а самиот донжон само еден дел и сеуште најглавен дел во него.[98]

Низ 13. и 14.век донжоните доживеале голема еволуција во поглед на градежните елементи и конструкцијата како целина, нивната позиција во крепоста (кај главната порта; во средишниот простор; на највисоката точка во крепоста; во седлото покрај тврдината, и тн.). Во 14. век долниот дел на кулата се ѕида многу помасивно и со поинаков план од горниот. Формата и димензиите на оваа кула многу варираат бидејќи во текот на нивното постоење — до доминацијата на артилеријата — архитектите најмногу експериментирале околу донжоните. Донжонот служел како главно (и последно) упориште на целата тврдина. Во сутеренот (доколку постоел) се наоѓала цистерна за вода (дождовница) или затвор. Потоа следат магацините, простории за живеење на командантот на стражата и на помошниците. Во случај на опсада и голема опасност, во донжонот се повлекувал и господарот со придружбата. На низа наши крепости од доцниот среден век можеме да препознаеме донжони. Најизразит е оној во Струмица (Цареви Кули), изграден среде празниот простор на акрополата, оддалечен е од обѕидието и од другите градби. [99]

Донжонот не претставува единствен објект во внатрешноста на обѕидието, внатре се развиле објекти за посадата: кујни, штали, остави, магацини, куќи за посадата и слично. Овие гадби биле од лесен и мешовит материјал и обично биле прилепени до внатешното лице на самиот бедем

По време на опсади тврдините претрпувале помали или поголеми повреди и разрушувања, кој после тоа требало да бидат санирани. Една од најчестите поправки била закрпување на бедемот и надѕидување на паднатите делови. Тоа се правело со најдостапни материјали и не секогаш со техника со која биле градени првично. Понекогаш се налагало да бидат засилувани со задебелување со нов ѕид. Низ различни епохи исто се практикувало изолирање или стеснување на тврдинските порти поради невозможноста да бидат заштитувани успешно, Овие предградувања биле временски или постојани.[100]

Други елементи освен основните кој ја сочинувале основата на една тврдина во доцната антика и средновековието биле заштитните ровови (fossa). Рововите

---

[98] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,:79; А.Дероко. *Средњевековни...*,24.
[99] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,:79; З.Рујак .На патот на предците...,23.
[100] Д.Овчаров, *Византийски и български крепости 5-10.век*, София , 61.

ја засилувале одбраната на тврдината и го отежнувале пристапот на непријателот. Античките автори препорачуваат ископување на ров пред бедемот на тврдината, кој требало да биде широк и длабок за да го отежни преодот на противникот и на неговите опсадни машини. Според Филон: ширината не требало да биде помала од 40 лакти (18,5м), а длабочината да ја надминува таа на бедемот. За да не бидат поткопувани основите на бедемот, ровот требало да има вертикални ѕидови (подѕидувања) и по можност да бидат наполнети со вода. Тој бил прокопуван на неколку метри од бедемот (најчесто 2-3м и ретко повеќе). Длабочианта на ровот требало да биде околу 3-4м а ширината во горните делови околу 4-6м. Тие биле ископувани во здравите земјени пластови а не ретко во самата карпа.[101]

Рововите не биле градени во стрмни предели со мал број на исклучоци, таков е примерот со тврдината „Цареви Кули" каде на јужно од влезот се наоѓа вештачки засечен длабок дол, имајки предвид дека самата тврдина е изградена на висок и тешко достапен рид, за ралика во лесно пристапните рамничарски предели каде ровот бил неопходен. Пред самиот ров можело да има и помал бедем, макар да биде дрвен палисад.[102]

Друг додатен елемент кој ја подобрувал одбраната на тврдината се и двојните ѕидово (протејхима), тие биле градени од најнезаштитената страна но често ја опкружувале и целата тврдина. Протејхимата не била толкудобро укрепување како главниот ѕид, по правило таа немала кули со исклучок на некој поважни тврдини како што е случајот со Солун и Константинопол. Според еден византиски анонимец од 6.век со протејхизмата се зголемувала плоштината на укрепеното место, но и во просторот помеѓу двата бедеми се внесувало населението од блиската околина а време на опсада и взаемно учествувало во одбраната на тврдината. Висината на протејхизмата била речиси на половина од висината на главниот бедем. [103] Една од задачите на тој надворешен бедем била да се справува со опсадните машини на противникот. Како правило портата на надворешниот бедем била ставена пред портата на главниот бедем, но во доста случаеви таа била поставувана странично, тактички или пак заради конфигурацијата на теренот.

---

[101] Д.Овчаров, *Византийски....*, 57-58.
[102] З.Рујак .На патот на предците...,29; А.Дероко. *Средњевековни...*,48.
[103] Д.Овчаров, *Византийски...*,:52-57.

## 3.2. „Цареви Кули"- Струмица

Градот Струмица како типичен средновековен град, односно како комплексно утврдена населба бил изграден на доста стрмно брдо коешто и ден денешен населението од овој крај го вика „Цареви Кули", издигнат на голема височина од низините изгледа како да е над облаците. Градот Струмица кој лежел на важни крстопати како и на „Царскиот пат" кој водел од Константинопол, Сер, Струмица кон Скопје, уште во време егистенцијата на Самуиловата држава се претворил во значаен воено-адмистративен и стратегиски центар.

Според Јордан Иванов градот Струмица уште во времето на царувањето на Самуил бил опкружен со дебели ѕидови и зајакнат со одбранбени кули.[104] Таквото гледиште го сметаме дека е исправно, тоа се потврдува и од вестите на Јован Скилица, кој инаку важи за главен извор за Самуиловата држава. Овој византиски хроничар имено соопштува дека Василиј II иако го држел градот Струмица долго време под опсада по победата кај Беласица не успеал да го освои, а тоа пак говори дека тој бил доста добро утврден. Од Скилица се дознава дека добро утврдената Струмица била од сите страни заштитена со попатни тврдини и прегради.

Стратешки гледано, државата на Самуил претставувала систем на поголеми крепости (кастрони) опкружени со поголем број помали тврдини и стражи (фруриони) кои им помагале на првите во одбраната (мапа бр. 1). Големите крепости (кастрони) во следните векови ќе израснат во „вистински" градови, а тоа значи дека покрај самата воена тврдина (акропол, цитадела, горен град) ќе се формира и цивилна населба (подградие, варош, емпориони) со стопански делови. Покрај воената и цивилната власт тука ќе столуваат и црковните старешини, епископите во големите градови и нивните заменици (суфрагани) во помалите кастрони,[105] таков е и примерот со Струмица и струмичко, т.е. тврдината „Цареви Кули" во Струмица и тврдините кој гравитираат околу неа во струмичкиот регион.

Струмица за време на Самуил најверојатно била еден поголем кастрон во кој воглавно била сместена војска и управниот апарат на чело со Драгомуж..

---

[104] Йордан Иванов, *Северна Македония. Исторически издирвания*, София 1906, стр: 209-213

[105] И.Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 39-40.

Со неодамнешните археолошки ископувања покрај средновековните бедеми беа откриени на неколку позиции и контурите на доцноантичката тврдина, која според моите предпоставки со одредени интервенции била користена од Самуил. По нејзиното освојување односно доброволното предавање на клучевите од страна на Драгомуж во 1018 година, Василиј бил немилосрден спрема оваа тврдина, целосно ја разурнал. Иако со археолошките ископувања овој период не е доволно застапен, односно е сведен на многу малку движни наоди и неколку фрагменти на керамика кој укажуваат на тој период, сепак сметам дека тврдината „Цареви Кули“ била дел од неколкуте неосвојливи тврдини на Самуил.

Струмица со својата околина била опфатена, како што сведочат изворите во посебна воено-адмистративна единица, на чие чело до 1018 година кога таа била предадена на Василиј II стоел Драгомуж. На струмичкиот управител му биле подчинати сите началници на околните тврдини. Од почетокот на 11.век кога императорот Василиј превзел голема офанзива против Самуил, тој пак обрнал специјално внимание во одбрана на градот Струмица и неговата област. Покрај утврдувањето на градот и околните тврдини тој изградил прегради по патиштата, распоредувајки исто така на овој терен и големи воени сили. Причина поради која Самуил и давал големо значање на Струмичката околија бил фактот што од кај реката Струма Василиј почнал по обичај „секоја година“ да навлегува во Централна Македонија по „царскиот пат“ кој водел по текот на р.Струмица.[106] На еден начин поради немоќта на Самуил да се соочи во директна борба со Василиј II, тој почнал да практикува на еден начин герилска војна, како и напади на византиската војска во опсади кој биле правени со прегради на самите патиштата.

По смртта на Самуил во 1014 година, на неговиот престол доаѓа неговиот син Гаврило Радомир, за време на едногодишното негово владеење, градот Струмица и поголем број тврдини од струмичката област се наоѓале во рамките на неговата држава. Кон крајота на 1015 година, кога власта ја зел Иван Владислав, императорот Василиј се обидел да ја освои оваа важна воено-стратегиска област. Тогаш тој го испрати во овој крај војсководачот-патриција Давид Аријанит, но тој успеал да ја освои само блиската до Струмица тврдината

---

[106] Б.Панов, *Средновековна македонија том 3*, Скопје 1985, стр:484-487

Термица, дури по смрта на Иван Владислав (во февруари 1018 година) на страната на Василиј поминал и Драгомуж кој ја предал Струмица и бил почестен со титулата патрициј. Драгомуж на Василиј му ги предал уште и незавземаните тврдини во струмичката област. Тогаш во Струмица пристигнал и архиепископот Давид, носејки писмо од Марија, жената на Иван Владислав во кое предлага услови за капитулација.[107] Со тоа во 1018 година Струмичката област наполно била вклучена во рамките на византиската империја.

По паѓањето на Струмица, не поминало многу време, Византија ја подчинала цела Македонија, затоа со право некој научници сметат дека во Струмица всушност дошло до капитулација на Самуиловата држава. Уште пред да ја напушти Македонија императорот Василиј наредил во оваа земја да се разрушат сите тврдини и градови кои можеле повторно да постанат средиште на отпор против виантиската власт, оваа судбина ги снашла поголем број на тврдини во Македонија. Во оние што ги оставил, известува Јахја Антиохиски, Василиј назначил „управители од ромеите". На овие управници тој им доделил и големи воени сили со што насекаде воспоставил трајна и стабилна власт.[108]

Струмичкиот крај исто така бил погоден од таквата политика на Василиј и овде биле разурнати до темел сите околни тврдини на Струмица. Од расположените ивори податоци не може да се види дали тогаш биле раурнати и ѕидините на градот Струмица, како што бил случајот со Охрид и другите градови во Македонија. Доколку биле разурнати ѕидините на Струмица тие секако биле обновени кон крајот на 11.век, кога поради норманските завладувања во Македонија, повеќе Балкански градови одново биле утврдени, т.е. во периодот на владеење на Комненовата династија во Византија.[109] Како што рековме кон крајот на 11.век Византија се ангажирала и во утврдувањето на градот Струмица. Тоа најверојатно било извршено во почетокот на владеењето на Алексиј I Комнен (1081-1118), кога византиските владеења во Македонија биле изложени на нормански и српски упади. Во 1083-1084 година постоела голема опасност од навлегувањето на норманите, предводени од Боемунд Таренски, да продрат во Струмичкиот крај, затоа што веќе претходно ги имале запоседнато и опљачкано соседните области. Според известувачот Идриси

[107] В.Златарски, *История на българската държава през средните векове. Том I,* София 1927, стр:733
[108] Б.Панов, *Средновековна...*,433-434.
[109] Б.Панов, *Средновековна...*,490-492.

утврдувањето на градот Струмица било расположено на една планина (височина), влијаела освен неговата значајна географска и стратегиска положба и тоа што градот бил расположен на богато поле опкружено со богати лозја и градини.

Алексиј доста се погрижил за одбраната на тврдината, тој во неа сконцентрирал голема војска и голем број на воено-адмистративен апарат. За тоа говорат и податоците од документите на манастирите од Атос, во нив се наведува дека кон крајот на 11.век на струмичкиот терен била сконцентрирана голема војска, дуксови, катепани, стратези, судии, надгледувачи,описувачи и голем број на други воени и цивилни лица, која го вознемирувала и самиот манастир во Велјуса. Како резултат на таквата сестрана ангажираност, Византија успеала до крајот на 11.век да ја зајакне Струмица и на тој начин градот пак израснал во значаен воено-стратегиски и управен центар и главно упориште на виантиската власт во овој дел на Македонија.[110]

Во неа се наоѓал властелинскиот утврден дворец (Цареви Кули), и во непосредна близина со дворецот, во подградието, со ѕидини опколениот град. На самиот врв на ридот кој доминира над околината се наоѓа властелинскиот дворец (со кој управувале, секој во свое време, Драгомуш, властелинот Добромир Хрс, Стрес, Деспот Слав, протосевастот Хрељa и Константин Драгаш. Опколено со запчесто беденско платно појачано со кули, тврдината била некој вид одбранбен и посматрачки центар. Средновековната тврдина всушност се наоѓа на положба стратешки воочена уште во доцно римскиот период. Трасата на средновековната фортификација во добар дел ја следи трасата на доцно античката фортификација, односно се потпира врз постарите бедеми кој наместа се надоградувани, а наместа се премостени.[111] Нејзината непристапност на врвот, опкружена со клисури под кој се наоѓат поројните рекички Коритниче и Св. Илијски Порој, е значајна поради нејзината лесна одбрана. Погодностите кој ги дава стратешки одбраната положба како јак отпорен пункт и дава можност на релативно лесна одбрана и покрај релативно скромните бедеми и кули. На ваквата тврдина не можела да се пријде со опсадни справи, самиот ѕид исто така бил добро фундиран на карпестата подлога и со тоа подкопувањето на бедемите било оневозможено.

---

110 Б.Панов, *Средновековна македонија том 3*, Скопје 1985, стр:497-498
111 З.Рујак .На патот на предците...,21.

Со доволни залихи на вода и храна таа била практично неосвоива. Тоа јасно го воочуват и современиците кој зборуваат за некои тврдини кој неможат да се заземат на јуриш. Ова посебно се однесува на тврдините во Струмица, Мелник, Прилеп и Просек. Денес со истражувањата знаеме дека тврдината има издолжена елипсовидна основа (сл. 15). Внатре во тврдината се наоѓале поставени различни објекти од стопански и живеалишен карактер, пред се за посадата на тврдината, послугата и стражата. Покрај овие објекти овде се наоѓале кујни, конјушници, ковачки работилници, штали, цистерни за вода, складишта за жито итн. Некој од тие објекти налегнуваат на југоисточниот бедем додека други се слободно расположени на платото.

Струмица уште од вековите оставила длабоки траги во културното наследство на Македонскиот народ, несомнено е дека Струмица низ вековите била водечки центар во регионот. Денес преку Цареви Кули со неодамнешните археолошки ископувања повторно добиваме прилика уште еднаш да ги прочитаме страниците на историјата на Струмица.

Судбината на Цареви Кули е тесно поврзана со судбината на градот Струмица. Било да е Астерион, можеби Добер, Тивериопол, Естреон или Уструмце, Цареви Кули секогаш стоеле тука и дури многу порано длабоко во праисторијата. Тврдината и објектите околу неа неможат да се набљудуват одделно од историјата на градот, односно таа претставува негов органски и нераскинлив дел. Неодамнешните археолошки истражувања на тврдината и некрополата надвор од неа, го потврдија нејзиното долго опстојување на оваа подрачје.

Цареви Кули се издигат на ридот, на јужната страна од градот Струмица, на просечна надморкса височина од 450 метри и претставува повекеслојно наоѓалиште од различни временски епохи. Денес, последната фаза ја претставува средновековната тврдина градена во времето на Комненовата епоха (1081 - 1185), надоградувана кон крајот на 12,13 и 14.век а историските извори зборуваат за одредени интервенции во првата половина на 15.век за време на Османлиското царство. Всушност оваа последна фаза на „Цареви Кули“ т.е на Струмица (11-14.век), ќе биде вклучена во мојот магистерски труд. Значењето на Струмица низ вековите го воочуваме преку локалитетите кој што се наоѓаат во самиот град и околијата, како и преку локалитетот Цареви Кули на кој што неодамна се извршуваа археолошки истражувања.

Знаеме со сигурност дека овде се почитувале божицата Кибела и богот Хермес. Следен важен период е кога се гради првата доцноантичка тврдина а тоа е најверојатно по Готско-Херулската наезда 280 год кон крајот на III и почетокот IV век, односно времето на Римските цареви Диоклицијан и Константин. Бројните наоди од тоа време, а посбно на некрополата Јужен Рид добро ни го илустрираат ова време. Од оваа тврдина засега имаме сочувани неколку фрагменти на Беденско платно на северо-западната, југоисточната страна и јужниот влез. Покрај бедемите беа пронајдени и неколку питоси за чување житарици, бројни движни наоди, итн.

На Цареви Кули беа пронајдени материјални остатоци кој градот Струмица (или тогашен Тивериопол) го сместуваат во најраните христијански градови во земјата. Имено, овде се појавија докази дека веке во IV век имало значајна Христијанска заедница. По IV век следи период за кој немаме материјални потврди. Се чини дека интервенциите врз тврдините низ Македонија во VI век на Царот Јустинијан во обид да се зајакне фортификационата мрежа на лимесот на Дунав и внатрешноста на Царството, ги одминале Цареви Кули.

Спорни наоди на Грначарија се наоѓаат дури од X односно XI век, а некој наоди на накит, истотака сведочат за постоење на одредена активност во тоа време. За историјата на Цареви Кули во време на Словенското населивање на овие простори, а со неа и за историјата на Струмица, незнаеме речиси ништо во периодот на VII VIII и IX век. За неа имаме повеке историски податоци дури од времето на Самуил (крај на X и почеток XI век). Податоците зборуваат дека за време на Самуиловото востание во Струмичката област управувал братот на Самуил, Мојсеј.

Понатаму, основниот извор за Самуил и неговата држава, Скилица ни соопштува за неуспешната опсада на Струмица од страна на еден од војсководците на Василиј II, Патрициот Давид Арианит кој по поразот на Самуил во битката на Беласица на 29 Јули 1014 година, во текот на 1015 година подолго време го опсадувал градот но неуспеал да го освои. Успеал единствено да ја усвои тврдината Термица. На крајот клучевите од Струмица му ги предал заповедникот на Струмица Драгомуж, некаде околу 1018 година, за што добил патрициска титула. Останува нејасно каква е улогата на Цареви Кули во времето на Самуиловите војни, зашто активноста на тврдината во тоа време е видно намалена, по овој период Струмица потпаѓа под Византиска власт.

Со овој краток преглед враќајки се назад во пишаната историја и материјалната култура на Струмица дадовеме една кратка слика за значењето на Струмица низ вековите и на еден начин правиме еден мост т.е се надоврзуваме со периодот којшто треба да биде тема на овој магистерски труд, тоа е периодот од владеењето на Византискиот император Алексиј I Комни (1081 -1118) до паѓањето на Струмица под Турска власт некаде околу 1383 година. Во овој период Струмица ќе има големо значење како воено-адмистративен и духовен лидер во југоисточниот дел на Македонија. Во продолжение на овој текст ќе ги спомнам попратните објекти на тврдината „Цареви Кули".

**Пирг Кула** (Француски односно Нормански "донжон" donjon) наречена, истотака и одбранбена кула, првобитно единствена а подоцна главна најјака и највиско кула на феудалната тврдина која била уредена за живеење и одбрана,[112] а се наоѓала на највисоката точка на платото поставено врз спила. Кулата која имала најмалку два-три ката била во функција на раководен центар на одбраната, а воедно била и дворско место на старешината т.е властелинот. Управителот на тврдината се нарекувал капетан или кастелан односно кефалија.

Во развиените феудални градови Пирг кулата служела и како последна одбрана на војската која го бранела градот, поради што во неа често се наоѓале магацини и средства за живот и борба, а во подрумот, речиси редовно цистерна за вода или бунар, како што е и нашиот случај. Пирг кулата на Цареви Кули е со шестоаголна форма и е единствена од ваков тип на Балканот (сл.21 и 22). Во својата издолжена шестоаголна основа единствена аналогија има во донжонот од Вишеград, позната како „кула н Соломон", кој бил изграден во 13.век за време владеењето на унгарските кралеви. Пирг кулата на „Цареви Кули" првобитно била правоаголна, а подоцна добила и остри агли на југоисток и на северозапад, најверојатно за рекошетирање на проектилите од артилеријата (катапулти, балисти, трабушеи, итн). По правило овие кули немале влез на приземјето туку на спратот. До влезот се доаѓало со надворешни дрвени скали, или дрвен мост префлен преку зидот кој лесно можел да се подигне во случај на опасност (сл. 23). Во приземјето се слегнувало преку спратот однатре, понекогаш под кулата се наоѓала цистерна или бунар за вода.[113] Комуникацијата помеѓу спратовите се одвивала по дрвени скалила преку отворите во подовите.

[112] А.Дероко. *Средњевековни...*,23.
[113] А.Дероко. *Средњевековни...*,23. З.Рујак .*На патот на предците...*,23.

Највисокиот кат во кој престојувал заповедникот на тврдината најверојатно бил со дрвена конструкција и двосливен покрив кој со систем на цеви ја снабдувал цистерната со атмосферска вода.

Цистерната за вода ја заземала целата внатрешност на пиргот и таа била полукружно засведена со доводи за дождовница од керамички цеви. Внатрешните површини биле облепени со специфични керамички плочки со бразди врз кој бил нанесен малтер потврд и од денешниот цемент, а приготвуван е на тој начин што се додавала толчена тула (хидростатен малтер) (сл. 24).

Пирг Кулата е со надворешна должина од 22 метра, ширина 8 метра, најголемата сочувана висина е околу 10 метра. Во внатрешноста се наога цистерна за вода вкопана во карпата со димензии 9,7 метра х 3 метра со длабочина од 8 метра на источната и 8,5 метра на западната страна. Во неа собирало околу 250 м3 вода.[114] На северозападниот ѕид однадвор стои една слепа ниша, горе засводена и со димензии 90 х 70 см. Во неа има 2 кружни дупки (со пречник од 12 см.), кои водат до внатрешноста - служеле за вентилација. Сите елементи упатуваат на доцниот 14. век. Струмичкиот донжон со специфичната форма, според Иван Микулчиќ сугерира директни аналогии со донжоните во Западна Европа (Граубинден во Тирол; Пфалцграфенштајн на Рајна од 1326).[115]

**Други објекти:** Југоисточно од Пирг Кула се наоѓа правоаголен објект-куќа во основата изведен со изделкан камен поврзан со кал, горниот дел најверојатно бил изведен со дрвена конструкција објектот имал најмалку две простории помеѓу кој се наоѓа потковичеста фурна со мал трем изведен со четири реда мали квадратни градежни тули. Фурната е свртена кон поголемата просторија, а во помалата просториаја се наоѓа мала плитка правоаголна када ѕидена со варов малтер. Од кадата вкопан во карпата оди одводен канал изведен со керамички цевки кој водат надвор од објектот (сл. 19). Со оглед на ентериерот може да заклучиме дека во оваа куќа се приготвувала храна за посадта на тврдината. И надвор од овој објект беа наоѓани кружни структури фурни за приготвување на храна. Овој објект налегува на постар со поголеми димензии и печка на јужниот ѕид, од кој останале само периметралните западни ѕидови. Со оглед на наодите

[114] З.Рујак .*На патот на предците*...,23-24.
[115] И.Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 79.

овој објект потекнува од крајот на 12 и 13.век. Источно од овој објект се наоѓа уште еден поголем објект со димензии 13 x 10 метри, истотака со две простории кој служеле најверојатно за сместување на посадата на тврдината.[116]

**Големата цистерна:** еден од најголемите проблеми на високите и тешко достапни градови и тврдини била недостаток на вода и проблемот да се таа стално осигури, во нашите градови цистерните биле најголем проблем и најдрагоцен објект во градот. Дубровчаните имале посебни специјализирани мајстори за ѕидање на цистерни (magister a cisternis), којшто често ги позајмувале на локалните владетели.[117] Ценета особено била „грчката цистерна со свод", тие добро ја сочувувале водата особено поради тоа што биле добро вклесани во карпата и најсолидно изградени. Внатрешната површина на нејзините ѕидови била облепена со малтер поцврст од денешниот цемент, тој малтер е хидростатен и всушнот направен со толчена тула наместо песок.

На Цареви Кули се наоѓа една од најголемите цистерни во тврдините на Балканот. Градена е на идентичен начин како и цистерната во Пирг кулата, односно со вкопување во карпата, потоа ѕидена со делкан камен премачкан со хидростатен малтер (сл. 20). Цистерната потоа е облепана со каректаристични лачни керамички плочки со фисури (бразди) со што додатно се ојачувал ѕидот за да на крајот биде премачкана со фино измазнет хидростатен малтер. Цистерната е со димензии 9,3 x 3,4 метри и длабочина од 9,7 метри. Капацитето на оваа цистерна бил околу 310 м3 вода.[118] И оваа како и цистерната во Пирг кулата се полнела со атмосферска вода. Цистерната во мирно време ја снабдувало со вода посадата на тврдината, а во време кога тврдината служела како рефугиум (засолниште) за населението во градот Струмица.

**Средновековна црква** податоците кој зборуваат дека во северниот дел под местото на сегашниот репетитор, се наоѓала мала придворна црква или капела се покажа како точно по археолошките истражувања во 2007 година, предводени од страна на археологот м-р Зоран Рујак. Малата придворна црква се наоѓа на крајниот исток на тврдината веднаш до самиот бедем, односно северниот влез на тврдината (сл. 16). Можно е олтарниот дел на црквата да навлегувал во бедемското платно. Се работи за еднокорабна црква на која

---

[116] З.Рујак .*На патот на предците*...,24-25.
[117] А.Дероко. *Средњевековни*...,46-47.
[118] З.Рујак .*На патот на предците*...,16.

подоцна се додадени припрата на северната и капела на јужната страна . Во јужната капела беше пронајден фрагментиран фреско живопис со богат колорит, како и фрагменти од светители и натписи (сл. 18). Истотака се пронајдени и фрескоживопис во делот на централнио кораб на кој за жал денес се наоѓа куќичката на репетиторот. Судејки по фрагментираниот живопис постоеле најмалку две фази на фреско декорирање, а црквичката уште била украсена со штуко декорација и декоративни тули. Неколку фрагменти на камена пластика пронајдени расфрлени низ тврдината можеби укажуваат на олтарна преграда изведена со камен. Судејки по остатоците на архитектурата како и движните наоди црквичката е градена во времето на градењето на тврдина, односно во времето на комненската епоха ( крај на 11-12.век, а се чини дека е надоградувана и во 13-14.век). Внатре во црквата, односно во олтарниот дел на црквичката откриен е крст-реликвиар (енкопион) со претстава на Ѓакон и натпис св Ѓорги (сл. 17), што посочува на можноста дека црквичката на Цареви Кули била посветена токму на овој светител. Црквата е со димензии 11,2 x 12, 7 метри. Околу црквичката изнинкала христијанска некропола, а повекето покојници биле слободо вкопани во карпата тие ни даваат можност на увид во социјалната структура на посадата на тврдината и градското население во средниот век. Судејки по движните наоди којшто се доста оскудни, овие гробови припаѓале на дворјаните на тврдината а повеќето се од 12-14.век.[119]

**Други објекти:** Западно од средновековната црква се наоѓа комплексот на објекти односно мала плитка цистерна поврзана преку канал со мал правоаголен бунар длабок 2,7 метри. Јужниот објект ѕидан со градежни тули и делкан камен вкопан во карпата е покриен со фин варов малтер, а потоа со 15 реда градежни тули. Овој објект како и претходниот нема влез што најверојатно упатува на неговата намена како силос за жито. Источно од бунарот се наоѓат три јами поврзани помеѓу себе. Овие јами најверојатно служеле како лежишта на големи питоси ( силоси за жито).[120]

**Бедемско плато:** Целата тврдина била опкружена со непрекинато бедемско платно, денес прекинато на три места со ерозијата на теренот, а на поедини стратешки позиции се наоѓаат и одбранбени кули (сл. 15). Ова бедемско платно е од средновековниот период, меѓутоа на северозападниот бедем и јужниот влез

[119] З.Рујак .*На патот на предците...*,25-27.
[120] З.Рујак .*На патот на предците...*,27-28.

во тврдината имаме и делови на бедем граден во доцноантичката епоха односно 4.век, кога е изградена и првата тврдина. Од внатрешната и надворешната страна бедемот е ѕидан со приделкан камен поврзан со варов малтер, додека внатрешноста е исполнета со полнеж. Исклучок претставува бедемот на јужната порта кој, покрај делканиот камен е зиден и со градежна тула и бигор (сл. 14). Овој бедем е со просечна ширина од 1,5 – 1,8 метри.[121] Финиширањето на бедемот било со горна одна патека по која се движела стражата од внатрешната страна обезбедена со дрвена ограда. На крајот се наоѓал канелираниот градобран изведен запчесто (сл.11), зад кој се заклонувале стрелците и отвори низ кој гаѓале, а над влезовите најверојатно се наоѓал таканаречената куртена (покриен запчест градобран). Можело војниците слободно да се движат, горе на кулата се излегувало преку скали кој биле приѕидани до ѕидот или преку кулата.[122]

Зависно од местоположбата висината на бедемот се движела околу 8 до 9 метри (сл. 9 и 10). Кулите кој се наоѓале распоредени на стратешките позиции околу бедемот биле ѕидани со истата техника како и бедемите, со исклучок на западната кула низ која поминувал влезот и кој најверојатно имал покривна конструкција. Кулите се обично со квадратна, односно правоаголна основа надвисувајки го бедемот за 1 до 2 метри, истотака со завршеток во вид на запчест градобран. Досега се пронајдени вкупно шест кули од средновековната тврдина (со искулучок на Пирк Кулата). На јужната страна се наоѓа јужниот влез со југозападна кула која и денес се наоѓа сочувана речиси во целина (сл. 13 и 14). Просторот кој го чувала кулата од југ е ограден со бедем и уште една кула која овде се издигнала се до земјотресот во триесетите години на дваесети век кога целосно се руинарала (сл. 12). Влезот најверојатно бил организиран веднаш покрај самата кула со приод изведен со дрвена рамка, на што сведочат остатоци од округли колци на јужното лице на југозападната кула веднаш над самиот влез најверојатно се наоѓала куртена (покриен запчест градобран) и мала плитка ниша со икона или фреска на светителот заштитник на тврдината.[123]

Овој бедем најверојатно е ојачуван и во текот на 13 и 14 век. Јужно од влезот се наоѓа вештачки засечен длабок ров (fossa) како би се оневозможил приод на

---

[121] З.Рујак .*На патот на предците*...,28.
[122] А.Дероко. *Средњевековни*...,49-50.
[123] З.Рујак .*На патот на предците*...,28-29.

непријателските восјки со опсадни направи. Покрај самата тврдина, утврдениот комплекс во досегашните рамки ги опфака и најмалку двата бедемски појаси на северната, северозападната и источната страна.

Објектот на западната страна наречен црквичка, најверојатно претставува некој вид скривалиште и е градено во 15 век. Тој засега нема аналогии со објектите од другите тврдини од Македонија. Во подножјето на Цареви Кули во месноста наречена Ловен Дом се пронајдени остатоци на средновековна црква која допрва ќе се истражува. Во истото подрачје до самиот водоводен резервоар се наоѓат остатоци од долната градска населба.[124]

Судејки по аналогните средновековни градови, од тврдината се спуштале ѕидови кој го опколувале градот во подножјето. Овие зидови истотака биле појачувани со многубројни кули. Околу ѕидините бил распространет градот со сите негови згради, админастративни и јавни објекти, цркви, капели, конаци, дуќани, занаетчии и куќи.

Под тврдината чија посада ја штитела целата населба се наоѓале куќите на градското население. Во подградието често се наоѓале куќите и дуќаните на владателот и властелата. Судејки по пишаните документи повекето куќи биле градени од дрво. На просторот помеѓу тврдината и подградието се собирал народот од околината на пазар, панаќур, состаници, судови итн. Тоа место на латиснки се нарекува (forum sub castro). Во мирно време градот го чувале стражи дење и ноќе. Освен професионалните војници градот бил чуван и од самите граѓани кој имале таква должност. Таквата обврска се нарекувала градобљудение (во Душановиот законик) или на грчки цаконство, парамун или бигла а цакони или б’тци биле чувари на градот. Ваквите градови обично се заклучувале ноќе по што потоа никој не бил пуштан да влезе во градот.[125]

Цареви Кули ни нудат значајни податоци и показатели кој се непроценливи за понатамошното изучување на развојот на култиритеи цивилизациите кој го формирале неговиот фациест (лик). Со него се афирмира една од најзначајните одлики на овие простори, а тоа е историскиот и културен континуитет кој започнува длабоко во праисторијата и преку доцна антика и среден век и трае се до денес.

[124] З.Рујак .*На патот на предците*...,29-30.
[125] А.Дероко. *Средњевековни*….30-32.

По освојувањето на Струмица од страна на османлиите положбата и значењето на тврдината „Цареви Кули“ т.е градот Струмица значајно се менува, затоа што таа останала длабоко во територијата на османското царство и нејзиното одбранбено значење постепено почнало да се намалува. Иако се чини дека кон крајот на 14 и почетокот на 15.век, таа сеуште го задржала својот одбранбен карактер за што сведочат некој од наодите од археолошките истражувања. Во документите од тоа време се дознава дека во почетокот на 15.век османлиите поправиле и претвориле во свои одбранбени пунктови голем број тврдини. Во нив сместиле свој гарнизони и огромен воено админастративен апарат. Овде дознаваме дека османлиите имале свои посади, покрај скопската, кичевксата, прилепската и во струмичката тврдина. Меѓутоа набргу после тоа таа е целосно напуштена.[126] Описот на турскиот патеписец Евлија Челебија е доста опширен и со многу детаљи. Тој одделно зборува прво за тврдината, потоа за „дивниот шехер Струмица", а на крајот дава и еден додаток за гробовите на најпознатите турски првенци во Струмица. Струмичката тврдина, бидејќи се наоѓала длабоко во внатрешноста на Турција, била скоро потполно напуштена и започнала одамна да се руши. Во неа седеле само неколкумина христијански платенички војници-мартолози. Таа била без куќи и други згради и само зиме во неа „живееле христијани, чобани со своите овци и кози". Тврдината, освен мартололозите, немала друга војничка посада, ниту свој командант, диздар. Челебија додава дека тврдината била изградена многу цврсто, во „старо време" кога била „тешко достапна, цврста и добро утврдена".[127] Имајќи ја во предвид положбата на самата тврдина која стрмно се издига над градот, таа со мали одбранбени ѕидови би била лесно одбранблива

Тврдината „Цареви Кули“ до толку доминираат над градот што дури и во последните борби во периодот на Втората Сведска војна, во деновите пред ослободувањето на Струмица, во ноември 1944 година, една германска единица се утврдила овде за да ги контролира едновремено трите влеза во градот.

Во овој магистерски труд ќе наведам и дел од движните наоди откриени неодамна со археолошките ископувања на локалитетото „Цареви Кули“, датирани од 11 до 14.век, и тоа откриени со систематските археолошки истражувања кој се одвиваа во последниве неколку години, од страна на

---

[126] З.Рујак .На патот на предците...,20.

[127] Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица ...,* 116.

стручните лица археолози вработени во Струмичкиот музеј. Првите археолошки истражувања на Цареви Кули започнаа во 2005 година, предводени од археологот Маргарита Атанасова, во предходната година се одвиваа Сондажни истражувања, поточно на просторот „Јужен рид“ односно самата некропола на „Цареви Кули“, која се наоѓа непосредно јужно од тврдината, таму во 2004 годин археологот Ване Јованов извршува заштитно-сондажни истражувања, за да во 2007 година се започне со систематски истражувања кој траат до денес, на чело со археологот м-р Зоран Рујак.

Како студент и веќе како дипломиран археолог, веќе пет години учествувам во овие истражувања и сум дел во стручната екипа која работи на овој локалитет, и сум добро запознаен со самиот локалитет а посебно изразив интерес за периодот од 11 до 14.век и една од причините е и тоа што овој период ќе биде опфатен во оваа магистерска работа, златното време на Струмица како вистински лидер во регионот. Благодарајки на археолошките истражувања дојдовме до значајни податоци за животот на „Цареви Кули“ и на еден начин ги надополнивме историските извори што ги имаме за Струмица.

Локалитетот изобилува со движни наоди кој се датирани од 11 до 14.век, јас ќе наведам само дел од нив и тоа оние што се публикувани, имајки го предвид правото за нивно првично публикување на главниот раководител на „Цареви Кули“ м-р Зоран Рујак. Со археолошките истражувања се открија објектите во кој се одвивал животот на „Цареви Кули“, како и бројни движните наоди кој служеле за извршување на секојдневните работи како и предмети кој имале и естетска намена.

Од наодите ќе ја наведеме керамикат т.е. типичната средновековна груба керамика за секојдневна употреба како и луксузната Византиска глеќосана керамика (зграфито), се пронајдени доста садови од овој тип на керамика кој во тоа време биле доста луксузни и претставуваат трпезна керамика, во внатрешноста на оваа глеќосаната керамика има разни флорали и зооморфни претстави како и различни други декоративни шари (сл. 63 и 64).

Од накитот е застапен типичниот средновековен накит, кој воглавно потекнува од некрополата на „Цареви Кули“ како и од погребувањата што се одвивале покрај средновековната црква на Цреви Кули. Од накитот се откријаа голем број на белегзии и тоа од типот со тордирана жица и лентестиот тип,

потоа обетки од јагодест тип со висулче; белегзии направени од стаклена паста и др (сл. од 72 до 76).

Оружјето е доста застапено и тоа стрелки од различни типови со трн или тулец , некаде повеке од дваесетина типови, копје со листовидна форма, како и неколку боздогани од типот шестоперец кој претставуваат голема реткост на нашите локалитети (сл. 69, 70 и 71).

Едни од најголемите наоди на локалитетот се монетите кој имаат големо значање за археолозите бидејки тие се осетливи хронолошки и со нив се врши најточните датирања. На „Цареви Кули“ се откриени повеќе од 1000 поединечни наоди од средновековни монети (сл. од 77 до 81), како и две големи остави (сл. 81). Во едната остава се откриени 4300 средновековни монети, датирани од втората половина на 12 и почетокот на 13 век. Монетите се наоѓат во два керамички сада, и според археологот Зоран Рујак раководителот на археолошките истражувања, оваа остава ја чинат една од најголемите средновековни остави во Р. Македонија. Според досегашните сознанија станува збор за три типа на монети ковани за време на Маноел Комнин (1143-1180) и последователните владетели. На едната страна ги имаат претставите на Христос или Богородица, а на другата царот сам, во придружба на друг цар, или пак заедно со Христос, кој го благословува. Оваа остава моментално е на конзервација и на читање, првичните податоци се дека таа е датирана во време владеењето на византискиот император Алексиј III Ангел (1195-1203).

Другата остава е од 80 Венецијански грошеви, Исус Христос седнат на трон-вака изгледаат венецијанските монети, кои веројатно им припаѓале на војниците од тврдината (сл. 81). Станува збор за венецијански пари од 13-от век, кои се користеле на целата територија на Европа. Монетите се доказ дека Струмица била развиен средновековен град, кој одржувал добри врски со Венеција. Дел од тие монети се од тоа време што на некој начин ни дава за потврда дека во 13.век а потоа и во 14.век тврдината имала голема фреквенција, дека е воден интензивен живот и дека во тоа време Струмица најверојатно доживува одредени моменти кои што се значајни за историјата на Струмица.

## 3.3. „Термица“ ? – с.Банско

Една од тврдини во струмичко за која исто така имаме историски извори за нејзиното постоење е и тврдинат „Термица“, за неа известува и самиот Скилица, тој наведува дека се наоѓа во непосредна близина на самата Струмица. Друг податок за кој не известува Скилица, е обидот како и самото освојување на оваа значајна попатна тврдина, која по самата Беласичка битка во 1014 година не била освоена од Императорот Василиј II, за да во 1016 година тој го испраќа во овој крај војсководачот-патрициј Давид Аријанит, кој успеал да ја освои само блиската до Струмица тврдина „Термица“,[128] имајќи во предвид дека во струмичко во тој период Самуил имал под своја управа систем со тврдини. По нејзиното освојување најверојатно таа била разрушена од страна на војската, тоа речиси секогаш се случувало со секоја наредна освоена тврдина од императорот Василиј II, всушност целта била да се уништуват сите можни упоришта на Самуиловата војска.

Локацијата на оваа тврдина со целосна сигурност неможеме да ја потврдиме, иако за оваа проблематиак имаат пишувано повеќе историчари и археолози. Прв за тврдината Термица пишува бугарскиот историчар Васил Златарски кој по значението на името ја убдицирал тврдината над с.Банско југоисточно од градот Струмица во подножјето на Беласица каде што и денес се наоѓат остатоци од тврдина, а пак самото место тој навел дека се вика „Калери“, а исто така во самата близина на оваа тврдина се наоѓа термата со топла вода. Како исправно оваа локализирање на тврдината „Термица“ го прифатиле издавачите на „Гръцките извори за Българската история“. Иако В.Златарски не го аргументирал своето гледиште, сепак го сметаме за точно,[129] знаејќи дека локацијата на оваа тврдина крај с.Банско се наоѓа на самиот пат низ кој во 1014 година поминал Василиј II движејќи се кон Струмица, како и името на самата тврдина „Термица“ кое најверојатно доаѓа поради непосредното присуство на термални води под самата тврдина, на само 0,5km североисточно од локацијата за која предпоставуваме дека е тврдината Термица (мапа бр. 1).

---

[128] В.Златарски; *История на българската държава през средните векове. Том I.,* София 1927, 717

[129] В.Златарски; *История I...,*717.

Уште во 1896 г. Струмичкиот архимандрид (поточно митрополит) Герасим, по исцрпното проучување на старините во струмичко, во објавените „материали по географията – струмишко“ се изјаснил дека с.Банско, расположено во подножјето на Беласица два и пол часа на југоисток од градот Струмица, го добило своето име по минералната бања, чијашто вода е лековита, особено за реовматизам. Според Герасим Банско во минатото било прочуено по и по големиот Кетен Панаѓур. Тука во старо време имало манастир и две цркви, чиишто остатоци и денес постојат. До селото има остатоци од тврдина која се наоѓа на еден врв на планината Беласица и тоа место го носи името "Калеери".[130]

Дека во средните векови с.Банско со својата минерална бања било мошне познато место во струмичката област, говорат и податоци од неколку документиод 14.век, така на пример во една повелба издадена од Стефан Душан во 1343 г. на манастирот Хиландар, покрај градот Струмица се спомнуват и блиските села: Бориево (Борочево), Банско (Баистя) и Робово (Робово). Исто така и во една повелба издадена на име на манастирот св.Пантелејмон на Света Гора од деспот Јован Драгаш и брат му Константин во 1378.

Првите детални мерења на оваа тврдина ги направил проф. д-р Иван Микулчиќ, којшто ги објавил во неговата книга "Средновековни градови и тврдини во Р.Македонија“ (сл. 25). Тврдината за која предпоставуваме дека е најверојатно „Термица“ лежи на јужниот дел од с.Банско на падините на планината Беласица со 540m надморска височина, односно се издига 250m високо над струмичкото поле и има многу стрмни падини што паѓаат во две паралелни длабоки поројни долини. Едно сосема тесно седло од југ го дели од повискоиот терен. Врвот му е тесен, зарамнет и населуван во минатото (сл. 26 и 27). Одозгора има преглед на поголемиот дел од Струмичкото поле (сл. 35). На 0,8km североисточно од градиштето, во подножјето избива термалната вода, денес тука се наоѓа термалното лекувалиште хотел Цар Самоил.

Термалните извори ги привлекувало луѓето уште многу одамна, При чистењето на главниот извор за негово каптирање во 1970 година во него се најдени повеке стотина антички монети (во АМ Скопје и во повеќе приватни

---

[130] Б.Панов, *Средновековна Македониа том 3,* Скопје 1985, стр.427-430

збирки, Скопје) Парите биле фрлани во изворот како заветен подарок, за оздравување.

Уште во антиката околу врвот на градиштето било подигнато цврсто обѕидие, се гледат два ѕидни појаси, внатрешниот ѕид граден со малтер затвара простор од 240 X 50m (1ha) (сл. 33). Неговиот северен дел што врти полукружно и деловите од источниот ѕид се разголени во наше време со трасирање на шумскиот пат. Тука се разголени и повеќе мали внатрешни градби. Западниот ѕид се потпира на вертикална скала. Според начинот на градба, обѕидот потекнува од 4.век со голема обнова од 6.век.,тоа го потврдуват и ситните наоди на овој простор. Падините северно и источно од крепоста биле користеи од цивилното население за градење на збег на тој простор (сл. 28), опфатен со послаб ѕид без малтер голем 1,5ha (29,30,31 и 32). На северниот крај, разголен од спомнатиот пат, се среќават парчиња од хеленистичка и доцноантичка грнчарија, најдени се и монети од 4.век. На тесното седло 100m пред јужното чело на крепоста, била подигната една предтврдина, голема 36 x 24m ѕидана исто така со малтер а нејзината функција била да ги блокира нападите од југ. Во северозападното подножје на тврдината откопани се неколку гробови со прилози, датирани во 4.век . Кај термалните извори е откопана величествена бањска градба (балнеум) со повеќе засведени простори од 4.век обновени во 6.век. Високо врз нејзините урнатини во турско време била изградена бања од ист карактер и по неа местото го носи името до денес.[131] Иако оваа тврдина според начинот на градење како и движните наоди укажуваат на доцната антика, сепак треба да го имаме предвид и фактот дека токму тие доцноантички тврдини делумно закрпувани и или со мали интервенции доградувани, во крајот на 10 и почетокот на 11.век биле користени од Самуил, иако оваа ѕидање не ни е познато тоа наведува дека поправките на старите обѕидија биле изведени во техника на сувоѕид, без малтер зајакнати со дрвени греди, којшто органски материјал не се задржал до денес.

Веројатно поради самите термални извори, старата крепост користена со извесни обнови и во средниот век. Едно депо со византиски монети бакарни скифати од 12.век (Јован I Комнен, Мануил I, Андроник I, Исак II Ангел, бугарски и латински имитации на Мануил I ) биле закопани на градиштето во

[131] И.Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Р.Македонија*, Скопје 1996,. 313-314, *Археолошка карта II…*, 401.

13.век ( речиси 1000 парчиња, Најдени во 1956 г. сега во музеј Струмица). [132] Моментално самато место денес е обраснато со густа вегетација и е непреодно, а шумскиот пат кој поминува дирекно низ средината на самата тврдина во голем дел ги уништува објектите кој се наоѓале во самата внатрешност.

Оваа тврдина за која што зборуваме а воедно претпоставуваме дека е тврдината „Термица" над денешното с.Банско, за која зборува и самиот Скилица, се наоѓа покрај еден од двата патни краци кој покрај подножјето на планината Беласица, односно јужно од течението на реката Струмица ги поврзува двата значајни средновековни центри Струмица и Сер. Не случајно оваа локација била изберена за подигнување на тврдина, покрај положбата, односно доминантноста и тешко достапноста, како и дирекната визуелна кумуникација со тврдината „Цареви Кукли" на само 11,5km укажува за нејзиното значање. Пристапот до оваа тврдина е ограничен од север и југ, односно на југо од Моноспитовското блато а на север од планината Беласица, само еден делумо тесен коридор поминува во правец исток - запад и обратно, односно самата патна комуникација која претходно ја спомав.

Во полниот среден век немаме историски извори за некој активности на овој простор, како и доволно археолошки истражувања, кој воедно се сведени само на римската терма и една средновековна црква која се смета дека била посветена на св. 40 Севастиски маченици, временски црквата според архитектонската градба и живописот припаѓа на 12 и 13.век, а била доградувана и во турскиот период. Но сепак иако не е истражано населбинското живеење на овој простор, самата црква како и средновековната остава која предходно ја спомнавме се доволен доказа за активности во 12 и 13.век, додека во 14.век самото село Банско е спомнато во повеќе пишани извори на српските и локалните владетели.

---

[132] И.Микулчиќ, *Средновековни...*,313-314.

## 3.4. „Василица"- с.Костурино

Тврдината „Василица" претставува висока крајпатна стража, таа лежи 3,5км северно од с.Костурино, 1км на југ од с.Раборци и 6км од јужно-југозападно од Струмица (мапа бр. 1), во најтесниот дел на клисурата на Дервенска река. Низ неа поминува патот Струмица-Валандово-Солун. Станува збор за долг рид со зарамнет врв чии страни паѓаат во претходно спомнатат река и во Маркова река на запад. Висок е 220m над реките т.е. со 590m надморска височина, со голема прегледност над патот низ теснецот (сл. 37 и 38). Првото детално мерење на оваа тврдина го извршил проф. д-р Иван Микулчиќ (сл. 36).

На врвот лежат остатоци од цврсто обѕидие, градени во доцноантичкиот период (сл. 41). На северната страна се гледат остатоци од две фази на градење (од доцниот 4. и 6.век). Укрепениот простор е со димензии 152 X 38-25m (сл. 39), на трите агли бил зајакнат со три издадени кули. Еден внатрешен ѕид го дели просторот на два дела. Долж јужната страна на кастелот се потпирала стамбена тераса голема 0,7ha и подѕидана од југ со камен ѕид без малтер (сл. 40), на неа се гледат бројни парчиња од доцноантичка грнчарија, питоси и тегули, како и ретки хеленистички фрагменти. Кастелот на „Василица" имал функција на висока стража, чија посада можела да го блокира патот во спомenatата клисура. Самата позиција на крепоста како и само 6км оддалеченост од Струмица била премногу значајна за овој град, токму тука можел да се задржа секој непријателски напад од југ.[133]

Затоа „Василица" била запоседната и во средновековието. Западната кула чија големина (12 X 10-7m) и форма не се вообичаени во антиката, била обновене и користена во подоцнежните векови. Меѓу движните археолошки наоди се гледат парчиња од средновековна црепна и од глеќосана византиска трпезна керамика. Во североисточното подножје, близу до патот, во 1980 г. било откопано депо со монети- златници од 11.-12.век (моментално се наоѓат во музеј Струмица). Името „Василица" несомнено потекнува од името на некогашниот кастрон „Василида" (номинатив: Василица). Името на соседната Маркова река и

[133] Археолошка карта на Р.Македонија III...,408, И.Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Р.Македонија, Скопје1996, стр: 316.

името Маркови кули како второ име на истата крепост се топоними настанати на крајот од средниот век од турско време, а одразуват сеќавња на старата крепост.[134]

Поради својата доминантна положба на овој предел со надморска височина 590м или околу 170м се издига од патот кој е со некоја просечна височина од 420м. Воедно Василица како попатна стража која го чувала влезот од југ кон Струмица има целосна контрола на стариот пат кој се наоѓа западно од неа, како и над клисурата на реката Тркајна која се наоѓа источно од неа ако евентуално била патно користена, иако самат оваа траса не била користена се до некаде средината на 20.век кога е пробиена и денес овде се наоѓа модерниот пат Струмиц-Валандово.

Доминантната положба на тврдината Василица, со нејзината највисока надморска височина во голем дел овозможува голема прегледност на сите страни. Има прегледност на патот кај село Попчево кој доаѓа од Струмица и е на одалеченост 3.5км воздушна линија од тврдината, исто така и на патот кој од Штип преку реката Крива Лакавица поаѓа во подножјето на селото Рич (сл. 42), каде исто така е забележано дека има тврдина[135] која го контролира самиот пат, селото Рич се наоѓа северозападно од Василица на 9км одалеченост. Покрај овие патни правци Василица го контролира и влезот од југ, односно патот кој доаѓал од Солун-Дојран Струмица (сл. 43), кој од Валандовската котлина се издигал во полето на село Костурино, со видливост од 4.5км, на еден начин оваа тврдина имала целосна контрола и прегледност на сите страни како и на патните правци кој доаѓале од југ и од северозапад. Иако во турскиод период оваа тврдина најверојатно ја губи својата функција, сепак овој предел исто така и за турците бил доста значаен и клучен имајќи го во предвид значењето на патот кој од Солун за Струмица минувал низ овде. За тоа зборува и самото с.Костурино кое во турскиот период се спомнува како дервенџиско село, поради значањето на патната траса која поминувала низ него. Костурино се наоѓа на југ од тврдината Василица на 3,5km оддалеченост.

Во продолжение за значењето на тврдината Василица, односно на пределот во кој се наоѓа таа, можеме да спомнеме еден историски извор од Скилица кој е

[134] И.Микулчиќ, Средновековни..., 316.

[135] Самиот локалитет е познат како „Скрка“.

поврзан токму со овој крај јужно од Струмица на самата патна траса Струмица – Солун. По самото рзабивање на „Клучката дема“ и превземањето на тврдината „Мацукион“, Василиј II го испратил солунскиот дук Теофилакт Вотанијат со војска да ги премине ридовите крај Струмица т.е. силно исечената месност јужно од тој град, познато денес под името „Чам“ (Чам Чифлик), да ги изгори демите по патот и да направи преоден пат за императорот да се повлече во Солун. Кога пристигнал на местото Вотанијат безпречно бил пропуштен од локалните стражи да влезе внатре; сепак кога побарал да се врати повторно кај царот, откако ги исполнил заповедта, тој паднал во поставените во истата област заседа и го причекале тајно во една долга теснина. Тоа сигурно бил тесниот премин меѓу Беласица и Плауш планина, кој во село Костурино се спушта на југ кон селото Дедели. Кога влегол во теснина, опкружен од сите страни и опсипани од височините со камења и стрели, без да може некој да го заштити поради теснина и непреодноста на местото, сам паднал убиен, без да може да се одбрани, откако Гаврил-Радомир го прободел во стомакот со копје, и голем дел од неговата единица била уништена[136] Самата конфигурација на теренот на овој планинско-ридски крај допуштал патот да биде изложуван во тесните и непреодни клисури на изненадни напади. Најверојатно Вотанијат настрадал во опасните теснини меѓу Струмица и Костурино кој места важеле за најопасни. Скилица спомнува дека преградите се наоѓале во непосредна близина на градот.[137] Токму во овој ридест предел јужно од градот Струмица се наоѓа и самата тврдина Василица, можеме да претпоставиме дека овде најверојатно во тој период имало концентрирано самуилова војска, која излегла од тврдината и го изненадила одредот на Вотанијат. Од ридестиот предел тврдината скоро и да не е забележива.

---

[136] В.Златарски, *История на българската държава през средните векове.* Том I, София 1927, 698-699.

[137] Б.Панов, *Средновековна Македонија том 3,* Скопје 1985, 450-451.

3.5. „Мацукион“ ? – с.Мокриево

Од Скилица-Кедин се дознава дека и тврдината наречена Мацукион се наоѓала близу Струмица, точната локација на оваа тврдина во науката сеуште не е утврдена. Откако Василиј II ја разрушил демата кај Кључ, се спуштил да ги следи војниците кој бегале кон Струмица. Според народното предание кај с.Мокриево (струмичко) се судриле двете војски во кој судир учествувал и цар Самули заедно неговиот син Гаврило Радомир со кој излегле од Струмица и се упатиле на помош на разбеганите војници. Самули претрпува голем пораз во кој паднале многу жртви и многу повеќе биле запленети.

А. Гилферинг сметал дека зборот “Ματζούκιον“ би требало да се чита како Мачук и дека таа тврдина се наоѓа на “на патот“ што одел од теснината кај Беласица за Струмица. Слично се изјаснил и Ф.Рачки кога навел дека Василиј II, откако ги поминал теснините кај Беласица по издвојуваната победа, “се упатил кон Струмица“. Откако ја освоил тврдината по име “Ματζούκιον“ се приближил веќе кон Струмица. Г. Шлумберже исто така сметал дека тврдината Мацукион се наоѓала меѓу Петрич и Струмица и тоа сосема близу до Струмица. За разлика од Гилферинг, Рачки и Шлумберже, К.Иречек сосема поинаку ги разбрал вестите од Скилица. Тој сметал „еден одред грчка војска достигнала до кулата Мацукион“, која се наоѓала во сегашното село Мачуково[138] каде имало и рушевини, исто така бугарскиот историчар и археолог Ј. Иванов ова гледиште го прифатил и стои на тезата т.е. тој ја идентификува тврдината „Мацукион“ со денешното село Мачуково, и за да го надмине несогласувањето за определување на местото, тој вели дека: завземањето на таа крепост се случила многу порано, воедно од солунскиот военоначалник Вотанијат кој што по разбивањето на Несторица кај Солун тргнал да се соедини со императорот Василиј II кој моментално се наоѓал на клучката дема. Ј.Иванов се изјаснил дека “Ματζούκιον“

[138] Мачуково е село во Егејска Македонија во непосредна близина на градот Гевгелија и македонско-грчката државна граница, на која претставува граничен премин од грчката страна, селото е одалечено 3км јужно од граничниот премин, а од Струмица е оддалечено речиси 40км. На гръцки селото моментално се вика: “Εὔζωνοι“(Евзони), до 1927 година било Ματσίκοβον.

одговарал на Мачуково кое се наоѓало далеку на југ од Струмица, на левиот брег на Вардар.[139]

По патот кон Струмица императорот Василиј II успеал да ја освои тврдината наречена „Мацукион“ која се наоѓа близу до Струмица. Дали треба да ја бараме оваа тврдина крај денешното с.Мачуково, зашто името колку и да е блиску самото село се наоѓа многу подалеку и не по патот на Василиј II кој води за Струмица, туку далеку на југ на левиот брег на Вардар, југозападно од Дојран. Со таквата погрешна интерпретација на текстот на Скилица не се сложува и Васил Златарски, наведувајќи дека текстот на Скилица е сосема јасен и не дозволува ниту најмала можност да се претполага дека тврдината Мацукион се наоѓала кај денешното село Мачуково, за да се избегне оваа невозможност може да се направи следнава претпоставка, можеби според мислењето на В.Златарски во средниот век имало крепост Мацукион близу до Струмица, чие население по една или друг причина за време на турското освојувања било принудено да ја напушти тврдината и да се пресели на денешното Мачуково, кое што го нарекле по старото име на тврдината или пак Скилица погрешно го дава името на друга тврдина, на пример на тврдината крај денешното село Мокриево (мапа бр. 1),[140] кое навистина се наоѓа наблизу до Струмица и по пат на Василиј II од Клучката дема до градот Струмица. [141]

Тврдината најверојатно се наоѓала на т.н. „подгорски пат“ кој ја поврзувал Струмица со селата од Подгоријата , т.е. со оние што лежеле во подножјето на планината Беласица , по се изгледа дека тврдината Мацукион се наоѓала меѓу селата Коњарино и Банско затоа што таа паднала под византиска власт веднаш по Беласичката битка во 1014 година, додека тврдината Термица (Банско) останала неосвоена, според Скилица дури кон крајот на 1015 година била освоена од византиците.

Од друга страна пак М. Ристиќ погрешно го протолкувал изразот „φροῦριον“ кога се изјаснил дека Василиј II по победата кај Беласица „продрел длабоко и го освоил градот Мацукион“, затоашто изразот „φροῦριον“ во конкретниот

---

139 В.Зларски, *История I...,*: 698. Б.Панов, „Струмичката област во времето на Самоил“, *Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава,* Скопје 1971, 152-153.

140 Мокриево е „подгориско“ струмичко село, околу 17km одалечено од градот. Денес припаѓа на Општина Ново Село.

141 В.Зларски, *История на българската държава през средните векове. Том I,* София 1927, стр: 697

случај не се однесува на град, туку тврдина која ги чувала пристапите кон Стумица.[142]

Не би можеле целосно да се согласиме со мислењето на В.Златарски дека Скилица можеби погрешно ја означил твдината кај денешното село Мокриево со Мацукион исто така не се приемливи и мислењата на Иречек и Иванов дека тврдината Матцукион се наоѓа кај денешното село Мачуково. Оваа тврдина исклучиво теба да се бара меѓу многубројните тврдини кои според Скилица влегувале во Струмичката област. Можеме да претпоставуваме дека можеби била една од тврдините, чии остатоци сеуште се среќават кај селата Борисово, Мокриево и Сатро Коњарево.[143]

Архемандритот Герасим во крајот на 19.век посетил доста стари места во струмичко, меѓу кој тој пишува дека над с.Борисово (струмичко) постои рушевина од „Самуиловите тврдини" исто така и за соседното с.Мокриево има запишано предание дека рушевините што се наоѓат над селото се од „Самуиловиот период", тоа останало до денес во колективната меморија на самите селани.[144] Тоа се потврдува и од вестите на Јахја Антиохиски кога вели: „*И ги прими тој* (императорот) *нивните* (натамошните војводи) *твдини, и им направи милост, и даде на секого од нив должност според тоа, кое го сакале неговите заслуги. И остави за себе силни тврдини , и назначи над нив управници од Ромеите, и ги сруши останатите*". Сето ова говори дека голем број на тврдини што ги имало насекаде низ Самуиловата држава, наполно и засекогаш исчезнале. Оттука е веројатно дека тогаш и твдината "Ματζούκιον" била разурната и останала неупотеблива за секогаш, а за неа останале да сведочат вестите од Скилица и остатоците од тврдините во подножјето на планината Беласица.[145]

Знаејќи дека до скоро немаше истражено ниту една тврдина во подножјето на Беласица, и со тоа неможевме со целосна сигурност да тврдиме која од овие тврдини била Мацукион за која зборува и самиот Скилица. Во 2011 година беше извршено сондажно археолошко истражување на локалитетот Пирго, кој што се наоѓа југоисточно од селото Мокриево, истражувањата беа предводени од

---

[142] Б.Панов, „Струмичката област...,153.

[143] Локалитет Кале (Марково Кале), градиште од доцноантичко време. На 2км јужно од селото, во подножјето на Беласица, на висок рид се гледаат остатоци од одбранбен бедем граден од крупен кршен камен и варов малтер. *Археолошка карта II…*,410

[144] Б.Панов, Средновековна македонија том 3, Скопје 1985, стр:433-434.

[145] Б.Панов, „Струмичката област...,154.

археологот м-р Зоран Рујак. Иако истражувањата траеа сосема кратко, беше откриена и истражена една централна кула со маркантни димензии (сл. 45), најверојатно со самата кула имало и попратни објекти, но тоа досега не е воочливо поради густата вегетација и столетните дрвја кој се простират на овој простор.

Кулата е со квадратна основа со димензии 10,65m на 10,65m, ѕидовите се ѕидани во масивен емплектон со огромни камења кој ги формираат самите лица на ѕидот и со полнеж со ситни камења и малтер, дебелината на ѕидот е фантастични 3m. Основата на кулата била поставена на самата карпа, а нејзината најголема моментална висинската зачуваност е 6m (сл. 46), таа била многу поголема од моменталната ако го земаме предвид и податокот од самите селани кој велат дека оваа кула до неодамна била извор за камења, на еден начин каменолом од кој тие собирале камења со кој ги граделе нивните куќи и штали.

Според начинот на градење оваа кула најверојатно била изградена во доцната антика, еден вид фуринон кој го обезбедувал патот. Знаејќи дека голем број на тврдините кој ги користел самиот Самуил претставуваат доцноантички тврдини кој биле делумно обновувани, јас стојам на мислењето дека оваа кула била употербувана од страна на Самули и најверојатно таа е тврдината Мацукион која била освоена во 1014 година од страна на Василиј II и веднаш потоа разурнета. Овој простор околу тврдината бил активен и продолжил да опстојува во подоцнежните периоди за тоа укажува присуството на средновековна керамика т.е. типичната груба керамика за секојдневна употреба како и луксузната византиска глеќосана керамика (зграфито), дали по освојувањето на тврдината од страна на Василиј таа ќе ја изгуби својата функција како попатен фрурион за тоа ќе кажат и самите археолошки истражувања кој се предвидени во престојниот период.

## 3.6. „Палеокастро“ – с.Велјуса

Освен тврдините Термица и Мацукион во струмичката област влегувале и други тврдини, за тоа говори и Скилица, нагласувајќи дека струмичкиот управник Драгомуж му ги предал на Василиј II „тврдините во областа Струмица оние што Византија ги немала освоено“. Една од таквите тврдини што го заштитувала приодот кон градот Струмица од радовишко и тиквешко, секако била и тврдината „Палеокастро“ која се спомнува во документите кои припаѓале на манастирот св.Богородица Милостива кој и денес постои во с.Велуса. Од овие документи што ги издал L.Petit, се утврдува дека „Палеокастро“ (Παλαιοκάστρω) постоел во 11.век и дека манастирот се наоѓал сосема блиску до него. L.Petit смета дека Палеокастро се наоѓа на високо место над с.Велјуса во подножјето на планината Еленица каде имало и остатоци од тврдина (мапа бр. 1). За разлика од него, Милетич дошол до заклучок дека замокот “Палеокастро“ се наоѓа малку по на исток поблизу до Струмица. Секако поубедливо е мислењето на L.Petit, затоашто постојат остатоци од тврдина кој и денес се видливи. Оваа тврдина сигурно лежела на патот кој поминувал низ најгустиот дел на планината Еленица и ги поврзувал радовишките и тиквешките краишта со Струмица. Во рамките на струмичката област секако влегувале Конче и Радовиш кое во тоа време било село, за тоа дознаваме од грамотите на Василиј II дека и припаѓале на струмичката епархија. Конче се наоѓа на важниот средновековен пат кој ја соединувал Струмица со тиквешијата и штипско.[146]

Споед мислењето на Милетич кој вели дека тврдината Палеокатро е поодалечена од денешното село Велјуса и се наоѓа „малку по на исток“ поблиску до Струмица, единствена тврдина која се наоѓа на овој простор помеѓу селото Велјуса и Струмица е тврдината „Кулата“ (Кулите), која се наоѓа во подножјето на планината Еленица на едно мало високо ридче, 2,5km југоисточно од селото Велјуса и 5km северозападно од Струмица.

Денешниот локалитет „Кулите“ се наоѓа на нешто повеќе од 1км северозападно од денешното село Водоча. Според површинските наоди

[146] Б. Панов, *Средновековна македонија том 3,* Скопје 1985, 434 – 435; П.Милковиќ, *Манастир св.Богородица Милостива во с.Велјуса крај Струмица,* Скопје 1981, стр: 36 ;

тврдината има подолг хронолошки период, таа наверојатно била првично употребувана во хеленистичко, римско и доцноантичко време. Тврдината се простира на едно високо ридче со зарамнето плато, издолжено во правец север-југ, на кое на јужната страна се наоѓаат остатоци од бедем и една одбранбена кула. Според Ј.Ананиев платото што е оградено со бедем изнесува 60 X 40м, и во него се среќава множество фрагменти од керамички садови, според кои можеда се заклучи дека тврдината била во функција најверојатно од 4.век пне. до 4.век од н.е.[147]

По посетата што ја извршив на оваа тврдина, како и површинските наоди од градежна и садова керамика се уочува дека тврдината имала поголем континуитет, некаде највеојатано во доцната антика тој е прекинат, но не можеме да исклучиме дека таа не била во некаква си функција и во средниот век. Имајќи ја во предвид нејзината добра поставеност како и прегледноста на цел дел од Струмичкото поле, воедно е на мала одалеченост од северозападниот влез на Струмица преку Радовиш. Самата тврдина дирекно комуницира со централната т.е. главната тврдина во Струмичко во средниот век „Цареви Кули", како што рековме предходно „Цареви Кули" се наоѓа на само 5км југоисточно од оваа тврдина. Оваа тврдина не е измерена ниту добро документирана до сега, според моето воочување на терен бедемот што го опкружувал акрополот на тврдината е речиси дупла поголем од податоците што ги дава Ј.Ананев. Остатоци на бедем има на источната страна на тврдината, може добо да се следи правецот на движенње на одбранбениот прстен, додека на западната каде воедно и ридот го пресекува мала рекичка ѕидот во голем дел е испаднет во клисурата. На јужната страна самото ридче на кое лежи тврдината се надоврзува со други ридчиња со поголема надморска височина, каде и пристапот за оваа тврдина е многу подостапен, сметам дека на овој простор е направена фештачка „fossa" кој ја разделува тврдината со јужните попристапни ридови.[148]

За нас од суштествено значење е постојниот податок дека царот Алексиј I навистина го посетил манастирот „Богородица Милостива (Елеуса)" во населбата (селото) наречена „Палеокастро" крај Струмица пред 1106 г., поради

---

[147] Археолошка карта II...,405;

[148] Дел од податоците се превземени од топографските карти на „ Државниот институт за геодетски работи" изработени од „Japan international cooperation agency" 2006 година.

што тој дури го изразува со восхит сеќавањето за впечатоците од оваа своја посета:,...*а сега ,откако моето царство го виде* (манастирскиот храм*) и разбра дека Богородица навистина е милостива кон човечкиот род, смета дека е неопходно да го направи поклонението во манастирот. Кога ја виде немаштината и благочестивеноста на старите монаси, како да не биде моето царство подарежливо кон овој манастир и како да не појави поголема наклоност и честољубие кон него.*[149]

Од овој податок гледаме дека „Палеокастро " се спомнува како селска населба близу до манастирот „Богородица Милостива (Елеуса)", а не како тврдина, најверојатно тоа е локалитетот „Кастровица", кој претставува средновековна населба на 1,5км северно од с.Велјуса, по површината на нивите на посто од (800 X 500м) се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.[150] Етимолошки ови две имиња се многу блиски, „Палеокатро" - „Кастровица". Во вториот хрисовул на блажениот император Алексиј I Комнин (1081-1118) во кој се вели дека манастирод е близу некаде до селото, наречено Палеокастрон. Друг извор е „практикот за предавање на дванаесет ѕевгаритни парици, што биле предадени преку грамотите заедно со сеодветната земја"[151] ; во кој извор се спомнува дека манастирот Богородица Милостива е изграден над селото Палеокастро. Денешниот локалитет „Кастровица " навистина се наоѓа под самиот манастир, сметам дека нема сомнение дека Палеокастро е средновековна населба но не и тврдина.

Друг локалитет од тој период во близина на манастирот е лок. „Чука" што всушност претставува доцноантичка и средновековна населба, на околу 500м јужно од денешното с.Велјуса, односно југоисточно од манастирот, на површина од околу 100кв.м., во нивата на Г.Ефтимов се наоѓат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.[152] Но сепак овој локалитет не се поклопува со самиот опис, тој не се наоѓа по самиот манастир и е на речиси во иста линија со него т.е. на иста надморска височина.

---

[149] П.Милковиќ, *Манастир св.Богородица...*,36 ; *Гръцки извори за Българската история VII,* София 1968, 81-82

[150] *Археолошка карта II...*,404.

[151] Овој практик претставува документ од времето на Мануил I Комнен (1143-1180) составен во 1152 година. П.Милковиќ, *Манастир св.Богородица...*,48.

[152] *Археолошка карта II...*,404.

# Четврта глава: ***Патна мрежа во струмичко***

## 4.1. Основни обележија на средновековните патишта

Струмица го завзема централниот дел на Балканот, град низ кој минувале значајни патни артерии, кој воедно му овозможувале голем и брз развој низ средновековниот период. На скоро еднакво растојание од главните балкански центри била причината Струмица секогаш да се наоѓа во периферииите на средновековните балкански држави. Својот развој Струмица го овозможувала поради нејзината непосредна близина до вториот по големина и значање центар на Балканот градот Солун, од каде воедно го црпела секое ново искуств, секој нов напредок, секоја нова промена која дирекно влијаела и на самиот развој на гадот.

Податоци за патните мрежи кој се разидувале низ Струмичката околија добиваме од српските, бугарските, византиските а подоцна и од турските извори. Голем број на кралеви, цареви, императори, патеписци и случајни минувачи кој поминале на кратко или на подолг период ја спомнуваат Струмица, дават информации за тврдините, патиштата, за луѓето, обичаите, навиките на струмичаните, кој што информации ни овозможуваат да се обидеме да направиме една реконструкција на животот во Струмица во средновековието.

Според податоците на средновековните српски повелби изгледа дека постоеле две категории на патишта: „цести“ и „патишта“. Под „цести“ се подразбирал главниот пат, односно пат кој припаѓал на главната патна мрежа а под „пат“ оној кој имал локално значање. Во средновековните српски повелби го среќаваме и називот „друм“ кој доаѓа од грчкиот збор (dromos). Во повелбата

на крал Срефан Урош II Милутин (1302-1309) друм се спомнува покрај името на с.Зубово кое денес постои во полината на р.Струмица источно од истоимениот варош. Кога станува збор за главни пат тој се одбележува со називот „велики“ или „вели“. Во голем дел се користеле и трасите на старите римски патишта, тие воглавно биле „велики патишта“ или „велики цести“, остатоци на тие патишта (римски) во средниот век, од страна на бугарите и србите биле нарекувани „via regis“ (царски пат). Димензиите на патиштата варирале, така на пример големите цести требало да бидат широки од 5 до 6 чекори (passi) т.е. 3,5 и 4,2m. Според друг акт од 1358 година републиката (Венеција) наредува патиштата кој одат од југ на север морат да бидат широки 3 чекори т.е. 2.10m а оние кој одат за виноградиeто по 2 чекори (1.40m). Веројатно големите цести биле со ширина 6 чекори секако во рамничарските предели каде имало услови за тоа но не и во планинските предели. Према одредбата на Василикама во Византија било пропис големите цести да бидат со ширина околу 2,70m. Ширината на друмот е обележано со крупни ивични камења.[153]

Начинот на градење на самите патишта во средновековието доста зависел од конфигурацијата на теренот како и од самата земја, на места каде патот поминувал низ хумус основата на телото на патот била изградена од крупен камен кој воглавно бил зариван во земјата, преку овој камен бил ставан кршен камен и најпосле слој земја поради врзување. Во брдските краеви се ставало калдрма, меѓутоа поради атмосферските води на многу места земјата е испрана така да крупните камења штрчата одвоени едни од други, така да пато станува тешко преодлив или неупотреблив. Овој начин на градење на патиштата е познат под името „макадам“ го применувале римјаните а преку нив е преземан од другите. За разлика од римските патишта кој се градени во поголем случај од крупен камен, кај средновековните во поголем број случаеви ивичните камења им се покрупни од останатите. На некој места телото на патот е изградено од густо набиени мали јајцевидни камења без земјен слој између нив, тој начин на изградба е користен кај османлиите и тоа на кратки растојанија односно за пролазни патишта и улици.

Совладувањата на возвишениата на планинските предели се постигнувало со завои (серпентински патишта), а пак средновековните мостови биле сводасти со

---

[153] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974, 16-23.

еден или повеќе сводови, камените столбови на мостовите имале широка основа која во нормални водостои се наоѓале под вода.

Главните преносни средства во планинските и рамничарските предели биле: коњот, магарето, мазгата, камилата, биволот и волот, а на цестите и големите патишта се користеле големите и мали коли. За употребата на камилите како преносно средство спомнува и Ј.Цвијич кој вели дека уште во 1901 година измеѓу Солун – Дојран – Петрич - Струмица се пренесувало стока, во колективната меморија на старите струмичани до ден денешен се зборува за фамилијата „камиларци“ која пренесувале стока од Солун со помош на камили.

Количински мазгите биле товарани од 150-200kg, а магарињата по 80kg, но тоа зависело од далечината како и од пределите низ кој поминувал караванот. Товарот се носел во вреќи од по 50kg, а волната се набивала во бали како денес сеното. Робата се ставала во двојни кожни торби-бисаги (bisaciae) со верижен поклоп и се товарале на самарот. Власите воглавно биле сопственици на товарната и влекачката стока. „во дечанскиот христовул се спомнува дека секое село било должно да држи во сопственост по еден коњ а црковниот товар“. [154]

Трговските дружини најчесто биле организирани во каравани, под караван подразбираме организирана поворка на трговци кој заеднички поминуваат пат низ дивите и далечни краеви, изразот „караван“ доаѓа од персискиот збор (karawan-caruana-caravanus) кој во нашите краеви се одомаќил од 14.век во старословенски облик „караван“.[155]

Колку траело едно патување на некоја извесна релација тешко е да се утврди, тоа не зависи само од должината на патот туку и од многу други услови, сепак има разлика дали се патува преку рамничарски, брдски терен или тешко приоден планински терен, дали се оди пеш, се јава или пак со запрежна кола. Како и од годишното време, атмосферските прилики, сигурноста, познавањето на патот итн.

Од турската архивна граѓа може да се искористат доста важни податоци, од пописните дефтери (од 15.век и од 16.век.), тоа се податоците кој се однесуваат на „дервенџиските села“, т.е. села чие население било задолжено за одржуване и чување на патиштата на одредени релации односно на значајните делници на патот. Обично дервенските села биле распоредувани покрај патиштата (нивното

---

[154] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974, 24-29.
[155] Г.Шкриванић, *Путеви....*,26.

лоцирање ја дава приближната траса на патот). Колку е поголем бројот на дербенските села, толку поточно може да се одбележи патот. Има случаеви кога во рударски и други важни предели не се евидентирани селани како овластени дербенции, наместо нив се спомнуват војници-мартолози и војноци со овластување дербенции. Имињата „дербенд" или „дервен" често се зачувуваат во топонимијата и тоа на места каде османлиите поставувале дервенски села, односно каде проаѓал стариот пат (пр. Дервенска река, измеѓу Валандово и Струмица).

Во 1519 година. како дервенциски села во пописниот дефтер во струмичко и блискиот регион се регистрирани следниве села: Костурино, Липовик, Фурка, Превалец, Тонотарци, додека во 1592г. како такви се регистрирани селата Тонотарци, Превалец и Ново Село (мапа бр.1). Поранешните дервенциски села биле вклучени во новоформираните нахии, Костурино и Фурка во Бојмија а с.Липовик во нахијата Конче. Населението во сите дервенциски села било чисто христијанско со исклучок на с.Тонотарци каде во 1572 година е регистриран еден муслиманин.[156] За вршење на дервенциската служба, жителите на одделни населби што се наоѓале најчесто во близина на некои клисури, тешко преодни и опасни места добивале султански документ, наречен „берат" во кој се дава образложение зошто населението на селото се ополнумоштува за вршење на дервенциската служба и во што се состои истата. Исто така се наведуваат и другите бенефиции кој ги добиваат дервенциите и од кој државни и други обврски се ослободени. Должностите и обврските на дервенциите биле мошне тешки и одговорни. Тие морале денонокно и под оружје да ги чуваат дервените, мостовите и други месности на патиштата каде минувале трговци, пазарџии, разни службени лица, собирачи на државни даноци и друго. На еден начин тие се грижеле за нивната безбедност додека поминувале низ нивниот реон кој им бил надлежен. Доколку минувачите биле нападнати од разбојници и арамии во чуваната месност, дервенциите биле должни да им ја надоместат направената штета.[157]

Паралелно со турските освојувања се случува иселување на локалното население и населувањето на номадски племиња од Мала Азија. Ова

---

[156] М. Соколовски., *Струмичката нахија во 14.век - дервенџиството во Струмичката нахија, Акта Вељуса-ООЗТ филозофски факултет*, Скопје 1984, 181-182.
[157] М.Соколовски, *Струмичката нахија...*, 181-182.

обсмислена колонизација имала цел вклучување на локалното население во системот на државна служба. Најважните воени редовите на христијаните во Турската служба беа vojnuci (турски voynuk), дербенции (Персискиот der-bend) и мартолози (грчки αρματολός). Војнуците најмногу се занимавале со коњушарски служби а додека Мартолозита биле специјални воени ред во Отоманската империја составени од христијани, кои се од 15 до 18.век е должен да ја врши воена служба во замена за привилегиран статус. На прво мартолози во пограничните области на Отоманската империја се одговорни за одржување на тврдините и да врши упади на територијата на непријателот. Од средината на 16.век биле користени повеќе во внатрешноста на Отоманската империја, како еден вид на полициска служба се вклучени во одржување на внатрешниот ред и мир. Со кризите кој настанале во царство во текот на 17 и 18.век мартолозите станале непотребна институција, султанот во 1721 година го поништил овој ред, сепак и покрај ова во 19.век во некои делови на Балканот се спомнуваат.[158] Во еден опис на Евлија Челебија од 1670 година кога ја посетил Струмица, Струмичката тврдина, бидејќи се наоѓала длабоко во внатрешноста на Турција, била скоро потполно напуштена и започнала одамна да се руши. Во неа седеле само неколкумина христијански платенички војници-мартолози, освен мартолозите на тврдината немало никаква друга војничка посада, ниту свој командант.[159]

За заштита на патиштата, првенствено во долините и клисурите биле подигани големи и мали тврдини кој имале за задача да го штитат патот како и да ги затварат собраќајните правци. На тој начин обично биле затварани и штитени главните патишта, т.е. оние патишта по кој се одвивал колскиот собраќај како и собраќајот на самари и товарна стока. Преку високите планински траси низ кој одела караванската трговија, ако поминувал низ теснеци, караваните товарани со стока можеле да менуваат правец и по потреба да скршнат преку беспатно земјиште, што не било случај за колите. Колскиот сообраќај воглавно се одвивал по рамниците, како и по благо брдестите предели.

Римските патишта, преку кој во поголем број случаеви се одвивал колски собраќај, првенствено поминувале по речните долини за разлика од многу

[158] М. Васић, Мартолоси у југословенским земљама под турском влашћу, Сарајево 1967.
[159] Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица...*,116.

средновековни патишта, кој поради безбедност поминувале низ планинските гребени. Според Јован Цвијиќ „средновековните патишта преку кој поминувале каравани со коњи односно товарна стока, ги обиколувале длабоките клисури и мочуричните долини а се држеле странично покрај планинските гребени, наспротив римските патишта кој не ги ибегнувале клисурите и долинските дна.[160]

Пронаоѓањето на старите тврдини било да се римски или средновековни можат доста да послужат за одредување на правците по кој поминувал патот. Средишната географска положба во Балканот придонесува струмичката област да претставува во текот на цела низа векови важен крстопат. Струмица претставува голем јазол од трговски и воено-стратегиски патишта, кој воделе на југ за Солун, на север и северозапад за Штип-Овче Поле-Скопје и на исток по долините на реките Струмица и Струма за Серез и Тракија. На овој крстопат биле изградени цел систем од тврдини кој на еден начин го гарантирале безбедниот премин низ Струмичката област како и нејзината одбрана од туѓи упади, во денешно време би рекле област со добро развиена инфраструктура.

Од друга страна, централната положба на струмичката област во Балканскиот Полуостров, која условува таа да биде скоро подеднакво одалечена од државните центри на средновековните држави Византија, Бугарија и Србија, се одразила и врз нејзината политичка историја. Во таа смисла се забележуваат две појави: Струмичката област бидејќи најчесто била периферна област во составот на споменативе три балкански држави, често ги менувала политичките господари, поради тоа таа била изложена на политичка нестабилност, отколу што тоа било случајот со многу други македонски краишта. Друга појава се сестоела во тоа што овие чести политички промени, од своја страна давале можност да дојдат до израз и стремежите на некои локални феудалци за државно-политичка независност и самостојност. Затоа токму во оваа област биле создадени полунезависни феудални кнежества на Добромир Хриз, Добромир Стрез и Хрелја.

Струмица како значаен патен јазол имала и три основни излеза, на југ преку Валандово-Дојран-Кукуш за Солун; на север преку Конче (подоцна Радовиш) и Штип за Скопје (односно Вардарско-Моравската долина и на исток по

[160] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974, 9.

р.Струмица-Петрич-Мелник за Серез и Цариград, овој пат уште бил нарекуван „Серски пат".[161] Овие три значајни патни правци посебно ќе ги обработиме во текот на овој труд.

4.2. Патна траса Струмица – Серез

Од почетокот на 11.век императорот Василиј II превземал голема офанзива против Самуил, тој пак обрнал специјално внимание во одбрана на градот Струмица и неговата област. Покрај утврдувањето на градот Струмица и околните тврдини, тој изградил прегради по патиштата, распоредувајки исто така на овој терен и големи воени сили. Причина поради која Самуил и давал големо значење на струмичката околија бил фактот што од кај р.Струма Василиј почнал по обичај „секоја година" да навлегува во централна Македонија по „Царскиот пат" кој водел по текот на р.Струмица. Имајки го сето тоа предвид, известува Скилица, Самуил одлучил да го прегради пристапот на императорот во теснината наречена „Кимба Лонга" т.е. најтесното место „Клидион", првиот израз „Кимба Лонга" е од влашко потекло и во превод значи (долго поле), додека вториот е грчки збор и во наш превод значи (клуч).[162] Во науката сеуште не е расчистено со сигурност на кое место се однесува „Кимба Лонга", денес не постои такво место во овој крај со оваа име, можеби „Кимба Лонга" се однесува на долината на р.Струмица почнувајки од денешното с.Ново Село (струмичко) па до устието на р.Струмица т.е. струмичкото поле. Додека „Клаидон" со сигурност може да се потврди дека е теснината меѓу Беласица и Огражден, позната како Клучка клисура, денес на овој простор на бугарска територија постои село кое го носи името Клуч.[163]

Скилица меѓу другото го опишува патот низ кој поминал императорот Василиј за да го нападне Самуил: од Сер до Валовишта (Демирхисар), Рупел, по долината на р.Струмица па до Клаидон. По разбивањето на Самулиовата војска, Василиј се упатил кон Струмица, по самиот пат тој успеал да ја освои попатната

[161] Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица и струмичко низ историјата*, Струмица 1969
[162] Б.Панов, *Средновековна Македонија том 3*, Скопје 1985, 486-487.
[163] В.Златарски, *История на българската държава през средните векове. Том I*, София 1927, 691.

тврдина „Мацукион“ која најверојатно се наоѓа кај денешното село Мокриево под падините на планината Беласица, во самата близина на градот Струмица.[164] Од таму покрај самата Беласица тој се упатил кон Струмица.

Во повелбата на крал Милути за манастирит Хиландар, 1302-1309 година во врска со разграничувањето на земјените прилози, се спомнува патот по долината на река Струмица *„на друм и на Зубово Крушије низ реку до трапа српскаго*“. Денес постои село Зубово во долината на р.Струмица блиску до денешната македонско-бугарска граница, додека „трап српски“ најверојатно се наоѓа во денешната бугарска територија, овој топоним денес не постои, низ овој пат провалила српската војска во Македонија, за време на крал Милутин после Божиќ 1283 година, кога опустошила се до Сер и Кавала. Овој пат го опишува и Идриси во својата Географија (1154 г.) како дел од патот кој од Драч преку Скопје водел за Орфано (Ahrisubuli, денешна Грција). Од Скопје се одело за Kuritus, за кое претпоставуваме дека би можело да биде с.Крущје, па одтаму за Струмица (Ustrurnisu) за Серес (Saras) и преку Зихне и Орфано.[165]

Каде со точност поминувал овој пат, речиси со сигурност можеме да ја оцртаме неговата трасата во средниот век. Самата конфигурација, самите препреки, самата безбедност како и самата далечина од една до друга точка се сосема добри фактори да се обидеме што по прецизно да го одредиме трасирањето на патот. Знаејќи дека средновековните патишта за разлика од римските кој речиси секогаш поминувале низ речните долини, средновековните поради поголема бебедност, имајки ги предвид немирните времиња на Балканот како и постојаното и брзо менење на владетелите, тие најчесто биле градени по планинските гребени или под подножјата на високите планини. Во овој случај по минувањето на Клучката клисура и по влегувањето во струмичкото поле патот продолжувал по падините на Беласица, имајќи го предвид мочуриштето кое го зазема централното место во струмичката котлината речиси е бесмислено патот да продолжува по средината на самото полето, Според кажувањата на постарите луѓе од околните села, Моноспитовското Блато[166] кон

---

[164] В.Златарски, *История на българската държава през средните векове. Том I,* София 1927, 693-698.

[165] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974 , 100.

[166] Блатото се протегало на просторот помеѓу денешните села: Муртино, Моноспитово, Бориево, на нешто помала одалеченост јужно од селата Турново и Секирник, па се спушта кон селото Зубово, од каде покрај Подгориските села Колешино, Габрово и Банско се затвара кругот, Со

крајот на 19.век и почетокот на 20.век, се нарекувало „Езеро". Водата во Моноспитовското Блато во тој период имала максимална длабочина од околу 6m, а луѓето од регионот со посебни чамци, т.н. „Шајки", патувале од селото Зубово, се до селата Банско и Муртино. Веднаш по Втората Светска Војна, од 1945 до 1947г. , Моноспитовското Блато се простирало на константна површина од околу 5000ha, со максимална длабочина на водата од околу 4m при највисок водостој во зимските месеци. Од 1947 па до 1975 година, како резултат на мелиоративните зафати, површината на блатото е намалена повеќе од десет пати и денес изнесува околу 400ha.[167] Земајќи го блатото како голема природна препрека во централниот дел на струмичкото поле, имајќи ги во предвид и реките Струмица, Водочница и Тркања кој во определени периоди во годината нечесто се изливале од коритат и поплавувале големи површини од Струмичкото поле, тоа била една од причините за мелиоративни зафати (исушувањето) на блатото, како и маларијата која во првата половина на 20.век зафаќала катастрофални размери.

Најверојатно патот некаде кај денешното село Зубово се искачувал се до самите падини на Беласица, за тоа имаме историски податок кој претходно го спомнавме, во повелбата на крал Милути за манастирит Хиландар се спомнува за друм кој поминувал низ Зубово, *„на друм и на Зубово Крушије низ реку до трапа српскаго"*, друм се спомнува покрај името на с.Зубово кое денес постои во полината на р.Струмица, 17км источно од градот Струмица. Со тоа се смета дека с.Зубово се наоѓа на правецот по кој поминувал средновековниот главен пат кој ги спојувал долината на р.Струма и долината на р.Вардар. Овде сепак треба да го земаме впредвид и изјавувањето на месното население дека селото трипати ја менувало својата локација: првин се наоѓало во месноста „Колибите", потоа во месноста „Барите", и најпосле во месноста „Двата Потока". Според кажувањата на мештаните од оваа село, локацијата на старото Зубово било по на југ односно околу еден километар од денешното, со тоа што селото било многу поблиску до падините на планината Беласица. Земајќи ги предвид бројните тврдини што се наоѓат под Беласица го штителе патот и овоможувале

---

пресушувањето на блатото, денешна површина е помалку од 10 % од првичната пред да се почне со копање на канали за негово пресушување.

[167] Ѓ.Иванов, *Моноспитовско Блато-последното мочуриште во Македонија*, Струмица 2008, стр:7

безбедно патување до Струмица, патот продолжува под подножјето на планината минувајќи речиси низ сите денешни „Подгориски села“.

Споед кажувањата во повелбата на Милутин, која го спомнува думот кај с.Зубово, кое што село се наоѓа јужно од р.Струмица и завзема централно место во струмичкото поле и е на речиси еднаква одалеченост од падините на планините Беласица и Огражден. Овој пат пред да влезе во територијата на денешна Р.Македонија, поминувал паралелно со р.Струмица, земајќи ја во предвид и тесната клисура низ која минувал самата река на територијата на денешна Бугарија. Не случајно е спомнато и самото село Зубово кое е едно од ретките типично полски села од тој период ако не и единствено на овој дело од струмичкото поле, а воедно било положено на една значајна патна атерија.

Јас стојам на мислењето, дека идејќи од исток по течењето на р.Струмица, односно по галвниот друм кој е спомнат кај Зубово, стигнувајќи кај истоименото село, патот невозможно е да продолжи по средината на Струмичкото поле, поради природната препрека т.е. овде се отвара Моноспитовското блатото, сметам дека некаде кај денешното село Зубово патот се разделувал на два крака кој го заобиколувале блатото, од кој едниот оди покај подгориските села, а другиот продолжува под падините на Огражден. Поради оваа значање што го имало селото Зубово, како раскрсница односно место од каде се делат два пата т.е. поминува главен магистрален пат, е спомнато во повелбата на Милути и му е дадено големо значање како село кое се наоѓа покрај друмот.

Покрај патот кој минел под падините на Беласица, се користел и уште еден пат кој од север го заобиколува Моноспитовското блато, приближно со денешниот модерен пат Стумица-Ново Село, или барем една тераса повисоко на Планината Огражден, бидејќи разликата на надморската височина со моменталниот пат и некогашното блато не е голема или скоро еднаква, па затоа патот ги фаќал малку повискоките падинки на Огражден. И денес јужно веднаш до патот има месности чиј имиња имаат некаква си етимолошка врска со блатото, меѓу месното население се познати како: „Кара Ѓол“; „Блато“; „Прекалче“; „Орман“ и др.[168]

[168] Поголем број од податоците се превземени од топографските карти на „ Државниот институт за геодетски работи“ изработени од „Japan international cooperation agency“ 2006 година.

Добар податок е тоа што на овој патен правец во турските пописни дефтери од 1530/31 година се спомнува дервенџиското село Ново Село (мапа бр. 2), кое се простира источно од Струмица, крај патот што води за Петрич. Порано ова село било познато по две имиња „Дели Орман“ и „Доброва“. Во изворите за Ново Село од 1530/31 година се спонмува дека вршело дервенџиска служба, селото било целосно христијанско, со 58 домаќинства и 28 неженети и влегувало во Струмичката каза. Во наредните децении селото уште повеќе нараснало, такашто во 1573 година во него живееле 84 домаќинства, 48 неженети и 7 вдовици.[169] Задачата на дервенџиите од Ново Село бездруго им била да го чуваат патот Струмица – Петрич, кој минува крај самото село. Тој сектор бил многу опасен за премин во времето на османската власт, што јасно се гледа и од изворната документација, каде што се истакнува дека селото е на многу опасно место и таму постојано се случувале убиства и насилства.[170]

Приближно исто време било потребно од двата пата да се стигне до Струмица, според моите истражувања стојам на ставот дека подгорскиот пат бил многу побезбеден и посигурен за патување за тоа укажуваат неколкуте тврдини на Беласица покрај самиот пат, што не е пример за патот под Огражден, како и други фактори кој ќе ги изјаснам во понатамошниот дел од оваа глава.

Рамниот просторот покрај „подгорискиот пат“ е доста ограничен, на север од самото блато, на југ од високата планина Беласица, иако просторот бил доста ограничен сепак на поблагите падини-тераси имало услови за живот, бујната вегетација, плодната почва и големиот број на извори кој извираат од Беласица, кој овозможувале да се одгледуват голем број на земјоделски култури. За тоа укажува и големата населенодт на овој простор уште од средниот век, со сигурност може да се каже дека бил најнаселениот дел од струмичката котлина, тоа можеме да го потвдиме со големиот број на села кој биле спомнувани во грамотите на владетелите кој владееле со овој крај во 14.век.[171] Во тие грамот се

---

[169] Како што е познато во Струмичко (струмичка каза) постојат две истоимени села, Според истражувањата на А.Стојановски, кој дошол до заклучок дека не е во прашање радовишкото Ново Село. Во недостиг на соодветна изворна документација, порано селото го идентификувале со она што се простира западно од Радовиш. Но со еден изворен податок, се вели дека лозињата на дервенџиското Ново Село се наоѓале во синорот на с.Мокрани (денес: Мокрино), кое лежи во непосредна близина на струмичкото Ново Село, исто така источно од градот.,.. А.Стојановски, *Дервенџиството во Македонија*, Скопје 1974. 250-251.

[170] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,251.

[171] Мирјана. Ж, “Драгаши и Света Гора“, Зборник радова Византиолошког института XLIII, Београд 2006, 41-57.

спомнуваат селата: Кунарани (денес Старо Коњарево), Мокрани ( Мокрино), Црквишта[172], Макриево (Мокриево), Борисово, Наподу[173], Габрово, Бањско (Банско). Ако го исклучиме селото Кунарани кое иако е подгориско село но е на малку поголема оддалеченост од оваа низа, можеме да заклучиме дека првото од низата Мокрани и последното Банско воздушно се одалечени само 9km, тоа безсомнено укажува за густата населеност на овој мал простор.

Покрај погодните услови за живот на овој простор, за кој добиваме исто така обемни податоци од самите грамоти, во кој се подаруваат селата на Атонските манастири, покрај луѓето и се друго што припаѓало во меѓата на самото село од земјата, до планините, полињата, ловиштата, кориите, водениците, градините, овоштарниците, лозињата и др, со еден збор крај кој изобилувал со се што е потебно за добар живот.

Неколкуте попатни тврдини го обезбедувале патот, и не се овозможувало лесно секој да поминува низ него, сигурно и луѓето чувствувале поголема безбедност. Продолжувајќи под самите патини на Беласица, некаде после денешното село Куклиш патот скршнувал десно и влегувал од јужната страна на градот Стумица.

Со моето истражување во врска со патната мрежа во струмичко. Односно поточно патот кој водел од Струмица за Серез, дојдов до зклучок дека двата крак кој се спојуваат, односно разделуваат некаде кај селото Зубово, во различни временски периоди, во различни политички прилики имале на еден начин различна намена да не кажеме и различни корисници. Тоа не било пример кога стумичката котлина се наоѓала длабоко во внатрешноста на некоја од Балканските држави (Византија, Бугарија и Србија), туку во бурните периоди кога таа била дел од граничните линии или во склоп на поситните феудални владетели кој од крајот на 12.век почнале да се појавуваат се до падот под турска власт, тоа го сметам поради немањето на доволно голема моќ лесно да ги чуват ови простори.

Како добар пример можеме да ги земаме последните децении од 13.век и почетокот на 14.век, периодот на експанзијата на Српската држава, нејзиното проширување на југ на сметка на Византија. Добро знаеме дека Струмица била

---

[172] Оваа селиште е забележано измеѓу селата Мокрани и Макриево, Мирјана. Ж, “Драгаши...,45;

[173] Десес сеуште постои топоним „Под“ 1км југоисточно од селото Габрово;

дел од српско-византиската граница, односно дел од византискиот лимес на север. Низ овој пат после Божиќ 1283 година за време на српскиот крал Милутин, кој со помош на неговиот брат Драгутин провалиле во Македонија,[174] и опустошила се до Сер и Кавала. Најверојатно доаѓајќи од север поминале кај Радовиш и се спуштиле во отвореното Струмичко поле, без поголеми проблеми српската војска се движела по трасата која водела покрај Огражден, го заобиколувала блатото од север и поминувала низ селото Зубово кое претходно го спомнавме, па паралелно со реката Струмица тие продолжиле на исток во правец на реката Стримон во која се влива реката Струмица, и по Стримон тие се спуштиле во Серез и Кавала, каде го оплачкале овој крај па се вратиле повторно назад. Иако на самиот Огражден има неколку попатни тврдини-набљудувачници, речиси е невозможно да го чуваат широко отвореното струмичко поле од наездите од север, овој простор неслучајно северно од р.Струмица во тој период останал вон византиската контрола.

После речиси 15 години status quo ситуација дошло до склучување на мир помеѓу Византија и Србија во 1299 година, фактички целиот овој период на српско-византиската граница во Македонија се водела „мала војна“ со постојани четнички напади околу Струмица и со повремени плачки до Кавала и Солун.[175] Со тоа можеме да кажеме дека Византија засекогаш ја губи контролата на северниот дел од струмичката котлина како и на патниот правец кој доаѓал од север. Можеме да дојдеме до заклучок дека оваа патна линија која доаѓала од север т.е. (Скопје-Штип-Радовиш), во последните две децении на 13.век се до конечното освојување на Струмица од страна на србите, била вон контролата на Византија, јас сметам дека истото се однесувало и за остатокот од патниот правец Струмица-Петрич-Серез, на еден начин била прекината уште една артерија која ја снабдувала Струмица со стока и војска од другите центри на Византија.

Андроник II бил принуден пролета 1326 година да испрати пратенишво во Србија на чело со Никифор Грегора, кое успеало да ја врати кесарицата Ирина во Цариград. Опширниот извештај од оваа мисија на Никифор Грегора е сочуван во форма на писмо упатено до неговиот пријател Андроник Зарида. Во оваа мисија Грегора поминал низ Струмица. Тој дошол преку Серез односно

[174] Г.Шкриванић, *Путеви...*,100
[175] А.Атанасовски, *Македонија во XIV век*, Тетово 2009,

преку реката Струма и поминале по исочниот главен пат на Струмива кој уште бил и наречен “Серски пат“.

Григора дава опширен опис на самото патување:

*...Сите знаат дека Стримон е непреодна река за пешаците и за коњаницата, затоа што таа е најголемата река што ги пресекува Тракија и Македонија и се влива ви Хелеспонт и Егејското Море, таа извира од доста високите планини кој без прекин се простираа до Јонското море, започнувајќи од Евксинскиот Понт,[176] граничејќи со Тракија и Македонија, а на север со земјата на мизите и реката Истар. Таа е најголемата река, кој што ги напојува скицките земји и се влева во Евксинскиот Понт со пет устија. Ние се обидовме да ја преминеме со една премала лотка, реката Стримон која од почетокот е од такви извори и со водовртежи. Ние поминавме цел ден во преминувањето на таа река, понекогаш еден, а понекогаш тројца заедно со животните. Бројот на товарните животни и нас самите беше 20 спрема 140. Кога веќе преминавме сонцето беше минало пладне и се наклонуваше кон залез. Би тебало да се улогориме и таму да го распуштиме добитокот. Но ние не застенавме и го продолживме патувањето, надевајќи се дека за скоро време ќе најдеме за себе удобно засолниште, пред да поминеме 15 стадии[177] но таа наша надеж беше лажлива. Некој непрекинати разбојнички напади сосема неодамна оваа место го претворија во пустелија. За тоа како некакви скитници, скитавме по тоа место, доверувајќи се само на бога и на нашите несигурни . После овие настани настапи ноќ, затоа што сонцето зајде и сите патишта беа покриени со мрак. Немаше месечина, таа беше го поминала само половина пат околу земјата и ни беше малку корисна со своите зраци, зато што беше во својата прва четвртиа. По тој пат ние одевме во непрегледен мрак, како оние за кој се говори дека се симнуеваат преку Тенар[178] во Адот или на они кој се симнуваат во пророчката пештера на Трофонии.[179] Кон онаа ноќ без месечина се придужи и сенката на околните ридови, нивните високи врвови толко многу ни го скриваат погледот кон небото со што ние не можевме да о посочеме јасно нашиот тежок пат дури и под дзвездите. Срцето ни престана,*

[176] Се мисли на Црното Море
[177] Еден стадиј е еднаков на 180 метри.
[178] Тенар е планина, во која според грчката митологија се наоѓа влезот на подземното царство.
[179] Пророкот Трофониј живеел во Беотија, според легендата сите што влегувале во неговата пештера послетоа не се насмевнувале во текот на целата година.

*затоа што ни престоеше долг и тежок пат. Ние попаднавме во сосем густии трнести грмушки, исполнети со многу дупки и пропасти. Не му обраќавме никакво внимание што нашите обувки и алишта се раскинуваат од трњата, се криевме само за очите си, зато што постојано многубројни врвови од гранките непријателски не удираа по лицата. Не се грижевме повеќе за потковиците и уздите со кој ги управувавме коњите, а си ги пазевме очите со рацете. Некој пак од послугите што не придружуваше сосема го занемаруваше стравот што не опфаќаше, испуштаа силни викови и пееа трагични песни. Тие ја воспеваа славата на мажи за кој ние само бевме слушнале но не бевме ги виделе. Заобиколувачките пропасти и длабоки долови кој што се наоѓаа околу планините ги примаа нивните викови и како живи суштества ги повтараа точно и неизменето, соочувувајќи го во целост ритамот, тие одекнуваа и отпевуваа исто како хоровите, истите стихови се пееа после веке испеаните, по тие околности јас се трудев по секаков начин да го бодрам својот дух, за да не биде скршен од толку многу ужаси. Тој инаку не се потчинуваше и не престануваше да се жали од прифатеното ненавремено патување во ноќта. Насочувајќи си ги мислите постојано кон себе си, духот ми гледаше повторно и повторно ми се враќаа слики на заседи и на крвожедни мажи кој од скриено место би не нападнале и би не упиле со мече. Додека сеуште бевме во таква тешка состојба одеднаш од тамошните карпи и провали се појавиле некакви мажи, облечени во црни облеки кој беа од волна и од овчја кожа, кој сами ги изработувале од овците кога имале потреба. Тие мажи беа вистински привидениа, на вистина не беа целите во железо како тешко вооружените војници, но и не сосема без оружје, а повеќето од нив имаа во рацете некакво оружје за борба одблизу, какви што се копјата и секирите, некој пак имаа и стрели. Во првиот момент нашите ги одзема ужас и страв и можеше ли да биде поинаку. Нели ние се наоѓавме во туѓи места при не погледен ноќен мрак и притоа меѓу луѓе кој не го знаеа нашио јазик. Повеќето од тамошните жители се стари преселници од Мизија и имаат начин на живот како нашите сонародници, после тоа се ободривме и одново дојдовме на себи си затоа што тие не поздравија ласкаво и добродушно на својот јазик. Тие не пројавија никакви разбојнички намери или поради тоа што во споредба со нас тие беа премалку и се сметаа за нерамно бројни да се судрат со нас, или барем некој ги беше запрел. Јас сметам повеќе второто, а помалку првото, затоа што како*

*месни жители и искусни за да поставаат во тамошните места заседи против нас тугинците, во таква не прегледна темнина и затоа што ја имаа за непобедлив сојузник густата шума, тие ако би сакале судир тоа би го извршиле така како луѓе кој гледаат против слепци.*

*Откако и тие добија слично поздравување од наша страна (некој од нашите рабираа нешто од нивниот јазик), тие накратко ни ја соопштија причината за нивното престојување таму. Тие биле чувари на патиштата и требало да го прогонуваат секој кој откако ќе нападне тајно ќе посака да ги ограбува блиските места. Веќе беше изминал третиот дел од ноќта,*[180] *како што разбравме од ѕвездите над нашите глави.*

*Наскоро до нас достигна и кучешко лаање, кое не само не повикуваше но и зборуваше за мноу бројно село кој може да прими луѓе, изморени од голем напор и да им предложи ако не сите удобности барем само некој. Откако набрагу се прибравме, таму ние се распрснавме пооделно по куќите како спасени од ламија или од некаков бродолом на некакво пристаниште. Кажуваат дека на гладниот му е вкусен секаков леб, но и на нас тогаш ни се виде сладок и пријатен уваленoт леб во пепел.*

*Следното утро по цел ден одење стигнавме во едно градче* (πολιχνιον) *, над облаците, што се вели, Струмица (*Στρουμιτζαν*), така некако наречено од месното население, сместено на една откината и ѓаволски висока планина. Така што тие што седеа на тврдината, гледани од долината, прилегаа на птици...* [181]

Од овој доста сликовит опис на Никифор Грегора ние добиваме доста добри податоци за патната мрежа низ кој и тој самиот поминал, како и за губењето на византиската контрола на оваа патна артерија во почетокот на 14.век.

---

[180] Ноќта се дели на четири дела: од 18 до 21; од 21до 24; од 24 до 3; од 3 до 6 часот. Овде станува збор за периодот од 24 до 3 часот.
[181] *Македония – Сбоник от документи и материали,* БАН Институт за история Институт за български език, София 1978., текстот целосно е превземан од документ бр.49.

4.3. Патна траса Струмица – Солун

По самото рзабивање на „Клучката дема“ и превземањето на тврдината „Мацукион“, Василиј II го испратил солунскиот дук Теофилакт Вотанијат со војска да ги премине ридовите крај Струмица т.е. силно исечената месност јужно од тој град, познато денес под името „Чам“ (Чам Чифлик), да ги изгори демите по патот и да направи преоден пат за императорот да се повлече во Солун. Кога пристигнал на местото Вотаниат безпречно бил пропуштен од локалните стражи да влезе внатре; сепак кога побарал да се врати повторно кај царот, откако ги исполнил заповедта, тој паднал во поставените во истата област заседа и го причекале тајно во една долга теснина. Тоа сигурно бил тесниот премин меѓу Беласица и Плауш планина, кој во село Костурино се спушта на југ кон селото Дедели. Кога влегол во теснина, опкружен од сите страни и опсипани од височините со камења и стрели, без да може некој да го заштити поради теснина и непреодноста на местото, сам паднал убиен, без да може да се одбрани, откако Гаврил-Радомир го прободел во стомакот со копје, и голем дел од неговата единица била уништена[182] Најверојатно патот по кој заминал Теофилакт Вотанијат бил оној кој од Клучката клисура минувал низ тврдините Мацукион, Термица па градот Струмица, се искачувал западено од реката Тракајна и по неа минувајќи низ стрмни и опасни долови продолжувал до селото Костурино (струмичко). Од клучката клисура до оваа место се одело околу 14 часа со натоварени коњи. Од Костурино патот се спуштал на југ во долината на Сува Река, а оттука по р.Кулудере навлегувал во тесното Делелинско дефиле за Дојран и Солун. Самата конфигурација на теренот на овој планинско-ридски крај допуштал патот да биде изложуван во тесните и непреодни клисури на изненадни напади. Најверојатно Вотанијат настрадал во опасните теснини меѓу Струмица и Костурино кој места важеле за најопасни. Скилица спомнува дека преградите се наоѓале во непосредна близина на градот.[183]

Значењето на оваа патна траса е непроценлива земајќи ја во предвид положбата на Струмица како попатен пункт на патот кој од Солун преку

[182] В.Златарски, *История на българската държава през средните векове.* Том I, София 1927, стр: 698-699

[183] Б.Панов, *Средновековна Македонија том 3,* Скопје 1985, стр: 450-451

Струмица ги поврзувал другите области во Македонија, како и централно Балканските делови. Патот кон југ, преку Струмица и Дојран, за Солун, во втората половина на XIX век, во голема мерка го изменил својот карактер и значење и тоа откако во 1873 година била пуштена во употреба железничката пруга Солун — Скопје. Тогаш Дојран, како попатна станица за Солун, бил изместен од Удово (железничка станица на пругата на Вардар). Дури нешто подолго време оваа железничка станица се викала Струмица, иако Удово е оддалечено околу четириесеттина километри од градот Струмица. Во наше време Дојран и сосема го изгубил значењето на попатна станица на патот за Струмица.

Податоци за оваа траса уште добиваме и од научната експедиција предводена од Васил Златарски, која поминала низ овие простори во 1916 година одејќи од Струмица за Удово (валандовско). *„По убавиот пат низ преминот помеѓу Беласица и Плаус планина, низ селото Чам чифлик опожарено од Грците, потоа покрај селото Попчево стигнавме до познатото во последно време по воените дејствија селото Костурино, од каде што под силен дожд се спуштивме во долината на селото Дедели и во 6 ч вечерта низ Валандово стигнавме на станицата Удово.*“[184] знаејќи дека овој пат бил користен до не одамна. Од друга страна, сѐ до пред седумдесетина години овој пат до Костурино не минувал по денешната негова траса, т. е. по долината на реката Тракајна, туку малку поназапад од неа, односно не се поклопувал со сегашната траса.

Поранешниот пат од Струмица за Солун бил користен уште од средновековието, можеби и во поодамнешни времиња но за тоа немаме некој поконкретни примери, ако го исклучиме походот на тракискиот крал Ситалк I (431–424) во 429 година пне, против македонскиот крал Пердика II (448 - 413). Кој пред да ги нападне македонските градови (Амфакистида), јужно од денешна Струмица најверојатно поминал низ ридестите предели јужно од градот и се спуштил во денешната валандовско-гевгелиска котлина. Голема е веројатноста дека Ситалк во неговиот поход поминал низ оваа траса.

Знаејќи дека оваа трасас била користена до неодамна, имаме и усмени сведоци за тоа. Староите Струмичани пред да тргната на пат за Солун како

---

[184] П. Хр. Петров ; *Научна експедиция в Македония и Поморавието- 1916 г.*, София 1993г .стр:43

збирно место го спомнувале денешниот „Момин Бунар“ кај народот од Струмица овој пат е познат под името „Старо Џаде“ од каде тргнувале покрај тесните клисурички на „Тенки Рид“ се искачува на денешното место познато кај струмичани „Двата пата“, со што се спојува со уште еден крак кој исто така поаѓа од Струмица од кај денешните лозиња кој се наоѓаат јужно од градот. Од оваа месноста „двата пата“ се спојуваат и продолжуваат по рабовите на малите ридчиња. На десната страна од патот има широка рамнината која е на 510 метри надморска височина, на која сé до 1913 година постоело селото чие име било исто како и името на месноста – „Чам Чифлик“ самите остатоци од некогашното село сведочат дека постоело. Од Чам Чифлик патот продолжува до денешното село Попчево од каде се спушта јужно кон денешното село Раборци (сл. 47,48 и 49), патот продолжува источно од селото ја поминува Плавечка река се издига над едно мало возвошение и повторно се спушта во клисурата на Маркова река, на овој простор на поголени сегменти е зачуван патот со големи димензи до 5m ограден исто така и со ивичнаци (сл. 50,51,52, 53 и 54), а на некој делови од оваа трас има и потпорни ѕидови на патот (сл. 55 и 56). Покрај остатоците од овој пат има и две мостчиња на Маркова Река, од кој едниот е во прилично добра состојба со два лака (сл. 57 и 58), најверојатано биле изградени во турскиот период. Од другиот мост има само мали остатоци, тој бил урнат во Втората светска војна, на него се забележуваат две градежни фази, од кој долната е постара, а другата фаза е некаде од првата половина на 20.век кога овој мост бил појачан со бетонска конструкција (сл. 59 и 60). Патот од таму продолжува на југ, се искачува серпентински по ридчињата и се спушта во атарот на денешното село Костурино (сл. 61 и 62), источно од патот пред да се стигне до селото на некој 3-4km се наоѓа тврдината Василица, која била изградена најверојатно во доцната антика, но со делумни поправки била во употреба и во полниот среден век, таа се наоѓа на само 6km јужно одалечена од Струмица. Поради својата доминантна положба на овој предел со надморска височина 590m или околу 170m се издига од патот кој е со некоја просечна височина од 420m. Воедно Василица како попатна стража која го чувала влезот од југ кон Струмица има целосна контрола на стариот пат кој се наоѓа западно од неа, како и над клисурата на реката Тркајна која се наоѓа источно од неа, ако евентуално била патно користена, иако самата оваа траса во подоцнежните периоди најверојатно била слабо користена, се до некаде средината на 20.век

кога е пробиена клисурата на реката Ткрајна и денес овде се наоѓа модерниот пат Струмиц-Валандово.

Доминантната положба на тврдината Василица, со нејзината највисока надморска височина во голем дел овозможува голема прегледност на сите страни. Има прегледност на патот кај село Попчево кој доаѓа од Струмица и е на одалеченост 3.5km воздушна линија од тврдината, исто така и на патот кој од Штип преку реката Крива Лакавица поаѓа во подножјето на селото Рич.[185] Покрај овие патни правци Василица го контролира и влезот од југ, односно патот кој доаѓал од Солун-Дојран Струмица, кој од Валандовската котлина се издигал во полето на село Костурино, на еден начин оваа тврдина имала целосна контрола и прегледност на сите страни како и на патните правци кој доаѓале од југ и од северозапад. Иако во турскиот период оваа тврдина најверојатно ја губи својата функција, сепак овој предел исто така и за турците бил доста значаен и клучен имајќи го во предвид значењето на патот кој од Солун за Струмица минувал низ овде. За тоа зборуват и пописните турски дефтери од 1519 година каде селото Костурино е регистрирано како дервенџиско село (мапа бр. 2), односно самите селани биле ангажирани од самите турски власти да го контролираат самиот премин, покрај турските дефтери како веродостоен податок за дервенџисвото во Костурино, на тоа ни укажува и самата топонимија која била задржена, така на пример јужно од селото се наоѓа рекичка која го наследила името од дервенџисвото, меѓу селаните таа е позната како „Дервенџиска река“.[186] Исто така јужно од селото започнува клисура низ која се провира мала, во летните денови безводна рекичка. Тука на источната страна од клисурата се наоѓа рид наречен „Стража“ што доминира над целиот крај. На спротивната страна од него постои мала височина , наечена „Дервен“. Меѓу ови две места поминува стариот пат за Солун, кој се отклонува од денешниот и бил многу пократок од него. На неколку километри северно од селото, исто така кај стариот „солунски пат“, постои рид наречен „Тапано“, Тука во „турско време“ постоела и наплатница, која им вршела услуги на кираџиите и другите патници што врвеле со

[185] с.Рич се наоѓа северозападно од Василица на 9км одалеченост, кај оваа село исто така е забележано дека има тврдина која го контролира самиот пат.
[186] Г.Шкриванић, *Путеви*...100.

добиток.[187] Ова се голем број на топоними кој останале до ден денешен, а укажуваат на некогашната дервенџиска служба на старите костурчани. Наоѓајќи се во планински предел, покрај една од занчајните артерии која го поврзувала Солун со Штип, односно со Струмица и Берово, укажува на важноста на Костурино како значајна попатна станица.[188]

Од самиот попис кој бил извршен во 1530/31г година во дервенџиското село Костурино се спомнуваат 51 христијанско домаќинство; влегувало во Струмичката каза, до 1573 година селото нараснало на 63 домаќинства. Дервенџиската служба Костурино продолжило да ја врши и во наредниот 17.век, за што сведочат два податока од 1641/42 и 1674/75 година.[189]

Во денешното село Костурино сеуште е живо народното предание за дервенџиската служба што ја извршувале некогашните негови жители. Меѓу многуте легенди за Костурино една збоува дека селото било формирано по иницијатва на еден турски паша кој ја увидол потебата од населба со таква функција на тој терен, преку кое минувала комуникацијата од големо војничко и трговско занчење.[190] Според народното предание бележи дека селото се викало уште и Султан-Ќој (Султаново Село). Ова име наводно било добиено поради тоа што некогаш, во една лута зима, во него нашла засолниште некоја голема султанова војска.[191]

Од самото село патот продолжувал на југ и се спуштал во долината на Сува Река која се наоѓа источно речиси паралелно од денешниот модерн пат кој се спушта по „Валандовско брдо",а оттука по р.Кулудере навлегувал во тесното Деделинско дефиле, преку Дојран за Солун.[192] После Деделинското дефиле среќаваме уште едно дервенџиско село кое исто така е спомнато во пописните

---

[187] А .Стојановски, *Дервенџиството во Македонија*, Скопје 1974, 216.

[188] А.Стојановски, *Дервенџиството...*, 214-215. Во патната траса Штип – Солун, Струмица останувала на страна, патот се движел од Штип по р.Лакавица , струмичките села Рич – Попчево и се спуштал на југ кај денешното Костурино.

[189] А.Стојановски, *Дервенџиството...*, 214-215.

[190] Легендата во најкуси црти: По патот за Солун , еденаш многу одамна, поминувал струмичкиот паша со својата фамилија и пидружба. Со себе воделе и четвоица „арамии" кој биле фатени во Беовско. Кога дошле на местото на денешното Костуионо, на пашата и на придружбата им се припило вода. „Аамиите" кој добро го познавале теренот, им донеле вода од некој близок извор, која на пашата многу му се бендисала, па рекол: „Водата е убава, постојата сите услови за село, а сепак местото е пусто, иако е среде пат". Тогаш им понудил на арамиите да се населат таму. Така според легендата настанало селото. Подоцна таму се населиле и некои катранџии кој од Берово и други места носеле катран за Солун, како и некои ковачи и Власи. А.Стојановски, *Дервенџиството...*,215.

[191] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,215.

[192] Б.Панов, *Средновековна Македонија том 3...*,450-451.

турски дефтери од 1519 година, кое исто така припаѓало на струмичката нахија, тоа е селото Фурка (мапа бр. 2),[193] кое и до ден денешен постои и се наоѓа 13km јужно од селото Костурино односно 22km јужно од Струмица и само 1,5km од модерниот пат Струмица-Дојран.

Старото село се простирало на 3km северно од денешното, на местото каде што сегашниот селски пат се спојува со патот Дојран – Струмица. Во пописот од 1530/31 годин селото имало 50 домаќинства и 6 неженети, влегувало во нахијата Бојмија од Ќустендилскиот санџак. Задачата на дервенџиите од Фурка им била да го чуваат патот што одел од Скопје за Солун, односно од Албанија за Цариград. Тоа е заправо денешниот пат што оди од Дојран кон Валандово, односно од Струмица, а којшто минува крај старата Фурка. На север од селото се протега клисуа (дервен) долга неколку километри, низ која тече Дервенска Река. Селото било должно да обебедува премин низ таа клисура, бидејќи тука се пробивал споменатиот пат. Освен тоа, во реонот на клисурата се наоѓа месноста Тапан (турски: „Даул“), што исто така укажува на дервенџиска служба.[194]

### 4.4. Патна траса Струмица - Штип – Скопје

Повеќе императори поминале низ овој пат, со различни цели и намери, во походи и посети. Не случајно патот од Сер-Струмица-Скопје бил наречен и „Царски пат“. Меѓу честите минувачи биле императорите Василиј II и Алексиј I Комнен, Василиј последните години пред окончувањето на кампањата против Самуил речиси секоја година минувал низ овој пат превземајќи офанзиви против него, Алексиј пак офанзиви против побунетите српски племиња како и против норманите, за тоа говори и неговата ќерка Ана Комнина која ги опишува подвиите на нејзиниот татко:

---

[193] Денес селото припаѓа на Општина Дојран, и се наоѓа околу 8км северозападно од Охридското езеро; Според А.Стојановски фурка како дервенџиско село се спомнува за првпат во 1530/31 година, А.Стојановски, *Дервенџиството...*,292.

[194] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,291-293.

Очигледно Алексиј Комнин имал за цел не само да не им дозволи на норманите да навлегуваат во империјата, како во 1097 година но и да не им допушти воопшто да излезат на јадранскиот брег. Алексиј презел поход со цел да го спречи навлегувањето на Боемунд на Балканот, од Солун тој заминал за Струмица каде го посетил манастирот Богородица Елеуса крај денешното с.Велјуса и го дарувал, одтаму се упатил на север дошол во Слопим (непознато) па одтаму низ Валовиште (Демирхисарско) се вратил во Солун, а од почетокот на ноември 1906 година во Цариград.[195]

Во една од тие офанзиви што ја превзел Тедодор II Ласкарис (1254-1258) против бугарите, историчарот на Никејското царство Георги Акрополите ќе напише: „Тој поминал низ Прилеп па за Велес со својата војска и опсадни средства со цел негово ослободување од бугарите, со самото појавување на императорот, бугарите ќе се повлечат од тврдината. Потоа со целата војска тргнал низ Невстапол (Νευσταπόλεως), местото било безводно и непреодно за голема војска, војската била лишена од леб а повеќето коњи немале пиено вода два дена.Тој поминува низ крепоста Струмица ги пресекува земјите на Мелник и одново се враќа во Сер“.

Податоци за оваа патна траса добиваме и од еден француски патеписец од почетокот на 19.век , кој поминал низ Македонија во 1807 година (ја пресекол низ градовите Скопје-Штип- Радовиш-Струмица-Петрич).Главни пунктови на неговото патување се Приштина – Лангада[196] - Константинопол. На ракописот не е наведено името на авторот. Несомнено е дека и тој е еден од учесниците во бројните експедиции и разознавачки патувања низ балканските земји, кои биле организирани по наредба на Наполеон. Патеписецот пројавува најголем интерес за теренот во населените места и тврдините низ областите низ кој поминувал. Дел од географските имиња се лошо прифатени и пренесени во изопачена форма.[197]

(2 јуни 1807 година) *Го Напуштаме Истип во 2 часот по пладне. На излегување од селото Јени Кениса се оди некое време по реката која тече низ Истип, по што се врти лево и се оди против течението на еден од притоките*

[195] В.Златарски, *История на българската държава през средните векове. Том II.*, София 1934, стр:242-243
[196] Град во денешна Р.Грција во непосредна близина на Солун.
[197] Б .Цветкова, *Френски пътеписи за Балканите, XIX в.* София 1981, 39

*на штипската река,*[198] *која тече низ доста обработена долина, формирана од две кола - една десно, насочена речиси од исток кон запад во права линија, а другата - паралелно на првата, без да и личи во однос на варијабилна височина, бидејќи се состои од висорамнина поврзани со планинското грло. Помеѓу овие висорамнина има тесни и недлбоки долини низ кои течат планински реки. Водите им создаваат зголемување на Карица, еден од притоки за кои штотуку беше збор. Оросуваше од него рамнина е богата и добро обработена. Откако патувавме до 7 1/2 час во оваа рамнина. Напуштивме ја и Префрливме левата коло. Поминале низ безводни планински грла, слегов пак во рамнината во која тече (река) Радовиш.*[199] *Стигнавме во Радовиш во 11 часот во текот на ноќта. Тоа село е премногу значително и населено во голем дел од Грци. Се Наоѓа во широка и многу добро обработена рамнина.*[200]

(3 јуни 1807 година) *Го напуштив Радовиш во 6 1/2 часот наутро. Патот кон југоисток во богата и добро обработена рамнина. Десно и лево се гледаат доста села, но не се минува низ ниту едно додека се пристигне во Стреница,*[201] *недалеку од Радовиш. Лево останува не премногу голема планинска река, таа го носи името на селото, до кое извира, само до Стреница. Минува се малата река Велип,*[202] *која тече од десно кон лево и ја зголемува не- далеку (река) Радавиш, Стреница е премногу значаен град, опкружен со ѕидови од не од добар квалитет, печени на сонцето тули; неколку кули фланкират овој ѕид. Пристигнуваат во 2 1/2 часот по пладне.*[203]

(4 јуни 1807 година) *Ја напуштивме Струмица во 5 1/2 часот Излегувајќи од градот, ние поминавме Велиц, која тече од лево кон десно. Во 6 1/2 часот поминавме во селото Бабила,*[204] *се состои од околу 56 куќи. На четвртина час од селото се преминува во Брод Радовиш, кој тече лево кон десно. Над Брод има дрвен мост за луѓе и коњи. Патот е убава и униформен, го трасира во богата и плодна рамнина. Се гледаат многу селски колиби. Во 6 / 4 часот доаѓаме село Масилова*[205] *се состои од околу 100 куќи. Недалеку од ова село се*

[198] Се мисли на реката Брегалница.
[199] Патеписецот Стара река-Струмешница ја нарекува Радовиш.
[200] Б .Цветкова, *Френски пътеписи...,*43.
[201] Изопачено од Струмица.
[202] Изопачено од Велица.
[203] Б .Цветкова, *Френски пътеписи...,*43-44.
[204] Се мисли на селото Дабиле источно од Струмица.
[205] Се мисли на Босилово, село во Струмичко.

*сече мала рекичка, што се протега лево кон десно. На половина час од Масилова поминавме во село Радова*[206] *и во 7 1/2 г часот стигнавме во Техикали,*[207] *село од 150 куќи, населено речиси целосно Грци, како и сите оние (села) на кои наидов пред тоа. Тргнуваме од Техикали во 9 1/2 часот; патот е убав и ја сече плодна рамнина, огради од две планински венци*[208] *кои се повеќе се приближуваат една кон друга. По час и половина потег се пристигнува во тесна долина, каде што тече Радовиш. Оди по левиот му брег до Девент хан,*[209] *каде што стигнавме во 12 1 / 2 часа. Од овој хан до Бетриц*[210] *се пресметуваат 2 1 / 2 часа пат. На еден час пред Бетриц се поминува реката Радовиш за доста убав дрвен мост и се влегува тогаш во рамнината на Бетриц, богата и добро обработена. Бетриц е град со 8-10 илјади лица со ѕидини, фланкирана од читириаголен кули. Таму добивме вести од Константинопол. Бетриц се наоѓа делумно во рамнината и делумно во планинскиот падина на кој се потпира. Ѕидини увенчава различни висини.*[211]

Дел од овие патни траси и до денес ги користиме, со мали промени. Значењето на овој пат е од непроценливо значање, како глава алка за поврувањето на реката Струма и Вардар, односно јужните со централно балканските подрачја. Како што рековме еден пат од Штип водел на југоисток преку Радовиш за Струмица, преку реката Струмица т.е. низ Струмичкото поле, до реката Струма па за Серез. Покрај оваа пооврување на Штип и Струмица постои уште еден паралелен пат кој од Штип поминувал низ долината и изворниот дел на реката Крива Лакавица, па одтаму поминувал во близина на Конче и продолшува на долу кон југоисток,[212] па се спушта по течението на Грацка Река (Бела Река), под денешните села Рич и Белотино па низ денешното вештачко езеро Водоча (струмичко) патот излегувал покрак денешното село Попчево, од каде еден крак продолжувал за Струмица а еден се спуштал на југ и се поврзувал со стариот пат Струмица –Солун, јужно од денешното село Раборци.

---

[206] Се мисли на Радово, село во струмичко.
[207] Се мисли на Турново, село во Стумичко.
[208] Се мисли на планините Беласица и Огражден.
[209] Можеби денешно Ново Село струмичко.
[210] Град Петрич, денешна Р.Бугарија.
[211] Б .Цветкова, *Френски пътеписи...*,44.
[212] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној...*,100;

Друга потврда за постоење на тој пат наоѓаме во спомнувањето на дербенските села Липовик како и Ново Село во југозападниот дел на Штип кое имало за задаша да го чува и управува со мостот на Брегалница кој водел за Штип,[213] со поврзување на`овие дербенски села се дава можност да се определи приближниот правец на патот кој прку реката Крива Лакавица ги поврзувал Струмица и Штип.

Денес постои Долни и Горни Липовик, меѓутоа во изворите од 16.век е запишано само едно село – Липовик. Исклучок прави пописот од 1573 година, кога биле запишани две села – Стари Липовик и Липовик. Делбата на Горни и Долни Липовик најверојатно станала во подоцнежниот период, но во секој случај пред 1664/65 година, кога како дервенџиско се јавува селото Долни Липовик (мапа бр. 2). Со оглед на ова, сигуно е дека дервенџиското с.Липовик од 16.век е идентично со денешниот Долни Липовик, бидејќи низ него минувал значајниот каравански пат („Друмот") од Солун за Штип. Горни Липовик е далеку од патот и можеби е идентичен со с.Стари Липовик.[214]

Во 1530/31 година с.Липовик имало 28 домаќинства, влегувало во нахијата Конче од Струмичката каза. На 2 до 3км јужно од Долни Липовик, крај патот за Солун, постои место „Дервен". Освен тоа, на сретпат, меѓу Долни Липовик и с.Рич, порано имало кула со турска посада, која го чувала патот. Веројато е дека на тие места биле поставувани и дервенџиските стеражи од с.Липовик.[215]

Овој пат покрај примарната функција да ги поврзува Струмица и Штип, тој имал и краци кој излевале во долината на реката Вардар, така на пример во првата половина на 16.век , кој низ долината на река Крива Лакавица, односно низ дервенското село Липовик поминувал преку низките ридчиња од другата страна кај дервенското село Бистренци,[216] кое се наоѓа 3км северозападно од Демир Капија, а 10км југоисточно од Неготино. Дотогаш тој пат од Струмица водел преку селата Попчево, Рич и Липовик во долината на Крива Лакавица, а оттаму, со еден крак за Штип, а со друг — за Тиквешијата. Поради тоа, кон крајот на XIX век овој пат од месното население се викал „Тиквешки пат".[217]

---

[213] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној...*,100-102.
[214] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,234.
[215] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,234-235.
[216] Г.Шкриванић, *Путеви у средњовековној...*,100-101.
[217] Ѓ.Стоев и М.Пандевски, *Струмица...*,*24.*

Во средниот век на овој простор по течениетео на Крива Лакавица, како значаен патен правец имало и тврдини кој го обезбедувале патот како од југ така и од север. Една од тие е тврдината („φρούριον“) кај денешно Конче, кај месноста „Горна Кула“,[218] воедно функционирала како попатна стража. Локалитетот „Горна Кула" лежи југоисточно од Конче; во североисточното подножје на долгиот планински венец Серта — Градешка Планина. Претставува истурен и тесен рид, 120m висок над долината на Лакавица. Има стрмни падини, омеѓени со две длабоки бразди. Старите патишта од Штип (долж Лакавица) и од Струмица се соединуваат кај Конче и се искачуваат покрај „Горна Кула“ до сртот на Градешка (преминот Превалец), за оттаму да продолжат кон Демир Капија на југозапад, односно кон Градец и Вардарската магистрала на југ.[219] Според мојата претпоставка преминот „Превалец“ укажува на некогашното девенџиско село Превалец кое денес исчезнало (мапа бр. 2), имајќи ја во педвид некогашната значајност на овој премин, за поврзување на Конче со Повардариeто. Според А.Стојановски тој го убдицира оваа село кое денес не постои, на просторот помеѓу селата Рич и Липовик каде и денес постоеле истоимени ниви како и „Превалечки пат“ кој води кон с.Рич, западно од Стумица. Според податоците што ги добиваме за него од 1530/31 година, селото било христијанско со 43 домаќинства и 15 неженети, влегувало во Стумичката каза.[220] Ако с.Превалец се наоѓа помеѓу денешните села Рич и Долни Липовик како што вели А.Стројановски, којшто две села се на оддалеченост од околу 8км воздушна линија, Превалец би трервбало да се наоѓа на околу 4км југоисточно од Долни Липовик, сметам дека оваа растојание е многу мало за две дервенџиски села, како и фактот што патот кој се спушта од Липовик е ридест и нема ниту една страничен крак кој се повзува на делницата

---

[218] Меѓу повшинските наоди се среќава и доцнисредновековна керамика. Траги на обнова на обсидието нема, старите ѕидови веројатно биле добро запазени и во средниот век и крепоста била користена повремено како контрола на спомнатите патишта. Ови пак биле користени до нашето време во локалниот сообраќај. Крепоста не е премерана ниту снимана. Во подножјето на ридот се развила неукрепена населба Конче, со значајна црква на Св. Стефан, обновена во 14.век. Во повелбата на Василиј II од 1019 година Конче е наведено како енорија на Стумичката Епископија. И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,317-318.

[219] И.Микулчиќ, *Средновековни градови...*,317-318.

[220] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,261-262; Според А.Стојановски дервенџиското село Превалец чувало дел од големиот Солунски пат што одел преку Штип за Скопје, а кој на овиј сектор можел да мине преку селата Костурино, Превале и Долни Липовик, одбегнувајќи го по таков начи градот Струмица.

помеѓу Липовик и Рич, сметам дека поголема е веројатноста оваа село да се наоѓало по најуг од Рич или кај месноста „Превалец“ кај Конче.

Во денешно време сообраќајницата која води преку Радовиш, претставува модерен асфалтиран пат и најважна патна комуникација што ја поврзува Струмица со внатрешноста на нашата земја. На патот од оваа траса среќаваме уште едно дервенџиско село, кое исто така е регистрирано во пописните турски дефтери од 1519 година тоа е селото Тонотарци[221] измеѓу Штип и Радовиш, тоа се наоѓа 16km западно од Радовиш и околу 3km северно од моменталниот модерен пат Штип-Радовиш (мапа бр.2).[222]

Старото дервенџиско село Тонотарци се наоѓало североисточно од денешното село, крај стариот пат Штип – Радовиш, можата да се видат остатоци од стари гробишта и манастир. Тука било сместено старото село. Поради близината на патот („џадето“), селото постојано било изложувано на напади и големи зулуми, па неговите жители биле принудувани да го напуштат и да се населат на денешното место, далеку од патот, сред високи брда. Не се знае кога се случило тоа поместување. Во 1530/31 година Тонотарци имало 6 христијански домаќинства и влегувало во Струмичката каза, до 1573 година селото доста нараснало и спаѓало меѓу најголемите селски населби во Македонија; имало 101 домаќинство и 61 неженет, од кој само едно домаќинство било муслиманско.[223] Главната задача на дервенџиите од оваа село бездруго била да го чуваат патот Штип – Радовиш. За дервенџиската служба на селото укажуваат и самите месности околу него. Во непосредна близина на старото село, постои месност „Дервен“, а на 2km од него, одејќи кон Штип, и месност „Тапанот“. Тие имиња укажуваат на некогашната дервенџиска служба што ја вршело селото.[224]

Друг податок за движење на оваа патна траса добиваме и од „Практикот на манастирот Богородица Милостива (Елеуса) од месец јули 1152 година, во кој

[221] Денешното име на селото е изменето воТанатарци, моментално припаѓа на Општина Штип; Според А.Стојановски прв пат како дервенџиско село тонотарци се спомнува во 1530/31 година, А.Стојановски, *Дервенџиството...*,283-284.
[222] Г.Шкриванић, *Путеви...*,100. М.Соколовски, *Струмичката нахија...*,181-182.
[223] А.Стојановски, *Дервенџиството...*,283-284.
[224] На „Дервенот“ подоцна Османлиите изградиле стража (караула), во кој сместиле своја стража. На „Тапанот“ пак според преданието стоела селска стража со тапан.,... А.Стојановски, *Дервенџиството...*,284.

покрај другото се спомнува земјиштето кое било во сопственост на манастирот а кое се протегало покрај патот Струмица – Радовиш. Овој опис на земјиштето за нас е од големо занчање, бидејќи со тоа добиваме и податоци како за патниот правец Стумица – Радовиш, така и за распореденоста на селата по патот и нивните имоти како и за имотите на манастирот „Богородица Милостива“ – Елеуса.

*Беше направен и опис на нејзините граници, за да небидат однапред ненарушливи. А тие се следниве: Започнува од месноста која е под градбите на манастирскиот метох Мостеница, и од потокот каде се наоѓа даб, во нехо беше издлабен од нас крст и стана синорен знак; го опфаќацелосно подножјето на ридот, оди на исток, достигнува до „Царскиот Пат“, кој води од Струмица кон Скопје, каде се соединува со слегнувачкиот коларски пат од претходно спомнатиот метох и беше направен од нас синорен знак со слика на ловрово гранче – 10 схојниј*[225]*, ја джи истата насока со патот , разделувајќи ги надесно имотите на метохот, а на лево – ограниченото местого остава патот на лево, ја преминува ниватана манастирот под длабокиот поток, каде што се наоѓа и даб, во кој е издлабен крст – 16 схојнија. Одтаму целосно ја држи истата насока, навлегува во имотите на с.Лесковица (Љасковица), разделувајќи ги овие надесно и налево ограниченото место, оди дури до Ставропигија,*[226] *наречен Самуил, каде се наоѓа голем стар даб – 14 схојнија. Одтаму завива на север оди кон р.Струмица,... преминува редица врби, вклучувајќи ги и внатре во ограниченото (место), пресекува низ долината со грмушки, која се нарекува на месен јазик Лепица, ја преминува р.Струмица и ја држи целосно истата насока, разделувајќи ги надесно имотите на с.Лесковица , а налево ограниченото место, преминува мочулива рекичка, наречена Топлица каде од нас беше направен синорен знак – 23 схојнија. Одново ја држи направо истата насока кон ридот наречен Брезник, над потокот Дрјаново (Дреново), го пресечува патот кој води од Струмица кон Радовисд,*[227]

---

[225] Схојниј (буквален превод: врвца, јаже) мерка за должина, употебувана за мерење на заемја, се нарекувала уште сокарион. Должината на еден схојниј варира од 10 – 12 оргија, една схојнија е еднаква на 40 стадии. Една оргиоја е еднаква на 6 подес.

[226] Ставропигиј се нарекува манастир, којшто е зависен најпрво од цариградскиот патријарх или од архиепископите на афтокефалните цркви. Ставропигиалните манастири не биле подчинети на месните епископи, при изградбата на таков манастир се барало дозвола од патријархот, којшто испраќал специјален документ и крст кој се вградувал во темелите на манастирот. , ГИБИ VII...,91.

[227] Се мисли на денешниод град Радовиш.

*продолжува малку и запира таму, каде што направивме и голем синорен знак со слика на ловрово гранче - 15 схојнија после тоа завива на запад, разделувајќи го надесно споменатиот рид, потокот и имотите на село Лесковица, а на лево ограниченото место, ја држи наполно истата насока преминува низ нивата на лесковчанецот Власиј Зор , каде направивме и синорен знак; одтаму следува и истата насока, разделувајќи ги надесно имотите на соседното с.Дреново од с.Лесковица, а на лево ограниченото место, ја преминува крушата во која беше издлабен од нас крст и таа стана синорен знак , оди право, разграничувајќи на десно имотите на соседната месност Брусница од (имотите) на с.Контарат, а на лево ограниченото место, достигнува до дабот, во кој што беше издлабено крст од нас и стана синорен знак, достигнува до останатите ниски дабови, оставајќи ги десно, а на лево ограниченото (место), преминува низ разклонетиот на два (дела) даб, во којшто беше издлабено крст, минува под нивата на контаратискиот поп Малорад, оставајќи ја на десно, пресекува по средината на две шумички оставајќи ја на десно едната, којшто има различни дабови, а на лево другата, којшто е над патот, кој води кон Радовисд и го остава внатре во ограниченото место. (Границата) достигнува до блиску стоечките различни дабови, оставајќи ги десно, а налево ограниченото место, таму направивме и голем синорен знак; ја држи направо целосно истата насока, разграничувајќи ги имотите на месноста Брусница, а на лево ограниченото место води и завива кон сувиот поток Чеси, којшто слегнува од Брусница, каде што има наблизу даб со наведнати гранки, во кој што беше издлабен крст и голем синорен знак кој беше направен од нас – 46 схојнии одтаму завива на југ, достигнува до стоечките различногранични дабови, оставајќи ги надесно, а имотите на с.Контарат,а на лево ограниченото место; следува целосно истата јужна насока го пресекува патот, којшто води кон с.Радовисд и водата што истекува од иворот Врбица, го преминува сувиот поток на истиот извор Врбица, таму се наоѓа стар разгранет даб и беше направен од нас синорен знак – 15 схојнии.*

*Одново следува, истата јужна посока и се насочува по насока на ридот, наречен на месен јазик В'лковица, и потокот наречен Климентов, разграничувајќи надесно нивите на контаратиците Черњу и Руско, а на лево ограниченото место, достигнува во ред стоечките три врби и тамошниот извор каде што од нас беше направен голем синорен знак и беа издлабени*

*крстови во споменатите врби – 19 схојнии. (Патот) води направо (држејќи до) истата посока, ја приминува р.Струмица, го пресекува „Царскиот Пат“ кој што води кон Скопје, оди и завива низ споменатиот рид В'лковица и одново кон потокот на Климент каде што беше направен синорен знак со слика на ловрово гранче – 15 схојнии, после тоа пак завива на исток ги опфаќа истите планински ридови и води и завршува таму, од каде што и започнал – 23 схојнии. Општо 193 и 1 / 3 схојнија, која што зафаќа земја од 1176 модии.*[228]

Освен овие, постои уште еден значаен пат, за Берово и Владимирово, кој од денешното селото Дабиле се одделува од патот за Петрич, и води преку планината Огражден. Но тој за современ сообраќај е тежок и непогоден пат. Тој имал поголемо стопанско значење во минатото поради тоа што ја сврзуваше Малешевијата со Струмица, односно преку неа — и со Солун. Од чисто внатрешните комуникации во Струмичка околија.

[228] Модиј мерка за зрнеста храна, а исто и мерка за мерење на земјиште, во овој случај станува збор за мерка за површина 1 модиј е еднаков на 839,42 кв.м. или 1 / 12 од хектар. .
.*Гръцки извори за Българската история VII,* София 1968. 90-92.

# *Заклучок*

Многувековното опстојување на Струмица во питомата истоимена котлина опкружена со планините Беласица, Огражден и Еленица, крај богат со хидростатен потенцијал и бујна вегетација овозможувал непрекинет и брз развој независен од примарните потреби за еден опстанок на една поголема концентрација на луѓе, кој во овој крај нашле засолниште и земја која раѓа безмалку се што е потребно за добар живот. Струмичката околија и денес представува една од најгусто населените места во Р.Македонија, таков бил и случајот и во полниот и доцниот среден век, кога се спомнуваат десетица села кој биле расположени во подножјата на околните планини.

Неслучајно овој крај представува неоткинлив дел, една алка од севкупната Балканска традиција и култура, неодминлива попатна станица на дел од најмоќните императори, цареви и попатни трговци, како и добро засолниште за одметнатите властодршци, богатата историја и традиција на овој микро регион беше опфатена во овој труд, кој воедно представува првичен чекор во истражувањето на овој доста значаен крај кој со исклучок на неколкуте дела како и истражувањето на археолошки локалитети кој го опфаќат периодот од 11-14.век не е доволно истражен, можам со сигурност да кажам дека овој труд дава една поинаква слика за Струмица и струмичко, за секојдневниот живот, традиции како и за самиот прогрес заснован на поволната местоположба на Струмица во централно балканските предели, крстопат на многу значајни патни правци.

Градовите во 11-14.век претставувале главни упоришта на власта во овие краишта. Во 11,12 и 13.век градовите имаат сеуште доминантен воен карактер.

Тие се пред се големи тврдини со воени гарнизони во нив, а дури во доцниот 13 и 14.век се здобиле со карактер на цивилни градови, обично не биле само одбранбените ѕидови на тврдината односно под нив се развивала населба (подградие), со пазаришта, занаетчиски квартови и др, таков бил и случајот со Струмица која представувала беспрекорен центар во југоистична Македонија во радиус повеќе од 50км.

Податоци за почетокот на 11.век за Струмица добиваме од Скилица кој претставува главен извор за тоа време. Од тие извори дознаваме дека Струмица ја управувал Драгомуж и дека во нејзината тврдина била концентрирана голем број на војска. Од истиот извор дознаваме дека тој стоел на чело на повеќе тврдини во Струмичко коишто во 1018 година ги предал на Василиј II и добил чин патрициј. За некој од тврдините со кој управувал Драгомуж во струмичката област ги спомнува и Скилица, тој наведува дека во близина на Струмица се наоѓат тврдините Мацукион и Термица, којшто тврдини најверојатно лежеле покрај главниот пат кој од Серез доаѓал за Струмица, првата била освоена во 1014 а втората во 1016 година од страна на Василиј II и најверојатно биле разрушени, односно ја сподeлиле истата судбина како голем број на Балкански тврдини кој предходно припаѓале на Самуиловата држава

За тој систем од тврдини за кој зборува и самиот Скилица, тешко е да се верува дека после 1018 година продолжиле да постојат, најверојатно биле разрушени како и самата Струмица, со една цел да се уништат сите идни упоришта на востаниците на Самуил. Потребата за повторно обновување на тврдините во овој дел на Балканот ќе ја навести императорот Алексиј I Комнен (1081-1118), одкако вистински ќе се соочи со норманската опасност од запад, тоа ќе биде главната причината да се појавата контурите на новите тврдини, во најголем дел изграден на основите на доцноантичките тдини. Таков е примерот со тдината „Цареви Кули"- Струмица , којшто изглед делумно е видлив и денес на самиот локалитет. Поставувајќи си го прашањето дали во тој бран на обновата на тдините којшто ги превзел Алексиј била опфатена и некоја друга тврдина во Струмичко, којшто одговор сигуно не го добиваме од историските извори, како и слабата ахеолошка истраженост на тврдините во струмичко, тешко да можеме тоа да го докажеме само со рекогнисцирањата на околните тврдини.

Стратешки гледано, државата на Самуил представувала систем на поголеми крепости (кастрони) опкружени со поголем број помали тврдини и стражи (фруриони) кои им помагале на првите во одбраната. Големите крепости (кастрони) во следните векови ќе израснат во „вистински" градови, а тоа значи дека покрај самата воена тврдина (акропол, цитадела, горен град) ќе се формира и цивилна населба (подградие, варош, емпориони) со стопански делови. Покрај воената и цивилната власт тука ќе столуваат и црковните старешини, епископите во големите градови и нивните заменици (суфрагани) во помалите кастрони, таков е и примерот со Струмица и струмичко, т.е. тврдината „Цареви Кули" во Струмица и тврдините кој гравитираат околу неа во струмичкиот регион.

Струмица со својата околина била опфатена, како што сведочат изворите во посебан воено-адмистративна единица, на чие чело до 1018 година кога таа била предадена на Василиј II стоел Драгомуж. На струмичкиот управител му биле подчинати сите началници на околните тврдини. Од почетокот на 11.век кога императорот Василиј превзел голема офанива против Самуил, тој пак обрнал специално внимание во одбрана на градот Струмица и неговата област. Покрај утврдувањето на градот и околните тврдини тој изградил прегради по патиштата, распоредувајки исто така на овој терен и големи воени сили, причина поради која Самуил и давал големо значање на Струмичката околија бил фактот што од кај реката Струма Василиј почнал по обичај „секоја година" да навлегува во Централна Македонија по „царскиот пат" кој водел по текот на р.Струмица. На еден начин поради немоќта на Самуил да се соочи во дирекна борба со Василиј II, тој почнал да практикува на еден начин герилска војна, како и напади на византиската војска во опсади кој биле правени со праегради на самите патиштата.

По паѓањето на Струмица, не поминало многу време, Византија ја подчинала цела Македонија, затоа со право некој научници сметат дека во Струмица всушност дошло до капитулација на Самуиловата држава. Уште пред да ја напушти Македонија императорот Василиј наредил во оваа земја да се разрушат сите тврдини и градови кои можеле повторно да постанат средиште на отпор против виантиската власт, оваа судбина ги снашла поголем број на тврдини во Македонија. Во оние што ги оставил, известува Јахја Антиохиски,

Василиј назначил „управители од ромеите“. На овие управници тој им доделил и големи воени сили со што насекаде воспоставил трајна и стабилна власт.

Струмичкиот крај исто така бил погоден од таквата политика на Василиј и овде биле разурнати до темел сите околни тврдини на Струмица. Од расположените ивори податоци не може да се види дали тогаш биле раурнати и ѕидините на градот Струмица, како што бил случајот со Охрид и другите градови во Македонија.

Алексиј I Комнен доста се погрижил за одбраната на тврдината, тој во неа сконцентрирал голема војска и голем број на воено-адмистративен апарат. За тоа говорат и податоците од документите на манастирите од Атос, во нив се наведува дека кон крајот на 11.век на струмичкиот терен била сконцентрирана голема војска, дуксови, катепани, стратези, судии, надгледувачи, описувачи и голем број на други воени и цивилни лица, која го вознемирувала и самиот манастир во Велјуса. Како резултат на таквата сестрана ангажираност, Византија успеала до крајот на 11.век да ја зајакне Струмица и на тој начин градот пак израснал во значаен воено-стратегиски и управен центар и главно упориште на виантиската власт во овој дел на Македонија

Во неа се наоѓал властелинскиот утврден дворец (Цареви Кули), и во непосредна близина со дворецот, во подградието, со ѕидини опколениот град. На самиот врв на ридот кој доминира над околината се наоѓа властелинскиот дворец (со кој управувале, секој во свое време, Драгомуж, властелинот Добромир Хрс, Стрес, Деспот Слав, протосевастот Хреља и Константин Драгаш.

Освен користењето на доцноантичките тврдини, односно со нивното реконструирање или со делумни поправки, во средновековието сепак се градело но не со тој интензитет и квалитет, сепак самиот период си носи свои обележија во начинот на градење, дали автохтони или под влијание на соседните региони. За обемот на градителските потфати доста причини одиграле свој пресуден фактор, знаејќи дека главната работничка сила биле војниците, можеме само да претпоставуваме колку голема ќе биде разликата во бројноста на подигнување на нови тврдини или обновување на старите, во рановизантискиот период 5-6.век и во полниот среден век 11-14.век, знаејќи дека во 5-6.век опстојувала моќната Византија која имала стотина илјади активна војска, а во 11-14.век на Балканот се појавуваат поголем број на

помали царства, кралства или кнежества кој по обем и моќ доста ќе заостануваат, а нивните војски биле далеку помалобројни од византиската.

Според резултатите на досегашните мои истражувања во врска со фортификациите во струмичкиот регион, можеме со голема сигурност да кажеме дека по обновувањето на тврдината „Цареви Кули“ во времето на Алескиј I Комнен оваа тврдина била единствената, иако неможеме да ја исклучиме веројатноста дека постоеле некој пунктови во кој имало концентрирано војска, чија цел била да ги контролираат сите три влеза во струмичкото поле, но тешко е да поверуваме дека во тој динамичен период на постојани превртиi и постоено менување на различни управители со Струмица и струмичко како и постојаното одметнување на голем број на властодршци кој како управен центар ја земале Струмица, дека би можело да поверуваме дека од крајот на 12 па се до 14.век би имало некој поголеми градителски активности. Стојам на ставот дека во тој период Струмица со својата тешко пристапна тврдина и утврденото предградие во кое живеало цивилното население, која што тврдина исто така во немирни времиња била и збег за луѓето од блиската околина, а најверојатно била единственото засолниште односно место на кое било концентрирана сета моќ во овој регион, што не е случај со периодот на Самуил каде се спомнува систем на тврдини во една не многу голема област.

Со моите истражувања на Струмица и струмичко дојдов до неколку доста интересни податоци во врска со концентрацијата на населбите како и нивниот број во периодот од 11 до 14 век. Според достапните историски извори дознаваме за имињата на поголем број на села кој биле распоредени по подножјата на околните планини. Така на пример во 12.век кој делумно за овој крај бил доста мирен и во знакот на Комненовата династија, сите села што се спомнати се наоѓат во северозападниот дел на струмичката котлина, односно покрај имотите и земјиштето на манастирон св. Богородица Елеуса, во правец на Струмица – Радовиш од двете страни на планината Еленица. Со тоа можеме да кажеме дека значењето и моќта на манастирот била доста голема и поради тоа луѓето се концентрирале во овој крај барајќи на еден начин заштита која им ја нудел самиот манастир. За да во бурниот 13.век во струмичко се спомнува само едно село а тоа е Брезница кое најверојатно се наоѓало длабоко во планината Огражден на доста недостапно место, воедно самото село представувало збег – рефугиум. Додека во 14.век во врска со дарувањето на

имотите на светогорските манастири, се спомнуваат голем број на села и тоа дваесетина на број, распоредени под падините на сите планини, со поголема концентрација под планината Беласица.

Другата половина од овој труд ја опфаќа патната мрежа. Струмица како значаен средновековен град го завзема централниот дел на Балканот, град низ кој минувале значајни патни артерии, кој воедно му овозможувале голем и брз развој низ средновековниот период. На скоро еднакво растојание од главните балкански центри била причината Струмица секогаш да се наоѓа во периферните на средновековните балкански држави. Својот развој Струмица го овозможувала поради нејзината непосредна близина до вториот по големина и значење центар на Балканот градот Солун, од каде воедно го црпела секое ново искуств, секој нов напредок, секоја нова промена која дирекно влијаела и на самиот развој на гадот.

За утврдување на патните траси низ каде точно попминувале во средновековието се послужив со локацијата на дервенциските села кој секокаш лежеле покрај значајните патни артерии, воедно примарната нивна функција била да ги обезбедуваат патиштата. Во 1519 година како дервенциски села во пописниот дефтер во струмичко и блискиот регион се регистрирани следниве села: Костурино, Липовик, Фурка, Превалец, Тонотарци, додека во 1592 година како такви се регистрирани селата Тонотарци, Превалец и Ново Село. Поранешните дервенциски села биле вклучени во новоформираните нахии, Костурино и Фурка во Бојмија а с.Липовик во нахијата Конче. Населението во сите дервенциски села било чисто христијанско со исклучок на с.Тонотарци каде во 1572 година е регистриран еден муслиманин. За вршење на дервенциската служба, жителите на одделни населби што се наоѓале најчесто во близина на некои клисури, тешко преодни и опасни места добивале султански документ, наречен „берат" во кој се дава образложение зошто населението на селото се ополнумоштува за вршење на дервенциската служба и во што се состои истата.

Струмица како значаен патен јазол имала и три основни излеза, на југ преку Валандово-Дојран-Кукуш за Солун; на север преку Конче (подоцна Радовиш) и Штип за Скопје (односно Вардарско-Моравската долина и на исток по р.Струмица-Петрич-Мелник за Серез и Цариград, овој пат уште бил нарекуван

„Серски пат“. Овие три значајни патни правци посебно беа обработени во овој труд.

Од друга страна, централната положба на струмичката област во Балканскиот Полуостров, која условува таа да биде скоро подеднакво одалечена од државните центри на средновековните држави Византија, Бугарија и Србија, се одразила и врз нејзината политичка историја. Во таа смисла се забележуваат две појави: Струмичката област бидејќи најчесто била периферна област во составот на споменативе три балкански држави, често ги менувала политичките господари, поради тоа таа била изложена на политичка нестабилност, отколу што тоа било случајот со многу други македонски краишта. Друга појава се состоела во тоа што овие чести политички промени, од своја страна давале можност да дојдат до израз и стремежите на некои локални феудалци за државно-политичка независност и самостојност. Затоа токму во оваа област биле создадени полунезависни феудални кнежества на Добромир Хриз, Добромир Стрез, Хрелја и браќата Дејанови.

# Литература:


*Археолошка карта на Република Македонија II,* МАНУ Музеј на Македонија-археолошки оддел, Скопје 1996. 400-416.

Атанасова.М. „Духовната традиција на Тивериопол", *Завод за заштита на спомениците на културата у музај Струмица,* Струмица 2003.

Атанасовски А, *Македонија во XIV век*, Тетово 2009.

Аџиевски,К. "Деспот Алексиј Слав – самостоен феудален владетел во Македонија", *Годишен Зборник на ФФ во Скопје*, 29-1977, 77-92.

Аџиевски,К. *Пелагонија во средниод век ( од доаѓањето на словените до паѓањето под турска власт),* Скопје 1994.

Божилов И, Асеневци (1186-1460), София 1985, 77-92.

Васиħ .М., *Мартолоси у југословенским земљама под турском влашћу*, Сарајево 1967.

*Византиски извори за историју народа Југославије,* Београд, Том IV (1971), VI (1986). (ВИИНЈ).

*Гръцки извори за Българската история VII,* София 1968.

*Гръцки извори за Българската история VIII*, София 1972.

*Грьцки извори за Българската история X*, София 1980.

Данчева.А-Василева, *България и латинската империя (1204-1261),* София 1985.

Дероко.А, *Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији,* Београд 1950.

Живојиновић.М, "Драгаши и Света Гора", *Зборник радова Византиолошког института XLIII,* Београд 2006. 41-57.

Златарски.В, *История на българската държава през средните векове. Том I. История на Първото българско царство. Част II. От славянизацията на държавата до падането на Първото царство (852—1018),* София 1927.

Златарски.В, *История на българската държава през средните векове. Том II. България под византийско владичество (1018—1187),* София 1934.

Златарски.В, *История на българската държава през средните векове. Том III. Второ българско царство. България при Асеневци (1187—1280),* София 1940.

Иванов.Ѓ, *Моноспитовско Блато - последното мочуриште во Македонија*, Струмица 2008.

Иванов.Й, *Северна Македония. Исторически издирвания*, София 1906.

*Историја Српског Народа I,* Београд 1981.

Йотова.В, *Въоръжението и снаряжението од българското средновековие (VII-XI век)*, Варна 2004.

*Македония – Сбоник от документи и материали*, БАН Институт за история Институт за български език, София 1978.

Манева.Е, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје 1992,

Матанов.Х, *Възникване и облик на Кюстендилския санджак (XV-XVI век),* София 2000

Матанов.Х, Средновековните Балкани – исторически очерци, София 2002.

Матанов. Х., *Югозападните български земи през XIV век,* София 1986.

Микулчиќ.И, *Антички градови во Македонија,* Скопје 1999.

Микулчиќ. И, *Средновековни градови и тврдини во Македонија,* Скопје 1996.

Микулчиќ. И, *Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982.

Миљковиќ.П, *Велјуса-манастир св.Богородица Милостива во с.Велјуса крај Струмица,* Скопје 1981.

Мутафчиев.П., Владетелите на Просек, *„Изток и Запад в европейското Средновековие Избрано„* София 1993.

Острогорски .Ѓ*, Историја Византије*, Београд 1998.

Острогорски. Ѓ, *Серска област после Душанове смрти*, Београд 1965.

Овчаров. Д., *Византийски и български крепости 5-10.век*, София 1982.

Овчаров. Н, *История археология на Вардарска Македония през XIV в*., София 1996.

Панов. Б., *средновековна Македонија том 3,* Скопје1985.

Панов.Б, “Самостојни феудални владетели на Просек“: *Историја на македонскиод народ том 1*, Скопје 1969.

Панов. Б., „Струмичката област во времето на Самоил“, *Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје 1971, 149-168.

Петров.П.Хр, *Научна експедиция в Македония и Поморавието- 1916 г.*, София 1993г.

Рајичиќ. М, “Севастократор Дејан“, *Историски гласник,* 3-4 1953, 11-28.

Рујак.З, *На патот на предците*, Струмица 2008.

Соколовски.М, *Струмичката нахија во 14.век, Акта Велјуса-ООЗТ филозофски факултет*, Скопје 1984. 180-183.

Стефоска.И, *Струмица и Струмичко во средниот век (6-14.век*), Скопје 2007. (докторска дисертација, сеуште необјавена)

Стоев.Ѓ и Пандевски.М., *Струмица и струмичко низ историјата*, Струмица 1969.

Стојановски. А, *Дервенџиството во Македонија*, Скопје 1974.

Сувајџић.Б., „Епске песме о хајдуцима и ускоцима“, *Српске народне умотворине књига 5*, Београд 2003, 467 стр.

Цветкова.Б, *Френски пътеписи за Балканите, XIX в.* София 1981.

Цуњак.М, *„Средњовековни предмети од гвожђа са територије подунавског и браничевског округа*“, Смедерево 2001.

Шкриванић. Г, *Путеви у средњовековној Србији*, Београд 1974.



Сл.1 - Св.Леонтиј - Водоча



Сл.2 - Богородица Милостива Елеуса с.Велјуса




Сл.3- Тврдината „Цареви Кули" – Струмица (измерена од Иван Микулчиќ)



Сл.4 -„Цареви Кули" аеро фотографија



Сл.5 - „Цареви Кули“ аеро фотографија



Сл.6 -„Цареви Кули“ аеро фотографија



Сл.7 -„Цареви Кули“ панорамска фотографија



Сл.8 - Дел од бедемот откриен со археолошки истражувања (Цареви Кули)



Сл.9 - Дел од бедемот откриен со археолошки истражувања (Цареви Кули)



Сл.10 -Дел од бедемот откриен со археолошки истражувања (Цареви Кули)



Сл.11 - Начин на ѕидање на одбранбениот бедем локалитет „Цареви Кули“

(изработил м-р Зоран Рујак)



Сл.12 - Јужниот влез на тврдината (снимка направене во 20те години на 20.век)



Сл.13 - Југозападната кула на „Цареви Кули“



Сл.14 - Југозападната кула на „Цареви Кули“




Сл.15 - Цртеж на основата на локалитетот „Цареви Кули“



Сл.16 - Средновековна црква на „Цареви Кули“ 12-13.век





Сл.17 - Крст (енколпион) со претстава на Ѓакон и натпис Св.Ѓорѓи 12.век





Сл.18 - Фрескоживопис од црквата на „Цареви Кули“ (истражувања 2007 и 2008 година)



Сл.19 - Остатоци од фурна, када и одводен канал од средновековна куќа 13.век



Сл.20 - Цистерна за вода на „Цареви Кули"



Сл.21 - Пирг кула „Цареви Кули“




Сл.22 - Пирг кула „Цареви кули“ Напречен пресек

(измерена од Иван Микулчиќ)



Сл.23 - Внатрешноста на Пирг кулата



Сл.24 - Цистената во Пирг кулата







Сл. 25,26,27 - Тврдина Термица- с.Банско струмичко



Сл.28 - Тврдина Термица- с.Банско струмичко (акропол и предградие)





Сл.29,30 - Дел од бедемот на тврдината Термица- с.Банско струмичко



Сл.31,32 - Дел од бедемот на тврдината Термица- с.Банско струмичко


Сл.33 – Дел од одбранбениот ѕид на акрополот на тврдината Термица



Сл.34 –Моменталната ситуација на акрополот на тврдината Термица

(уништен од модерниот шумски пат)



Сл.35 - Поглед на твдината „Цареви Кули“ од тврдината Термица








Сл.36,37,38 -Тврдина Василица (сРаборци-с.Костурино струмичко)

1.Тврдината Василица измерена од Иван Микулчиќ

2.Поглед на тврдината Василица од југ    3..Поглед од север



Сл.39 - Акрополот на тврдината Василица




Сл.40 - Тераса под акрополот на тврдината Василица







1. Сл.41 - дел од одбранбениот бедем на Василица
2. Сл.42 - поглед на патниот правец Штип-Струмица северозападно од тврдината Василица
3. Сл.43 - поглед на патниот правец Струмица-Солун јужно од тврдината Василица



Сл.45 - Пирг кулата на тврдината Мацукион (с..Мокриево струмичко)



Сл.46 - Пирг кулата на тврдината Мацукион (с..Мокриево струмичко)







Сл 47,48 и 49 - Остатоци од старата патна траса Струмица- Солун







Сл.50,51 и 52 - Остатоци од старата патна траса Струмица- Солун









Сл.53,54,55 и 56 - Остатоци од старата патна траса Струмица - Солун










Сл.57,58,59 и 60 – Остатоци од старата патна траса Струмица- Солун



Сл.61 - Остатоци од старата патна траса Струмица- Солун



Сл.62 - Остатоци од старата патна траса Струмица- Солун



Сл.63 - Луксузна византиска глеќосана керамика 12-13.век (лок. Цареви Кули)



Сл.64 - Луксузна византиска глеќосана керамика 12-13.век (лок. Цареви Кули)

 





Сл.65,66,67 и 68 – луксузан и складишна средновековна керамика

локалитет „Цареви Кули“







Сл.69,70 и 71 – средновековно оружије (копје, нож и стрелка со тулец)

(локалитет „Царевил Кули“)





Сл.72 и 73 – средновековни лентесни белегзии

(локалитет „Цареви Кули“)







Сл.74,75 и 76 - Средновековен накит од локалитет „Цареви Кули“



Сл.77 – Латински – бугарски имитации (лок. „Цареви Кули“)



Сл.78 - Иван II Асен (1218-1241) (лок.„Цареви Кули“)





Сл.79 – Венециски грош (лок. „Цареви Кули“)





Сл.80 – Михаил VIII Палеолог (1259-1282) Сл.81- Стефан Урош II Милутин (1282-1321)



Сл.81 - Депоа на византиски и венециски монети од локалитетот „Цареви Кули“

Карта – бр. 1


Штип-Скопје
Малешевија
Палеокастро
(Вељуса)
Св.Богородица - Елеуса
Градиште
(Дрвош)
Св.Леонтиј
(Водоча)
Струмица
(Цареви Кули)
Св.Богородица?
Св.15 Тивериополски
Маченици
Штип-Скопје
Василица?
(Раборци-Костурино)
Моноспитовско
Блато
Св.40 Севастиски
Маченици
Сер
Солун
Термица?
(Банско)
Мацукион?
(Мокриево)
Марково Кале
(Старо Коњарево)
Тврдина
Црква
Главен пат
Спореден пат

Карта – бр.2


Штип-Скопје
Радовиш
Тонотарци
Тиквеш
Штип-Скопје
Малешевија
Липовик
Превалец?
Конче
Демир Капија
Превалец?
Струмица
Ново Село
Моноспитовско
Блато
Просек
Сер
Костурино
Фурка
Дојран
Солун
Регионални центри
Дервенциски села
Главен пат
Спореден пат

Карта – бр. 3




Регионални центри    Попатни тврдини